УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ И АРХЕОЛОГИЈА

БИБЛИОТЕКА
Инв. бр.
СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА

# Доцноантичка грнчарија во Република Македонија

## (доцен 3-ти / 6-ти век)

докторска дисертација

**(лекторирала Проф. д-р Маргарита Велевска)**

**ментор** — **д-р Иван Микулчиќ**

**изработила** — **м-р Марина Ончевска Тодоровска**

**Скопје 2008**

# СОДРЖИНА

**I. Вовед------------------------------------------------------------ 5**

1. Историјат на истражувања на доцноантичката грнчарија во Република Македонија------------------------------------------- 7
    1. Времетраење на истражувањата
    2. Што е до сега истражено
2. Однос на поранешните истражувачи кон оваа проблематика 9
3. Обем и граници на нашите истражувања-------------------------- 11
    1. Просторни граници
    2. Временски граници
4. Можности за нови истражувања-------------------------------------- 12
5. Критички осврт на досега објавени трудови--------------------- 12

**II. Историски осврт на доцната антика во Република Македонија (доцен 3-ти / 6-ти век)----------------------------------- 14**

1. Историски настани на среден Балкан во доцната антика------- 14
2. Доцен 3-ти век---------------------------------------------------------- 17
3. Случувањата во 4-ти век и инвазија на Готите------------------- 18
4. Времето на Теодосиј I и II и Хуните / 5-ти век -------------------- 20
5. Нови народи во 6-ти век (Словени, Авари, Бугари, Кутригури)----------------------------------------------------------------- 22

**III. Истражувани доцноантички населбински слоеви и гробни целини со доцноантичка грнчарија--------------------------------- 25**

1. Стоби, Градско------------------------------------------------------------ 26
2. Битолски регион--------------------------------------------------------- 28
    - Хераклеја Линкестис
3. Скопски регион---------------------------------------------------------- 29
    - Скупи
    - Скопска Црна Гора
        - Градиште-Беговиште, с. Кучевиште
        - Град, с. Кучевиште
    - Маркови Кули, Водно
    - Градиште, с. Таор
4. Валандовски регион------------------------------------------------------ 34
    - Стакина чешма, Валандово
    - Исар, с. Марвинци

5. Охридски регион---------------------------------------------------------- 36

- Св. Еразмо, Охрид
- Горни Сарај, Охрид

6. Прилепски регион------------------------------------------------------------ 38
- Пештерица, с. Ореовец
- Задна Река, с. Витолиште
- Градиште, с. Дебреште
- неколку други доцноантички локалитети во прилепско

7. Штипски регион------------------------------------------------------------ 40
- Баргала, с. Козјак
- Крушка-Варница, с. Стар Караорман

8. Струмички регион------------------------------------------------------------ 42
- Орта Џамија, Струмица

9. Кичевски регион------------------------------------------------------------ 43
- Кржалица, с. Карбуница

10. Преспански регион------------------------------------------------------------ 43
- остров Голем Град
- Претор

11. Тиквешки регион------------------------------------------------------------ 44
- Манастир, Демир Капија
- Црквиште, Демир Капија
- Градиште, Чаир Рид, с. Тремник
- Мотичански Дол. с. Дреново

12. Делчевски регион------------------------------------------------------------ 46
- Чифлик, с. Драмче

13. Кумановски регион------------------------------------------------------------ 46
- Градиште, с. Пчиња
- Дрезга, с. Лопате

14. Тетовски регион------------------------------------------------------------ 47
- Градиште, с. Стенче

15. Кочански регион------------------------------------------------------------ 48
- Касарнски Круг, Кочани

16. Дојрански регион------------------------------------------------------------ 49
- Манастир, Дојран

17. Кратовски регион------------------------------------------------------------ 49
- Големо Градиште, с. Коњух

**IV. Бројна застапеност на одделни категории и типови доцноантичка грнчарија во Република Македонија------------ 50**

**V. Типологија на грнчаријата------------------------------------------------ 51**

1. Доцноримска црвенопечена грнчарија------------------------------ 51
2. Македонска сива грнчарија------------------------------------------ 57
3. Глеѓосана грнчарија------------------------------------------------ 62

4. Локална грнчарија------------------------------------------------- 68
   1. Грнчарија со премаз---------------------------------------------- 68
   2. Мазнета грнчарија------------------------------------------------ 72
   3. Едноставна грнчарија без премаз--------------------------------- 73
5. Амфори---------------------------------------------------------------- 82
6. Христијанска симболика на грнчаријата од доцната антика-- 86

**VI. Хронолошки рамки на одделни категории на доцноантичката грнчарија------------------------------------------ 94**
1. Врска со контекстите на станбените слоеви и гробни целини 94
2. Датирање според аналогии во соседни земји---------------------- 99

**VII. Заклучни согледувања------------------------------------------------ 102**

**VIII. Каталог на проверени грнчарски наоди од доцната антика во Република Македонија (доцен 3-ти / 6-ти век)---------------- 113**

**IX. Литература------------------------------------------------------------ 174**

**X. Техничка документација**------------------------------------------ 185
1. Табли со илустрации------------------------------------------------- 185
2. Табли со планови на локалитети--------------------------------------- 257

# Вовед

Грнчаријата е најприсутниот движен наод на археолошките наоѓалишта. Анализите на естетските, употребните и технолошките промени, кои грнчаријата ги претрпува во текот на времето, придонесуваат за верификацијата на историските промени во општеството.

Промените на обликот на садовите, техниката на изработка, декорирањето, големината, бројната застапеност на одреден вид садови, укажуваат на различни потреби за нив, во неколкуте векови од периодот на доцната антика.

Проучувањето на доцноантичката грнчарија на тлото на Република Македонија е изведено од анализите на селектиран материјал од многу локалитети. Дел од материјалот е објавен во разни стручни списанија и научни трудови, а дел од него го доживува своето прво објавување[1]. Типолошката анализа, веќе изведена на материјалот од големите антички градови, е основната поставеност на проучувањето на вкупниот материјал во оваа студија. Увезениот, луксузен материјал е изработен според светски прифатените типолошки разврстувања, а локалната продукција е вклучена во установените типови и подтипови на материјалот од локалитетот Скупи, која е проширена со анализите направени на материјалот од локалитетот Стоби.

Изведувањето на класификацијата и типологијата на материјалот е вршено со анализи на сигурно утврдени објекти, некрополи, културни слоеви и нивоа, што е предуслов за нивно точно временско определување. Дел од материјалот потекнува од локалитети каде ги нема овие предуслови. Ваквите случаи се разрешувани со помош на аналогии на садови од локалитети од соседни подрачја, каде такви типови садови се со сигурност одредени.

Соединувајќи ги констатациите за секој од типовите садови се донесоа конечните согледувања за грнчаријата во доцноантичкиот период на територијата на Република Македонија.

Од големата керамичка продукција на тлото на Република Македонија во периодот на доцната антика во овој труд опфатени се грнчарските производи, додека останатите керамички производи, градежната керамика и култната пластика, како на пример виничките икони, се изоставени, заради припадноста на друг тип археолошки материјал.

# Методолошки пристап

Проучувањето на грнчаријата од овој период подразбира класификација на материјалот и негова типолошка анализа. Класификацијата се однесува на препознавање на особините на грнчаријата и соодветно подредување. Разделувањето на садовите во грнчарски типови е изведено со соединување на повеќе карактериситки, врз основа на формата, изработката, техниката, стилот.

---

[1] Се заблагодарам на колегите кои ми отстапија грнчарски материјал од локалитетите кадешто тие се истражувачи: Паско Кузман, Горни Сарај, Охрид; Веле Цветковски, Градиште, с. Стенче, Тетово; д-р Керолајн Снајвли и д-р Вирџинија Андерсон Стојановиќ, Големо Градиште, с. Коњух, Кратово; м-р Љубинка Џидрова, Хераклеја, Битола; Мила Шурбановска, Исар - Марвинци, Валандово; м-р Киро Ристов, Градиште, с.Таор, Скопје.

Усвоениот метод на работа се базира врз визуелниот метод на анализа, селекција, класификација и типологизација на материјалот. Физичките и хемиските анализи не се предмет на овие анализи[2]. Сепак, усвојувањето на принципите и метод на работа, застапен како и во соседните земји, дава големи можност работата добро да се изведе.

Во оваа студија прифатен е системот *тип - варијанта*, со кој се обединуваат хронолошките, културолошките и технолошките критериуми за целосна обработка на грнчаријата.

---

[2] Светските методи кои даваат поголеми сознанија при обработката на грнчаријата за нас сеуште се недостапни. Сметаме дека можноста за употреба на вакви методи во иднина би ја потврдиле обработката на грнчаријата во оваа студија.

# 1. Историјат на истражувања на доцноантичката грнчарија во Република Македонија

## 1. 1. Времетраење на истражувањата

Археолошките теренски истражувања на територијата на Република Македонија се започнати во периодот меѓу двете светски војни. Тоа се ретки истражувања, воглавно изведени на нашите поголеми локалитети, од кои се добиени првите сознанија за нив. Во следните децении, на дел од нив, ископувањата се проширени во систематски истражувања. При тоа, првите истражувачи не обрнале целосно внимание на движниот материјал, што ја вклучува и грнчаријата, која е најбројниот движен материјал на локалитетите.

Бидејќи доцноантичкиот културен хоризонт речиси редовно се среќава како дел од римските локалитети, многу често интересот на истражувачите бил свртен кон порепрезентативниот материјал од ранoримскиот период.

Во последните децении односот на истражувачите кон доцноантичкиот период е значително сменет и како резултат на таквиот однос, објавени се повеќе трудови. Тие се од огромно значење за проучувањето на доцната антика воопшто, бидејќи тема на поголемите студии кои го третираат овој период е градителството, градителскиот материјал врзан за него, движниот материјал и историските прилики[3].

## 1. 2. Што е досега истражено

Прегледот на досега анализираниот грнчарски материјал од доцноантичкиот период кај нас е доста разновиден, во однос на својата обемност и научна презентација.

Првите археолошки истражувања се изведувани на поголемите локалитети, познати во науката од пишаните извори. Тоа се однесува на неколкуте антички градови во Република Македонија, кои се издвојуваат со големината и значењето за науката. Проучувањата на овие антички градови целосно ги преокупирале истражувачите, така што археолошката наука во Република Македонија била усмерена на проучување на тие историски периоди на наша територија.

Како прв истражувач на периодот на доцната антика кај нас, д-р И. Микулчиќ, со своите проучувања до денес, ја сместува доцната антика на вистинското место во археолошката наука и е заслужен за составување на долгиот список на локалитети од овој период. Во проучувањата на периодот на доцната антика особено се истакнуваат истражувањата на д-р В. Лилчиќ, кој воведува низа нови локалитети на списокот на доцноантички наоѓалишта во Република Македонија и ги усмерува проучувањата кон сферата на градителството[4].

---

[3] И.Микулчиќ 1999; Истиот 1999 6; В.Лилчиќ 2003; и нивни останати дела за оваа проблематика.
[4] Археолошка карта на Република Македонија, том 1 и 2, Скопје 1996.

Хераклеја е нашиот прв антички локалитет, чиј грнчарски материјал беше научно обработен  и презентиран во студијата на д-р Е. Манева[5]. Тој опфаќа материјал од хеленистичкиот и римскиот период и завршува со доцноантички. Д-р Манева е автор и на повеќе други текстови во кои ги презентира сознанијата за грнчаријата и други грнчарски производи од периодот на доцната антика.

Од Стоби, како најистражен локалитет кај нас, произлезе студијата на д-р В. Андерсон - Стојановиќ[6], во која хеленистичкиот, римскиот и доцноантичкиот материјал е типолошки обработен според светски признатите класификации на грнчаријата. Оваа студија претставува основа за проучувањата на грнчаријата од доцноантичкиот период. Неколкуте последователни проучувања на одделен грнчарски материјал од некрополите на градот Стоби, од следни проучувачи, исто така се базираат на огромните вредности на оваа студија.

Од Скупи, римскиот град со највисок административен статус во Р. Македонија, после дологогодишните истражувања на објекти од доцноантички период, произлезе студијата на м-р М. Ончевска-Тодоровска[7], во која е презентирана типолошката обработка на доцноантичкиот материјал од градот. Од скопскиот регион, за дел од материјалот од Скупи имаат пишувано Д. Кораќевиќ и Л. Јованова[8]. Анализите на грнчарскиот материјал се надополнуваат и со сознанијата од неколку доцноантички локалитети од Скопска Црна Гора, презентирани од д-р Н. Чаусидис[9].

Долгогодишниот проучувач на античката и средновековната археологија кај нас, д-р И. Микулчиќ во своите студии за овие периоди, како и во многу други текстови, ја обработува грнчаријата од повеќе локалитети[10]. Овие исцрпни анализи се научно поткрепени врз сознанија од светски истражувачи на оваа тематика. Значајни се анализите на градот Стоби и движниот материјал од Источната некропола во Скупи. За нашето проучување важни се и анализите и на материјалот од скопскиот локалитет Маркови Кули на планината Водно.

Д-р В. Битракова-Грозданова во многу трудови обработува грнчарски материјал од хеленистички и римски период од повеќе локалитети[11]. За нашите анализи значајни се истражувањата од охридско - преспанскиот крај.

Охридскиот регион е презентиран и преку некои анализи на долгогодишните истаржувачи В. Маленко и П. Кузман[12].

Од локалитетот Исар, с. Марвинци, В. Соколовска во студијата за локалитетот одделува поголем простор за анализите на грнчарскиот материјал од разните периоди на градот и преку анализите на разновиден движен материјал дава значаен придонес за македонската археолошка наука[13].

Дел од грнчаријата од локалитетот Дрезга, с. Лопате, во кумановскиот крај е презентиран од д-р Е. Петрова и м-р Ѕ. Николовски[14].

---

[5] Е. Манева 1979; Истата 1988; Истата 1989а; Истата 1989б
[6] V.Anderson Stojanovic 1992
[7] М.Ончевска Тодоровска 2004
[8] Д.Кораќевиќ 2002 ; Л.Јованова, Д.Михаилова 1999
[9] Н.Чаусидис 1989
[10] И.Микулчиќ 1974 ; Истиот 1999; Истиот 1973; И.Микулчиќ, Н.Никуљска 1983
[11] В.Битракова Грозданова 1988а, Истата 1988б; Истата 1989а
[12] В. Маленко 1976, 219-236.; Истиот 1977, 125-141
[13] В.Соколовска 1986
[14] Е.Петрова 1987; Ѕ. Николовски 1999

Прилепскиот регион, во кој се лоцирани повеќе наоѓалишта од доцната антика, опфатен е во текстовите на неколку проучувачи: Л. и К. Кепески, како и Б. Бабиќ[15].

Материјалот од битолскиот регион, каде посебно место завзема локалитетот Хераклеја, покрај спомнатите проучувања на д-р. Е. Манева, е истражуван и од д-р Т. Јанакиевски, особено доцноантичкиот, како и парцијално од П. Србиновски[16].

Валандовскиот регион е застапен со анализите на грнчаријата на истражувачот М. Шурбаноска[17].

Штипскиот регион е застапен во долгогодишните истражувања на Ѕ. Белдедовски[18].

Струмичкиот регион е претставен преку анализите направени од М. Атанасова на повеќеслојниот локалитет Орта џамија во Струмица[19].

Кочанскиот регион го истражува со одделни погребувања И. Анастасовска на некропола сместена во градот[20].

Дојранскиот регион е застапен со анализи на гробни наоди од римскиот период изведени од Е.Сламков и Ѓ.Гушев[21].

## 2. Однос на поранешните истражувачи кон оваа проблематика

Истражувањата од областа на грнчаријата во Република Македонија присутни се во последните три децении, но само од одделни проучувачи на археолошките локалитети. Неколку студии од нив имаат карактер на стручни и научно презентирани текстови. Останатите само го евидентираат грнчарскиот материјал, како присутен наод на археолошките наоѓалишта. Генерално земено, грнчаријата воглавно го има истиот однос како и останатите видови движен материјал. Тоа се, всушност, одделни анализи на материјал од локалитети, кадешто од слоевите на објектите или од некрополите произлегува грнчарскиот материјал.

При првите археолошки теренски истражувања во Република Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, не бил покажан никаков интерес за обработка на грнчарскиот материјал. По основањето на првите македонски институции, задолжени за изведба на археолошки истражувања, се јавуваат први обиди за ваков вид анализа. Дури, со објавувањето на научната обработка на материјал од античките градови Хераклеја, Стоби и Скупи, македонската археологија ги воспостави вистинските рамки за решавање на оваа проблематика. Во следните појавувања на грнчарски материјал во стручни текстови, од одредени истражувачи има сериозни обиди грнчарскиот материјал при претставувањето да биде поткрепен со анализи во однос на типолошката

[15] К.Кепески 1976, 143-156.; Б. Бабиќ 1979, 251-262
[16] Т. Јанакиевски 2001
[17] М.Шурбаноска 1993, 171-182; Истата 1999, 251-260
[18] Ѕ. Белдедовски 1989, 225-230
[19] М.Атанасова 1999, 325-331
[20] И.Атанасова 2005, 211-222
[21] Е.Сламков, Ѓ.Гушев 2005

припадност, или поретко, осврнувајќи се на аналогиите направени во однос на соседните региони.

Досегашните согледувања покажуваат дека од античките градови во Република Македонија, каде теренските истражувања со децении се одвиваат систематски, само од неколку од нив е изработена стручна обработка на грнчарскиот материјал.

Неколкуте поголеми студии од главните археолошки наоѓалишта кај нас претставуваат големо научно достигање на полето на грнчаријата. Тие не се само основа, туку показател во кој правец треба да се одвиваат натамошните анализи на оваа материја. Типолошката обработка на грнчарскиот материјал од затворени целини и дефинирани и датирани слоеви, со помош на нумизматички материјал, поткрепени со анализите врзани за аналогиите од соседните региони и историските случувања, се достигања значајни за археологијата во Република Македонија.

Многуте останати значајни текстови од повеќемина автори, кои, иако се однесуваат на малуброен грнчарски материјал, пружаат сознанија за видот и застапеноста на одделни типови гранчарија за разни делови од територијата на Република Македонија. Сите овие проучувања, земени во целина, овозможуваат да се создаде подетална претстава за доцноантичката грнчарија кај нас.

Третманот на грнчаријата од многу наоѓалишта сеуште го има истиот однос како кон сите останати движни наоди. Тој е сведен на археолошко документирање во музејските збирки.

Крајниот впечаток е дека и покрај генералното површно проучување, благодарејќи на неколкуте научни студии од поголемите македонски наоѓалишта, грнчаријата во Република Македонија постепено ги добива конечните заклучни согледувања.

# 3. Обем и граници на истражувањето

## 3. 1. Просторни граници

Проучувањето на грнчарскиот материјал во оваа тема ја опфаќа територијата на Република Македонија. Досегашниот презентиран материјал од истражуваните локалитети е основата на овие проучувања. Во проучувањата е вклучен и материјал кој е позајмен од колегите археолози од одредени локалитети и кој за прв пат се објавува во овој труд. Со тоа е направен обид во проучувањата на доцноантичката грнчарија да биде опфатена речиси целата територија на Република Македонија.

Во доцноантичкиот период територијата на Република Македонија е вклучена во неколку доцноримски провинции.

Од 148 г.п.н.е., од почетокот на римските освојувања на наше тло, до доцниот 3 век, најголем дел од територијата на Република Македонија влегувала во составот на раноримската провинција Македонија. Таа се протегала од Јадранско Море до река Места, од Средна Грција до скопско - кумановскиот регион. Овој северен регион во 15 г.н.е. бил вклучен во провинцијата Мезија, од 44 г.н.е. наречена Горна Мезија. Осоговскиот регион бил вклучен во провинција Тракија, основана во 44 г.н.е.

Реформите на Аврелијан, Диоклетијан и Константин I наметнале да бидат ревидирани границите на постоечките провинции. Создадена е провинцијата Нов Епир, во која влегувал западниот крај од провинција Македонија, односно охридско - струшкиот регион. Се одвоила Тесалија на југ. Од југоисточниот дел на Горна Мезија и западниот дел на Тракија била создадена провинција Средоземна Дакија. Во оваа провинција влегол Брегалничкиот регион. Од јужниот дел на Горна Мезија е создадена провинцијата Дарданија. Таа го опфаќала и скопско - кумановскиот регион.

Нови поделби на ова подрачје следат во доцниот 4 век. Полог е соединет кон провинцијата Превалитана. Провинција Македонија е поделена на Македонија Прима, подоцна преименувана во Секунда, чие седиште бил Солун, и Македонија Секунда, со седиште во Стоби.

Територијата на Република Македонија е поделена во неколкуте доцноримски провинции. Проучувањето на грнчарскиот материјал од наоѓалиштата, кои просторно припаѓаат на овие провинции, упатува овој вид материјал да биде проучен типолошки во целина, а да се воочат карактеристиките, особеностите и можните разлики на материјалот за секоја од провинциите. Таквото проучување ќе даде поверодостојна претстава за темата на оваа студија.

## 3. 2. Временски граници

Проучувањето на доцноантичката грнчарија од територијата на Република Македонија го содржи материјалот чиј временски распон се протега од доцниот 3-ти до крајот на 6-от век, а само кај неколку примероци продолжува до 7-от век.

Имено, најраниот материјал припаѓа на доцниот 3-ти век, со што се прикажува поврзаноста и преодот на ранoримскиот кон доцноантичкиот материјал. Најбројниот материјал, обработен во студијата, припаѓа на периодот од средина на 4-от до крајот на 6-от век, со тоа што одделни типови, особено на локалната продукција, продолжуваат и понатаму со производство и употреба. Одделни тиови садови се следат и во првите децении на 7-ми век.

Поврзаноста на материјалот од овие векови го претставува преодот од античка во средновековна материјална култура.

## 4. Можности за нови истражувања

Археолошките теренски ископувања на многу локалитети ширум Република Македонија и покрај слабата квантитативна истраженост на локалитетите, се одвиваат со побрз чекор во однос на севкупната проученоста на самите локалитети. Ваквиот диспаритет во проученоста особено се однесува на движниот материјал, од кој посебно би ја издвоиле грнчаријата, која за поголем број локалитети на кои е евидентиран доцноантички хоризонт, може да се одреди дури како непроучена.

Затоа, секое објавување, дури и на стручно необработен материјал, пружа можности за нови, понатамошни проучувања во областа на доцноантичката грнчарија.

Во науката добро се познати типологиите на импортниот материјал. Одамна е утврдена типологијата за грнчариите произведувани во главните производни центри во Медитеранот. Овој тип материјал е добро вклоплив во тие одредници.

Проучувањата и типологијата на локалната грнчарија, изведени на доцноантичкиот материјал од Стоби и Скупи се солидна основа за севкупните проучувања на доцноантичката грнчарија во Република Македонија.

Сепак, секогаш се можни нови видувања на истите типови, како и определување на нови варијанти во веќе типологизираната грнчарија. Секако, откривање на непознати делови од познатите локалитети и на нови локалитети, ќе овозможи нови надополнувања во типологијата на грнчаријата. Воедно, севкупните проучувања во било која област на археолошката наука пружаат можност за нови дополнувања, нови видувања на старите сознанија и тоа продолжува да биде континуиран процес.

## 5. Критички осврт на досега објавени трудови

Досегашните истражувачи на археолошките локалитети во Република Македонија изминатите децении имаат вложено огромен напор, во рамките на возможното, во нивното теренско истражување. Затоа, бројот на новозапишани локалитети во археолошката карта на Република Македонија е голем, особено на локалитети од периодот на доцната антика.

Третманот на грнчаријата од овие локалитети е разновиден. Големите антички градови, заради степенот на истраженоста и стручната екипираност на проучувачите, се вбројуваат во неколкуте локалитети кај нас со стручно обработен грнчарски материјал.

Хераклеја е првиот антички град од кој е обработена оваа материја. Трудот на д-р Манева за грнчаријата од Хераклеја го третира хеленистичкиот и римскиот период, кои се детално проучени и разделени во светски познатата типологија на тој материјал, кој е со скромна претстава за доцноантичкиот локален производ. Д-р Јанакиевски дава обемна студија за доцноантичката локална грнчарија во Хераклеја, што е од извонредно значење за доцноантичкиот материјал. Тој пак, ги исклучува многу потребните поврзувања со аналогиите за садовите од соседните региони.

Стоби, каде во студијата на д-р Андерсон - Стојановиќ се најпрецизно претставени сите можни типови грнчарии од сите историски периоди на градот, со детални податоци за аналогиит, е најисцрпната студија од научен тип кај нас. Овој труд е веројатно од најголемо значење за проучувањата на грнчаријата, особено заради застапеноста на материјал од хеленистичкиот, па сѐ до доцноантичкиот период, а секако на тоа влијае и силниот научен карактер на проучувачот.

Во редот на овие локалитети се вбројува и Скупи. Д-р Микулчиќ го обарботил грнчарскиот материјал од првите истражувања на Источната некропола на градот, кои станаа патоказ за сите следни проучувања, не само за скупскиот грнчарски материјал. Материјалот од периодот на доцната антика на градот Скупи е обработен во студијата на м-р Ончевска Тодоровска. Недостасува детална обработка на раноримскиот материјал од градот, кој е само делумно опфатен во проучувањата на Д. Кораќевиќ, Л. Јованова и Д. Михаилова за истражувањата на Источната и Западната некропола.

Проучувањата на одделни примероци на доцноантичка грнчарија од повеќе македонски локалитети се со различен резултат. Неколку текстови, како презентираните материјали од Источната некропола на Скупи, лок. Дрезга - кумановско, лок. Маркови кули - скопско, локации од Скопска Црна Гора, студијата за Исар-Марвинци, римската вила кај Валандово, вила-рустика во прилепско, повеќеслојниот локалитет во Орта џамија во Струмица, тиквешкиот регион, погребувањата во кочанскиот и дојранскиот крај, пружаат многу податоци за одделни типови грнчарии и нивна распространетост на наша територија. Во дел од нив е присутен стручниот метод на анализа и тие се вистински показател на присутните типови грнчарија. Останатите текстови пружаат податоци за видот на материјалот најден на тие локалитети.

Секако, сите овие сознанија за грнчарскиот материјал од нашите археолошки локалитети се добредојдени при проучувањето на оваа материја во Република Македонија.

# II Историски осврт на доцната антика во Република Македонија (доцен 3-ти - 6-ти век)

## 1. Историски настани на Среден Балкан во доцната антика

Периодот на доцната антика е време на пропаст на моќната Римска империја. Распадот на империјата е условен со случувањата во 3-от век. Различните промени - социјални, духовни, економски и политички, го предизвикале крахот на државата. Со разнишаноста на економијата државата многу осиромашила. Овие промени, пропратени со политички надмудрувања, овозможиле и на духовен план да се одразат промените во општеството. Христијанската религија се зацврстува во државата. Универзалниот симбол на новата религија станува предмет на обожување и средство со кое се владее.

По завршувањето на граѓанските војни, 31-ва година п.н.е., во државата настапил долг мир (pax Romana) кој траел три века. Во провинција Македонија останале две легии: Петта Македонска и Четврта Скитска. Тие биле стационирани кај градот Филипи, од каде се преместени во новоосвоената Дарданија. Тоа е периодот кога римско Скупи започнува со својот развиток.

Во текот на Принципатот, 1-ви / 3-ти век, римската цивилизација навлегува во урбаните средини, но силните хеленистички достигнувања остануваат присутни и понатаму, што е карактеристично за голем дел од територијата на денешна Македонија. Единствено скопско - кумановскиот регион е целосно романизиран. Можеби, заради големата издржливост во самостојноста на дарданската популација каде хеленизмот во претходниот период не бил во голема мера присутен, италската цивилизација тука е на секаков можен начин вклопена, со што влијаела врз сите структури на живеењето. Романизацијата во хеленизираните области не значи латинизација, туку само вклучување во римското граѓанство[22].

Распадот на стопанскиот систем и разнебитувањето на војската во Римското царство на европско тло предизвикало целосен хаос, кој траел во периодот на т.н. воена монархија и воена анархија, од 235-та - 284-та година. Реформите на Диоклетијан успеале во голема мера да го извлечат општеството од натамошно пропаѓање и со него започнува периодот на реставрацијата.

Откако одминува големата општествена криза од средината на 3-от век, Римското царство при крајот на 3-от и во 4-от век повторно ги зацврстува своите општествени и стопански начела, а со тоа и духовните. Со тоа, територијата на царството повторно станува пријатно за живеење, па, на повидок е следниот просперитет, кој меѓу другото ќе се огледа во изградбата на градовите. Во доцната антика се јавува нова идеологија во општеството, покрај изградбата и духовното творештво го достигнува максимумот[23].

За разлика од западниот дел на царството, кој згаснува во 476-та година, источниот успеал да опстои и врвните достигања од оваа епоха да ги достигне во

---

[22] Ф.Папазоглу 1988, 145-173; A.H.M.Jones, 1964, 37-52; Н.А.Машкин 1995, 555-564.

[23] A.H.M.Jones, op.cit., 77-137; Н.А.Машкин, op.cit., 568-587; Evangelos Chrysos, The empire in east and west, The Transformation of the Roman World, 1997, 9-19.

6-от век. Сите промени во државата го сочинуваат развојот на општеството, кое преминува во т.н. рановизантиски период. До крајот на 6-от век ромејското население не ги менува драстично навиките на сѐуште антички концилираната држава. Но, со населувањето на Словените и честите упади и на останатите варварски племиња, староседелското население мигрира во големите градови на Медитеранот, па таму, бројната состојба на населението значително се зголемува[24].




Доцноримски провинции на територијата на Република Македонија
(И.Микулчиќ, 2003)

Градскиот живот на наша територија во доцната антика може да се следи до крајот на 6-от век. Тука животот продолжува и во кус период понатаму, во првите децении на 7-ми век, губејќи го урбаниот изглед и создавајќи населби на помал ареал и со поинакви карактериситики. Денес нарекувани микростанбени целини, тие се јавуваат во речиси сите дотогашни градски населби. Овие постурбани целини речиси редовно се изградени врз објекти од римскиот период, а меѓу градбите за живеење, како сведоштва за духовниот дострел во доцната антика и понатаму се присутни ранохристијанските базилики и нивните припратни објекти[25].

Во доцната антика се раѓаат кастроните, утврдени населби со воена, црковна и цивилна власт. Тие се основната форма на живеење во тоа време, а како форма присутни се сé до доцниот среден век. Во науката се појави

[24] A.H.M.Jones, op.cit., 266-302.
[25] И.Микулчиќ 1999, 247-278.

мислењето дека во среднобалканскиот регион се појавени новини во начинот на изградба во доцноантичкото фортификационо градителство[26].

Во периодот на доцната антика на Балканскиот полуостров постоел силен контраст помеѓу северниот дел и јужниот, Македонија, Тракија и Грција. Пред римското освојување, воглавно во северниот дел населението било собрано во селски заедници, со повеќе приобални градови во Тракија, организирани од грците. Со развојот на римското државно уредување во овој дел, почнуваат да се развиваат градови по должината на Дунав, а повеќето од нив своите почетоци ги имаат во војничките логори. Во внатрешниот, континентален дел имало многу малку градови и биле доста оддалечени меѓусебно. На пример, во 4-от век на растојание од околу 1.000 милји, помеѓу Аквилеа и Константинопол, биле забележани само 16 градови, од кои осум биле концентрирани на потег од 175 милји, кои го следат Дунав меѓу Мурса и Виминакиум. Хиерокле забележал само 21 град во цела диецеза Дакија и 55 во Тракија.

Во Македонија и Грција пред римското освојување имало неколку стотини градови. Според Плиниј, во 2-ри век н.е., во провинција Македонија биле 150, а повеќе од тоа во јужната половина на Грција, без Епир и Тесалија. Неколку од нив, како Тесалоника, Атина, Коринт, биле солидни градови по обем и квалитет, додека останатите биле мали и не поголеми од села. Хиероклиевата листа покажува дека многу мали градови постоеле меѓу 2-ри и 5-ти век. Во двете Македонии и Нов Епир тој забележал под 50 градови, како повторно Плиниевите 150 за истиот ареал. Тој во Грција изброил околу 100, од кои 70 биле во Ахаја, а потоа таму бројката била преполовена. Додека, пак, во македонската диецеза речиси сите опстоиле многу долго. Во македонската диецеза блиску до половина од градовите биле преполни со население, на сметка на празната Ахаја[27].

Раноримскиот период на територијата на Република Македонија се отсликува во, исклучително богатиот со наоди, град Стибера и непознатиот антички град во с. Мојно. Во Стибера, од храмот на Тихе и од гимназионот триесетина статуи и бисти сведочат за богатството на овој град и воедно за раната антика во Македонија. Во с. Мојно се најдени многу статуи, меѓу кои за одбележување е статуата на Нике, статуи на Хермес - Меркур и на Деметра и Артемида и натписот на цар Галиен на постаментот од стауата[28].

---

[26] И.Микулчиќ, op.cit, 11-14.

[27] За наведените податоци што се однесуваат на големината на населените места во: A.H.M.Jones, op.cit, 716-717.

[28] И.Микулчиќ op.cit, 55-72, 83-86.

## 2. Доцен 3-ти век

Времето на Диоклетијан (284-305г.) го означува новиот период во римската историја - период на Доцното царство. Карактериситиката на политичкиот живот во овој период е неограничената власт на царот. Диоклетијан раскинува со Августовскиот систем на принципатот, каде царот бил третиран како сенатор и прв граѓанин со највисок авторитет (auctoritas). Автократството, карактериситика на династијата на Антонините, особено била изразена во времето на Септимиј Север. Дури Диоклетијан прекинал со старата уставна традиција. Новиот политички систем што го започнал Диоклетијан е наречен доминат.

Административната поделба на царството од Диоклетијан е дел од реформите кои ги направил за време на своето вледеење. Целата територија била поделена на дванаесет диецези, чии граници секогаш не се совпаѓале со поранешните провинции. Диецезите потоа се поделени на провинции. Реформата во војската што ја започнал Диоклетијан била завршена дури од Константин и неговите наследници. Биле воведени погранични групи (limitanei) и мобилни единици (comitatenses). Подобрувањето на состојбата на државните финансии било изведено со помош на реформите што ги спровел во даночната политика, реформи на парите, едикт за цените на производите. Верската политика на Диоклетијан е сеуште ангажирана со старите римски верувања. Христијанството незапирливо се шири во разни делови од државата, но и понатаму е опозиционерско учење во однос на царството. Неговото ширење во војската било особено значајно. На сите страни од територијата на царството се воделе војни за зачувување на границите.

Иако сите реформи кои ги спровел Диоклетијан биле во зародиш од порано, тој успеал да ги изведе и подолго да остане на власт. Идеологиите на Римската република се раскинуваат дури во 3-от век. Новините во општеството носат нови вредности, но и нови проблеми, кои во наредните векови се неизбежни[29].

Во 3-от век империјата се судрува со низа проблеми од надвор. Балканот е потресен од нападите на Готите. Тие се појавуваат во 267-ма / 268-ма и во 269-та година. Повторно доаѓаат во 322-ра / 323-та година и ги пустошат Долна Мезија и Тракија, одејќи кон Македонија.

Од овие судрувања, во времето на тетрархијата, потекнуваат неколку крајпатни каструми, опкружени со кастели. Од нив, со вселување на цивилно население, настанале повеќе наслеби, како Баргала, Запара кај Крупиште, Дебреште кај Прилеп[30].

---

[29] Н.А.Машкин op.cit, 555-598.; A.H.M.Jones, op.cit, 42-52.

[30] Г.Острогорски 1959, 70-77; И.Микулчиќ op.cit, 189-200.

# 3. Случувањата во 4-ти век и инвазијата на Готите

Царот Константин Велики е водечката фигура во текот на 4-от век. Во областа на верската политика се разликува од Диоклетијан. По победата во 312-та година и објавувањето на Миланскиот едикт во 313-та година, христијанството слободно се шири низ царството. За неговата епоха се карактеристични превирањата во христијанската црква. Аријанството се јавува на почетокот на 4-ти век. Никејскиот собор во 325-та година не го запрал аријанството, кое се раширило меѓу варварските германски племиња. За време на Константин се одвојува цивилната од воената власт. Основана е нова престолнина Константинопол. После смртта на Ликиниј во 324-та година Константин ги проширил источните метрополи, изградил нови цркви, особено на истокот.

Во однос на надворешната политика, на Дунав тој се борел против Готите и ги поддржал Сарматите. Сармати биле населени во подунавските провинции и во Италија, а Вандалите добиле земја во Панонија. Римската управа ѝ погодувала на варваризацијата на царството.

Реформите на Диоклетијан и Константин неможеле да го спречат економското стагнирање во државата, кое започнало во 3-от век. Доцното царство претставува строго централизирана семоќна држава, со развиен бирократски апарат, со строги закони, држава во која секој граѓанин имал свое определено место и должност. Бидејќи старите религии биле сè уште живи, од 381-ва година, од времето на Гратијан и Теодосиј I, биле издадени многу едикти против еретиците. Верските прашања во животот на луѓето од 4-от, а особено од 5-от век, имале голема улога. Паганството уште имало одредени приврзаници. Ниту пак, источните култови го загубиле своето значење во 4-от и 5-от век. Сепак, христијанството станува владеачка религија во државата. Секој град имал свој епископ, а со особено значење се здобиле епископите на големите центри.

Во 322/323-та година Готите се присутни на Балканот - во Долна Мезија, Тракија, Македонија. За време на владеењето на Константин I, повеќе готски племиња се населиле во Банат и Трансилванија. Заради тензиите створени во политичката ситуација биле населени 300.000 Сармати и Готи во Горна и Долна Мезија, Македонија и Тракија, а дел во Италија[31].

Во 379/380-та година повторно се забележани упадите на источногерманското племе Готи. Оваа година западноготскиот водач Фритигерн стигнал со одредите од Тракија по патот Сердика - Стоби кон Повардарието, а од таму кон Солун. Овој регион бил ограбен, а Готите потоа се повлекле назад во Долна Мезија.

Во 395-та година Западните Готи тргнале од Долна Мезија кон Константинопол, а од таму кон Македонија и Тесалија. Заради раководењето со префектурата Источен Илирик, наследникот на Теодосиј I - синот Хонориј и Аркадиј со своите меѓусебни нетрпенија, ги предизвикале недоразбирањата меѓу Источното и Западнотот Царство. Во 397-ма година Западните Готи се населиле во Стар и Нов Епир, а Аларих добил од Цариград титула врховен заповедник на војската во Илирик. Во 401-ва година Визиготите ги напуштиле овие краишта и се населиле во денешна јужна Франција и Шпанија.

---

[31] И.Микулчиќ 1995, 243, Истиот 1999, 191-206; A.H.M.Jones op.cit, 85.

Во првите години од владеењето Теодосиј го прогонувал паганизмот. Во 380-тите години биле одредени казни за жртвениците, кои биле со тенденција за дивинизација на истите.

Теодосиј I бил прогласен за Велики по пат на потомство, а прашање е колку тој тоа го заслужувал. Тешко е да се суди помеѓу неискривеноста на црковните историчари и предрасудите на историчарот Зосимус. Успехот на црковната политика е тоа што црквата од почетокот на неговото владеење го постигнува своето заедништво и што теолошките видувања коинцидирале со оние на победничката страна. Побожноста и предвремениот баптизам го направиле многу ранлив. На пример, во 390-та година Теодосиј го казнил градот Тесалоника заради линчувањето на неговиот магистер милитум од масакрот на неговите жители. На полето на финансиите Теодосиус, после штедливоста на Валентинијан и Валенс, се вратил на расипничката екстравагантност на Константин и неговите синови[32].

На крајот на 4-от век царот Теодосиј I го поделил царството на два дела, а од помалите постојни управни единици - провинции оформил нови, помали. Северниот дел на провинција Македонија го издвоил во провинција Macedonia Salutaris (од Шар Планина до Преспа, до Овче Поле и Плачковица). Кратко време потоа, во 382/3-та - 395-та година, сите провинции со прекарот салутарис биле укинати. Во документи од 5-от и 6-от век оваа провинција е позната како Macedonia II. Од неа биле одземени денешните Полози и кичевско и присоединети кон соседната провинција Превалитана[33].

Со овие настани во Македонија се создадени бројни збегови - тврдини. Кастелите од претходниот период се обновени, заради честите упади и воедно населувањето на новите народи. Во ова време повторно се активирани и рударските тврдини.

---

[32] A.H.M.Jones op.cit, 167-169; Walter Pohl, The barbarian successor states, The Transformation of the Roman World, 1997, 33-47.

[33] И. Микулчиќ 2003, 114; Византиските василевси 1997, 75-79.

# 4. Времето на Теодосиј I и II и Хуните / 5-ти век

Теодосиј Велики (379-395 г.) на крајот од животот го дели царството, па западниот дел припаднал на помалиот син Хонориј, а источниот дел на постариот син Аркадиј. Кон источниот дел подоцна припаднале и диецезите Македонија и Дакија, кои од тогаш се во префектурата Илирик.

Кралот Аларих со обединетите Визиготи, по победата кај Едрене во 378-ма година, имал прилика со својот народ да ги изигра владите една против друга. Првична намера му е освојувањето на Константинопол, но неговите трупи набргу одат кон Грција. Назначен бил за магистер милитум пер Илирикум. Аларих во 400-та година го завзел Нов Епир, па во 401-ва година продолжил кон Италија и стигнал до Милано. Готите ги има во Галија, Британија, Шпанија. Во 408-ма година хунскиот крал Улдин упаѓа во Тракија. Овие години упаѓаат и Вандали[34].

Насекаде, при сите напади, населението бега на повисоки места. Во историјата повторно заживуваат тврдините.

Од крајот на 4-от век, кога се појавуваат на светската сцена, Хуните биле синоним на див, варварски терор, со крајно оскудни потреби во начинот на живот. Претставата за припадник на хунскиот народ бил јавач на коњ, кој навлегува на Балканот, уништувајќи го. Упаѓањето на Хуните во римскиот свет е добро опишан од современите историчари на петтиот век: Еунапиус, Зосимус, Амианус Марцелинус[35].

Всушност, Хуните ги втурнуваат германските племиња Визиготи и Остроготи од Балканот кон западните делови на Римската империја. Амианус, дури, ги нарекува Хуните "семе и потекло на сите урнувања и различни уништувања" и ги наведува за првична причина во Големата преселба на народите во Римската империја. Хуните се најголемата сила која провеала низ Балканот, после готските упади. Голем дел од Хуните се враќаат во азиските степи[36]. Овие разорувања, заедно со доаѓањето на следните варварски племиња на историската сцена на Балканот во рановизантискиот период, се покрај останатите фактори, едни од условите за создавање на следниот историски период - средновековието.



Стоби, хунско оружје
(И. Микулчиќ 1999)

Траги од хунските разурнувања се видливи на многу наоѓалишта низ Македонија. За овие настани сведочат остатоци од оружје, како што се рефлексни лаци и триребрасти стрели од Стоби и Хераклеја, типични за

[34] A.H.M.Jones 1964, vol.I, 183.
[35] R. Frakes 1989, 39-46.
[36] Љ.Максимовић 1980, 20-22.

хунската воена опрема, која се покажала многу поефикасна од стандардното римско вооружување.

Во почетокот на 5-от век во државата завладеал мир и релативно спокојство за обичниот човек. Сепак, извесни случувања наговестуваат почеток на конечното пропаѓање на царството. Црквата создала сопствена хиерархија, паралелна на државата. Во доцноримските градови епископите претставувале врховен авторитет.

Теодосиј II (402-450 г.) се покажал како слаб владетел. Владеел под влијание на сестрата, а подоцна и жената, која со својата атинска култура и христијанска вера, била столб на позитивните случувања во државата. Во ова релативно мирно време се случуваат основањето на цариградскиот универзитет во 425-та година и создавањето на Теодосиевиот кодекс, започнат со едиктот на императорот во 429-та година, а завршил со озваничувањето во 438-ма година. Неговата ера е позната по големи градежни обнови, во престолнината, изгорената во 404-та година Св. Софија е поправена, а во 427-ма година се преуредени бањите од Константин, наречени теодосиеви, потоа и во многу други градови низ империјата. Неговото време е обележано и со многу силни превривања во црквата[37].

Атила го поминува Дунав и ги разорува Виминакиум, Маргум, Сингидунум и Сирмиум, потоа во 443-та година Ратиариа, Наисус и Сердика. Во 447-ма година Атила повторно го преоѓа Дунав и на домет му се Тракија и цел Илирик[38].

Во 447-ма година припадниците на азискиот народ Хуни, доселени во Панонија, тргнале кон Цариград. Тогаш настрадале Мезија, Тракија, Македонија, Тесалија, Стар и Нов Епир. При овие напади биле разорени 70 градови.

Во 479-та година Источните Готи, кои биле населени во Долна Мезија и Тракија, незадоволни од третманот кој го имале од царот, тргнале во преселба кон Нов Епир. При овие движења познато е ограбувањето на Стоби, со што Готите сакале да си наплатат дел од недобиените војнички плати од царот. Настрадал и градот Хераклеја Линкестис, каде биле влогорени. На пат кон Драч Готите се обиделе и Лихнид да го завземат, но не успеале.

Ограбени биле неколку места околу Солун и Лариса, во Тесалија. По враќањето во Долна Мезија, конечно во 488-ма година голем дел од нив тргнале кон Италија. Во Равена, новата престолнина на Теодорих, биле изградени повеќе големи градби. Од таму контактите на Готите досегале се́ до северозападниот дел на Република Македонија, Полозите.



Хераклеја, хунско оружје
(според Е.М.)
(И. Микулчиќ 1999)

## 5. Нови народи на Балканот во 6-ти век - Словени, Авари, Бугари, Кутригури

Во 6-от век нови народи од источна Европа го освојуваат Балканот. Кутригури, Бугари, Словени, Авари, поединечно или со заеднички сили напаѓаат, разоруваат, ограбуваат и се населуваат.

Во 517-та и 518-та година Гети (Кутригури) преку Дунав го поминуваат целиот Балкан, сé до Термопилите на југ. При овие навлегувања неколку места биле ограбени, меѓу кои и Скупи, чии жители претходно биле згрижени на друго место[39].

Во 539/540-та година Хуни навлегуваат до Халкидик на југ. За тоа сведочи депо на пари најдено во Стоби[40].

Речиси секоја година, од 528-ма до 535-та, Бугари и Словени навлегуваат на територијата на Илирик и Тракија. Во 536-та година Гепиди го завземаат Сирмиум, при што Јустинијановите војски не го издржале нападот заради неопоравеноста од Остроготите. Во 549-та година големи бугарски хорди ги поминале ѕидовите на Константинопол и нападнале на градот Касандреа во Македонија, по што се вратиле на сигурно со сиот ограбен плен[41].

Наредниот период Тракија и Илирик биле периодично напаѓани од варварите. Словените продреле до Дирахион во 548-ма година и 550-та година се присутни во Тракија, Дакија и Далмација. Од 559-та година се јавуваат нови непријатели на Империјата.

Кутригури и Хуни, заедно со Бугарите и Словените го минуваат Дунав. Една група ја пустоши македонската диецеза, а од одбраната била единствено запрена кај Термопилите. Другата група од новите напаѓачи е во Тракија и успеала да навлезе преку "големиот ѕид". Константинопол бил во паника. Јустинијановата војска собрана од цивилно население и неколку стотини ветерани ги поразиле Кутригурите, кои се повлекле во Тракија. Во 561-ва година Авари тргнале кон Дунав и се сместиле во провинцијата Скитија[42].

Во 567-ма година Јустин II сé уште бил во состојба да има мали успеси против аварските експанзии. Гепидите, кои ја окупирале Панонија Секунда и Ломбардија, од Јустинијан биле поканети да се сместат северозападно од нив, на границата од Норикум. Ломбардијците и Аварите заедно ги скршиле Гепидите, но Јустин бил во состојба за време на војната да го зароби Сирмиум, кого Гепидите го имале 30 години пред тоа, кога Јустинијан прв тргнал против Остроготите. Војната со Аварите продолжила, а римските војски продолжиле кон Сирмиум[43].

Од 570/571-ва година сведочат повеќе депоа на пари од Дунав до Солун и се смета дека се трезорирани при упадите на Словените[44].

Во 580-та година Аварите прават опсада на Сирмиум. Тибериј ги одбил нивните напади, но неможел да ги сочува трупите за борба за градот, па во 582-ра година успеал да го евакуира цивилното население на римска територија. За

---

[39] И.Микулчиќ 1999, 351.
[40] Истиот 2003, 106.
[41] A.H.M.Jones op.cit, 277.
[42] Ibid. 293.; Љ.Максимовић op.cit, 17-51.
[43] A.H.M.Jones op.cit, 304-305.
[44] И.Микулчиќ op.cit., 106.

време на опсадата на Сирмиум, словенски хорди ги нападнале Тракија, Македонија и Грција. Многумина од нив се населиле во овие краеви, со што почнува нивната трајна преселба.

Императорот Маврикиј во Илирик и Тракија бил помалку успешен, како во Италија. Само две години од неговото стапување на должност, Аварите побарале зголемување на нивната годишна исплата од 80.000 на 100.000 солиди. По одбивањето на императорот, тие со изненаден напад го завзеле Сингидунум и нападнале останати градови во Мезија Прима. Во намера за разрешување на оваа ситуација императорот сепак дал 20.000 солиди за годишна исплата, но мир не бил сочуван подолго време. Аварите им дозволиле на Словените да навлезат во Тракија. Тие продреле до Адрианопол и "големиот ѕид", но се вратиле. Набргу потоа меѓу Аварите и императорот повторно настанало нетрпение и тие навлегле во Мезија Инфериор, Скитија, Тракија, до Адрианопол[45].

Во 584/85-та година Авари од Влашката низина и Словени брзо навлегуваат кон југ, а во 586-та година се дојдени до Солун. При враќањето во Македонија ги опустошиле помалите градови и кастели. Овие настани се земаат за крај на урбаното живеење во Македонија. За тоа сведочат многубројните депоа на пари во: Баргала, Стоби, Хераклеја, Скупи, Селце и тврдина Баба кај Прилеп[46]. Од настаните кои се одвивале во времето на императорот Маврикиј потекнува депото на осумдесет бронзени монети најдени во Скупи[47]. Кај Ново село, струмичко е најдена остава со солиди, тремизи, фолеси од Анастасиј I, Јустин I и Јустинијан I[48]. Во Ореше, велешко[49], оставата од Секулица, кратовско[50], оставата во Селце, прилепско од 1929-та година[51], Кале- велешко[52], колективните наоди се исто така датирани со пари на Јустинијан I. Во Демир Капија оставата е датирана со пари од Анастасиј до Јустин II[53]. Оставите од Војница и од Башино село, велешко се датирани со пари од Јустин II[54]. Од Стоби оставата од 1981-ва година е со пари на Тибериј II и Маврикиј, во Хераклеја од 583/84-та година, Баба, прилепско со Тибериј и Маврикиј, Баргала со истите владетели, оставата од Горни Сарај во Охрид од 2002-ра година со истите владетели[55].

Многубројните упади на Словените на Балканот се случувале паралелно со упадите на разни други племиња. Со тек на време е евидентно мешањето со локалното население. Населувањето на новите народи ги пополниле полупразните простори на Прва Мезија. Словени, Гепиди, Лангобарди, Авари,

---

[45] Ibid, 310.
[46] И. Микулчиќ 2003, 106.
[47] М.Essa Ончевска Тодоровска 2004 б, 28-42.
[48] J.Kondijanov, The Early Byzantine Hoard from the village of Novo Selo, MNJ 2, Skopje1996, 95-103.
[49] Г.Петачки, Колективен нумиз. наод од с. Ореше, MNJ 2, Скопје 1996, 87-93.
[50] А.Керамитчиев, Нумизматичка оставина на златни монети од с.Секулица,ГИНИ,Скопје 1982; Ј.Кондијанов, Две остави со палеовизантиски пари од с. Секулица,кратовско, МАА11,Скопје1990.
[51] А.Керамитчиев, Едно депо на рановизантиски монети од с.Селце,прилепско, Зборник на Археолошки музеј книга 3, Скопје1961;
[52] V. Lilčić, K.Adjievski, Coin Hoard discovered in the Veles district, MNJ 3, Skopje 1999, 73-82.
[53] П.Јосифовски, М.Хаџи-Манева, Д.Бачева Размоска, Нумизматичка збирка на Охридска банка, Скопје 2007.
[54] M.Hadji-Maneva, Two Early Byzantine Hoards from the Veles Region, Folia Archaeologica Balcanika 1, in: Honorem Verae Bitrakova-Grozdanova, Skopje 2007.
[55] М.Хаџи-Манева, Нумизматички потврди за аваро-словенските упади на крајот на 6 и 7 век, МАА 18, Скопје 2007(во печат).

Бугари, посебно или заедно, успеваат да станат составен дел на источниот и западниот дел на полуостровот[56].

Целиот 6-ти век е исполнет со упадите на новите народи на целиот Балкански полуостров. Во 7-ми век завршува населувањето на Балканот и со мирот почнува да се чувствува развојот во новото општество.

Опсадата на Тесалоники за време на владеењето на Маврикиј, во античките извори наведена во периодот од 586 година, е главното случување во јужниот дел од Балканот[57]. Во деведесетите години на 6-от и првите децении на 7-от век словените се на Пелопонез, се формираат склавинии, почнува новата историја на нашите простори, со мешање на народите се создаваат нови етнички групи.

Сите народи, кои во неколкуте векови што го означуваат периодот на доцната антика, навлегуваат на балканските простори, краткотрајно или пак целосно се населуваат тука, се носители на сите разурнувачки акции и се чинители на Големата преселба на народите.

Новонаселените народи, секој со свои етнички обележја, е под силно влијание на големата империја на Византија, па понатамошното производство, особено локалното, на грнчарија и метални предмети, и нивна употреба, добиваат нови особености. Тие ќе бидат почетните видови и типови на средновековната грнчарија, која во првите векови од следниот историски период ќе опстои речиси неизменета, заради целосното затишје во општеството.

---

[56] Г.Острогорски 1970, 65-69. Од средината на 7-ми век драстично се намалуваат нумизматички наоди на подрачје на јужен Балкан. Авторот дава податок дека дури во периодот од средина на 9-ти и втората половина на 10-ти век повторно има нумизматички наоди. Ова се однесува на анализи од Атина и Коринт, како и од малоазиските градови Пергам, Сард и Пријена, каде е голем бројот на нумизматички наоди од 6-ти и прва половина на 7-ми век (заклучно со Констанс II), а речиси да нема наоди од втората половина на 7-ми век и подоцна.

[57] F.Curta 2001, 96-98; С.Врионис, 1999, 33-80, каде се детално анализирани античките извори и дадени се коментари за можен тек на настаните.

# III. Истражувани доцноантички населбински слоеви и гробни целини со доцноантичка грнчарија

## Истражувани региони со доцноантички локалитети




1. Стоби
2. Битолски регион
3. Скопски регион
4. Валандовски регион
5. Охридски регион
6. Прилепски регион
7. Штипски регион
8. Струмички регион
9. Кичевски регион
10. Преспански регион
11. Тиквешки регион
12. Делчевски регион
13. Кумановски регион
14. Тетовски регион
15. Кочански регион
16. Дојрански регион
17. Кратовски регион

# 1. Стоби, Градско

Приказот на наоѓалиштата опфатени во овој труд започнува со античкиот град Стоби, најистражениот и најпроучениот локалитет во Република Македонија.

Основањето на Стоби се следи низ повеќе векови од периодот на хеленизмот, за чиј растеж, историја и градежна дејност има доста податоци во литературата[58].

Во доцната антика градот има изменета урбана шема, во однос на изгледот во претходната епоха, како последица на девастирањето во 3 век, па на површините од многуте урнати објекти се отворила можност за изведба на новите концепции во урбанизмот.

На левиот брег на реката Вардар има градби, кои се дел од едно урбано предградие, кое опфаќа 10-15 хектари. Околу предградието се наоѓаат доцноримски гробници.

Во источниот дел на градот се наоѓаат Мала бања и Казино каде што е сместен градскиот центар во 4-от век.

Во југозападниот дел на градот се наоѓаат доцноримски куќи за живеење. Тие се со внатрешен перистил, триклиниум, али - одаи. Квартовите - инсули имаат неправилен четвртест план и со тоа ги нарушуваат строгите раноримски правила.

Постурбаната фаза во градот се следи врз доцноримските објекти. Тоа се вообичаените примитивно градени градби со неградски карактеристики, типични за овој период. Куќите имаат неправилни основи. Се смета дека оваа фаза почнува по хунските уривања во средината на 5-от век. Меѓу овие градби се издигаат ранохристијанските цркви и нивни припратни објекти.

Од времето на Раното христијанство во Стоби, заради поголемата истраженост на локалитетот во однос на останатите од истиот период во Република Македонија, има повеќе градби кои сведочат за силно изразениот духовен живот во него. Тоа се: Епископска базилика, средина на 5-ти / 6-ти век; Стара базилика, средина-доцен 4-ти век; Северна базилика, доцен 5-ти век; Централна базилика, 5-ти век; Голема базилика зад виадуктот, доцен 5-ти век; Гробишна црква, средина на 5-ти век; Паликурска црква, 6-ти век. На црквените собири запишани се имињата на неколку стобски епископи, учесници на соборите од 4-ти до 7-ми век[59].

Од доцноримските станбени објекти истражени се: куќата на Партениј, куќата на Перистериј, куќата на Полихарм, куќата на ГР, Епископската резиденција.

Северната базилика е трикорабна црква, со нартекс, егзонартекс и атриум. На северната страна има доградено баптистериум со четирилисна писцина. Во неа се влегува од Виа принципалис инфериор и е изградена врз постар објект. Датирана е во почеток на 5-ти век.

---

[58] Најново дело со сеопфатни податоци за градот Стоби: И. Микулчиќ, 2003, 32-52.

[59] Ibid, 100-201. За истражувањата на локалитетот Стоби: Б.Алексова, Старата епископска базилика во стоби, ГЗФФ 38, Скопје 1985, 43-72; Истата, 1995, 91-127.; J.Wiseman, Stobi 1970-77:A review, CCC III, 1981, 133-146; J.Wiseman and Dj.Mano-Zissi, Excavations at Stobi, 1971, AJA 76, 1972, 407-424; Istite, Excavations at Stobi, 1972, AJA 77, 1973, 391-403; istite, Excavations at Stobi, 1973-74, JFA 1, Boston 1974, 117-148. I.Mikulčić, Stobi, the West Cemetery, Excavations in 1965, CCC III, 1973, 61-95.

Цивилната базилика се наоѓа јужно од Северна базилика. Од повеќето фази на изградба, последната имала световна намена, па од таму го добива името во науката.

Помеѓу претходно спомантите базилики се наоѓа Малата бања.

Централната базилика има трикорабна форма. Подигната е над синагогата, во крајот на 4-ти или почеток на 5-ти век.

Синагогата е подигната во 4-ти век, врз темели на постара синагога од 2-ри век. Под сите овие градби на ова место, има остатоци од објекти од 1-ви век п.н.е.

Куќа на псалмите се наоѓа јужно до Централната базилика. Таа е луксузно изграден објект со апсидална просторија, базен и сала со колонади.

Големата бања има аподитериум, сала со хипокауст, шест мермерни базени и префурниум. Има повеќе градежни фази, а била во употреба до крајот на 6-ти век.

Куќата на Перистериј е голем градежен комплекс со делови за живеење и дуќани. Некои простории имале подови со мозаици, кои се датирани во доцен 4-ти или ран 5-ти век.

Домус Фулоника - Куќа на ГР (валавница) е комплекс на резиденции и дуќани, меѓусебно поврзани. Во малиот двор имало работилница за валање и бојадисување на ткаенини, а потекнува од 5-ти век.

Епископската базилика, односно црквата на епископ Филип, е базилика со три кораби, нартекс, егзонартекс, полукружна апсида, со крипта, на јужната страна има четирилисен баптистериум и писцина во средината. Епископската базилика датира од почеток на 5-ти, а обновата од крај на 5-ти или почеток на 6-ти век. До неа се наоѓа Епископската резиденција. Во 4-ти век служела како христијански ораториум, а оваа намена ја добива во 5-ти век.

Театарот е изграден во 2-ри или почеток на 3-ти век. Тоа е најрепрезентативниот објект во градот. Гледалиштето, орхестрата и скената се одделно градени едно до друго. Во доцниот 3-ти век бил претворен во арена за гладијаторски борби. Кон средината на 4-ти век и до неговиот крај парадосите биле натрупани со шут. Во доцната антика овде се изградени куќи за живеење. Делови од театарот биле користени како градежен материјал во доцната антика.

Кон крајот на 4-ти или почеток на 5-ти век била подигната Паликура базилика, сместена 2 км јужно од Порта Хераклеја. Во нартексот и околу неа пронајдени се доцноантички гробови.

Од 5-ти / 6-ти век датира и базиликата Екстра мурос. Таа е трикорабна базилика, со нартекс и крстилница со писцина.

Западната некропола на Стоби, со истражени неколку стотини гробови, изобилува со наоди и пружа можности за поголеми анализи важни за градот. Гробовите потекнуваат од повеќе историски периоди на градот. За нас значајниот, доцноантички период, е презентиран преку неколкуте објавени гробови и нивни движни наоди. Се појавуваат гробови од типот циста со покрив од тегули на две води, со ориентација јз-си, ји-сз, с-ј, а датирани се во 3-ти и 4-ти век [60].

Христијанството во Стоби е многу рано организирано. Во крајот на 4-от век тој е издигнат во ранг на митрополија со три епархии - стобска, баргалска и запарска. Градот станал и главен град на провинцијата Македониа Салутарис. Во 388-ма година императорот Теодосиј I при престојот во Стоби издал два едикта со кои се забранува собирање на еретици и јавни дискусии за религијата.

---

[60] М.Шурбаноска, Д.Здравковски 1996, 91-112, (гробови: 609, 767, 801, 620, 685).

## 2. Битолски регион

На подрачјето на битолскиот регион археолошки се ископувани повеќе доцноантички наоѓалишта. Истражени се доцноантички гробови во с. Сливица, с. Долно Ореово, с. Рибарци и други, но, во гробните целини нема грнчарија која би претставувала сигурен извор на податоци за видот на материјалот и негова сигурна датација. Затоа, од овој регион е опфатен бројниот грнчарски материјал од античкиот град Хераклеја Линкестис.

### 2. 1. Хераклеја Линкестиска

Историјата на градот Хераклеја се следи во доста долг период, од хеленистичко време до средниот век. За историјата и изгледот на градот во текот на хеленистичкиот и раноримскиот период е доста напишано во литературата[61].

Во доцната антика градот станал епископско седиште. Запишани се имињата на неколкуте епископи од Хераклеја, присутни на црковните собири од 4-от / 6-от век[62].

Театарот, веројатно изграден во времето на Хадријан, е напуштен по едиктите на царот Константин I во 326-та година, со кои биле забранети гладијаторските борби и претстави со животни. Изградбата на Големата базилика се смета за terminus ante quem за престанок на употребата на објектот[63].

Врз театарот, врз ерозивниот нанос, се наоѓале остатоците од градби кои припаѓаат на постурбаната фаза од животот на градот. Оваа фаза, од истражувачот, е одредена во последните децении на 5-от век, со преправки во краток временски период, до 7-от век. Микростанбената целина над театарот е датирана со монети од Јустинијан I, Јустин II, Тибериј II, Константин и Маврикиј Тибериј, чија монета датира од 583/4 година[64].

Исти остатоци се најдени и под подот на централниот брод на Големата базилика, како и на просторот на римскиот портик со почесни и вотивни споменици.

При изградбата на Големата базилика биле секундарно употребени мермерни блокови од театарот. Според Томашевиќ базиликата е изградена во крајот на 5-от - почеток на 6-от век. Вклучувајќи ги овие аргументи во своите анализи, истражувачот на театарот Т. Јанакиевски заклучува дека постурбаната фаза била во изградба не порано од времето на градење на Големата базилика.

Епископската резиденција има трапезоидна форма, а просториите се распоредени околу централниот двор со бунар во средината. Објектот има повеќе фази на градби, а бил во употреба од 4-от до 6-от век.

Во субурбаниот источен дел на градот се наоѓа Базилика Д. Изградена е во првата половина на 5-от век. Црквата е трикорабна, со полукружна апсида и

---

61 И.Микулкчиќ, 1999, 39-50.

62 Ф.Папазоглу, 1961, 16; Е.Манева 1979, 24.

63 Т.Јанакиевски 2001., 22-24.

64 Ibid, 27-33. ; Истиот, Доцноантички градби од речни мазни камења поврзани со кал, Лихнид 7, Охрид 1989, 65-68, каде дава преглед на ваков тип градби на неколку локалитети во Македонија: Стоби, Скупи, Лихнидос, Хераклеја и населбата кај Исар-Марвинци.

нартекс со пастофорија. Покрај базиликата откриени се ранохристијански гробови. Базиликата е датирана во првата половина на 6-от век.

Од периодот на доцната антика потекнува и фонтаната, изградена по повод 35 години од царувањето на Јустинијан I и за време на епископ Јован, а во употреба била дадена на 10-ти септември 562-ра година.

Источно од градот откопан е дел од градска вила. Утврдено е постоење на објект во раноримскиот период, потоа вила урбана во 3-от и 4-от век со мозаични подови. Во раниот 5-ти век следела обнова на вилата, каде на новите мозаични подови има ранохристијански мотив. Вилата била урната во ранохристијанскиот период, кога врз неа биле подигнати приградски куќи и работилници[65].

Остатоците од одбранбениот ѕид на акрополата е доцноантички и на него нема траги од доградби. Сувоѕидовите од источната и јужната страна се изградени во поново време за заштита на виновите насади од ерозија[66]. Едни размислувања упатуваат дека на просторот на Хераклеја би се наоѓала средновековна Битола, но со голема доза на резерва[67]. Други размислувања покажуваат дека со истражувањата на акрополата на Хераклеја е утврдено дека по 6-от век не продолжува животот на таа локација. И покрај неколкуте спорадични наоди од периодот на средновековието, нема цврсти докази за таа теорија[68].

Доцноантичките ѕидови на просторот од Малата и Големата базилика и термата не се поврзуваат со Словените[69].

## 3. Скопски регион

Скопскиот регион изобилува со археолошки наоѓалишта од доцноантичкиот период. Овој регион е вклучен во општествените текови на римската државата, за разлика на јужните делови од територијата на Република Македонија, каде влијанијата на хеленистичката епоха се сеуште задржани.

Во скопскиот регион се истражени повеќе локалитети со доцноантичка грнчарија, прикажани во следните текстови.

## 3. 1. Скупи, с. Злокуќани

Римскиот и доцноантички град Скупи се наоѓа на подножјето на Зајчев Рид, северно од село Злокуќани, на 5 км северозападно од Скопје.

За основањето на градот, историски податоци и градбите од раноримскиот период е доста напишано во литературата[70].

---

[65] П.Србиновски 1979, 99-112; Е.Манева 1988, 175-186; Д.Герасимовска 1996, 134-137 и сл.71.

[66] Т.Јанакиевски 2003, 25.

[67] Е.Манева 1986, 272.

[68] Т.Јанакиевски, op.cit.

[69] Т.Јанакиевски, op. cit.,: Б.Бабиќ 1986, 203-206.

[70] И.Миклучиќ 1982; Истиот 1999, 132-144; Истиот, Teritorija Skupa, ЖА 21, Скопје 1971, 166-173; A. Mocsy, Gesellschaft und Romanisation der römischen Provinz Moesia Superior, Budapest 1970, 50-67.

Најголемиот административен центар во римската епоха на територијата на на Република Македонија е градот Скупи. Од територијата на раноримската провинција Горна Мезија преминува во доцноримска провинција Дарданија[71].

Градот има површина малку повеќе од 40 хектари. На севрената, североисточната и југоисточната страна имало одбранбени ровови, а на северозападната страна одбранбената функција ја има природниот мочуришен потег.

Откопани се неколку градби од доцноримскиот период. Единствената истражена улица во градот со ориентација североисток - југозапад, обновена во 4-от век, ги поврзува Градската бања, датирана во 4-от век, Базилика 1 - Цивилна базилика, во јужниот дел од градот, од ран 4-ти век, Базилика 2 - Христијанска базилика, од 5-от век, која е градена делумно врз римска куќа од раниот 4-ти век, Градба северно од бањата, определена како јавен објект со 12 простории, од 5-от и 6-от век. Постурбаната фаза во градот ја сочинуваат градби за живеење, од 6-от век, градени примитивно, каде ѕидовите се ѕидани од камења врзувани со кал[72].

Има податоци дека при ископувањата водени во театарот, кој веројатно бил изграден во времето на Хадријан, биле најдени и отстранети остатоци од примитивни градби за живеење, карактеристични за крајот на доцната антика[73].

Цивилна базилика - Базилика 1 се наоѓа на локацијата до која се претпоставува дека бил сместен плоштадот на градот. Тоа е средишниот дел од површината на градот. Истражен е само северниот дел од објектот, кој претставува трибродна базилика, со двојна апсида, свртена на запад. Подот на централниот брод е покриен со мозаик, со геометриски мотиви. Базиликата е датирана во 4-от век.

Христијанска базилика - Базилика 2 се наоѓа јужно од театарот. Основата на базиликата покажува дека таа има тробороден наос, полукружна апсида на источната страна и нартекс, во кој се влегувало од откопаната улица во градот. На северната страна има една пастофорија, а на јужната е баптистериум. Базиликата е датирана во 5-от и почеток на 6-от век, а тоа е потврдено со монети од тој период и со анализа на движниот материјал.

Оваа базилика, со својот југоисточен дел, налегнува на дел од станбен објект - палата. Тоа е луксузен објект за живеење, составен од неколку простории. Откриени се две и делови од повеќе други простории во него. Централната просторија била украсена со фрески на ѕидовите. Објектот содржи и термален дел, со што се вбројува во редот на луксузни објекти во градот. Датиран е во 4-от век.

Градската бања се наоѓа во централниот дел од градот и во неа се влегува од главната улица. Бањата има вообичаен план на римска бања, калдариум, тепидариум, аподитериум, фригидариум и атриум се нејзини составни делови. Датирана е во 4-от век. Одделни сондажни истражувања дадоа увид во постоење на постара градба под бањата. Големината на градбата и масивноста на ѕидовите укажува дека можеби се работи за хореум од раноримскиот период.

Улицата од која се влегувало во бањата и христијанската базилика, се смета за една од главните комуникации во градот. Ориентацијата е североисток - југозапад, каква што имаат главните објекти во градот. Коловозот има ширина

---

[71] И. Микулчиќ 1982, 38-39.

[72] Д. Кораќевиќ 2002, 42-44.

[73] D.Rendić Miocević, Scupi, istrazivanja rimskog teatra 1959-61 godine, Antićki teatri na tlu Judoslavije, Novi Sad 1981.

од 8,50 м и е поплочен со големи камени плочи. Тротоарите од двете страни на улицата се широки 2,60 - 3 ,00 м. Попречните улици формираат инсули кои имаат неправилна квадратана форма, особеност за доцноантичкиот период.

Градбата северно од бањата, т.н. од истаржувачот Д.Кораќевиќ, е градба изведена во продолжение од комплексот на бањата. Оваа градба брои, до сега истражени, 12 простории. Градени се во две градежни фази, кои временски не се многу разделени. Се смета дека била градба од јавен карактер. Има индиции дека во подоцнежниот период, крај на 6-от век, била поврзана со просториите сместени јужно од неа, а кои се дел од постурбаната фаза во градот. Грнчарскиот материјал од оваа градба покажува голема разновидност и можност за типолошко одредување. Определена е во втора половина на 5-от и почеток на 6-от век[74].

Постурбаната фаза во градот, за сега, е утврдена во продолжение на истиот простор, каде што се наоѓаат Бањата и Градбата северно од неа, потоа во правец кон Цивилната базилика и, се разбира, треба да се очекува и на поширок реон во градот. Градбите се карактеризираат со крајна едноставност во начинот на ѕидање, големината, поврзаноста и меѓусебната комуникација, типични за 6-ти и 7-ми век, периодот кога доцната антика ја заменува раниот среден век.

На сите четири страни од градот се простираат некрополите.

Источната некропола на градот е засега најистражена во однос на останатите. Истраженоста на доцноантичките гробови од 4-от век покажува дека во тоа време некрополата го достигнала својот најголем обем. Погребувањата во тој период се изведувани на северниот крај од некрополата, на високо плато, кое доминира во просторот. Овие гробови се вкопани во редови и во релативно ретка поставеност. Веднаш до оваа зона на доцноантичко погребување се наоѓа бедемот на градот[75].

Доцноримскиот период на Западната некропола, која се простира покрај западниот бедем на градот, го сочинуваат гробови со инхумирани покојници[76].

Во скопската котлина најдени се многубројни епиграфски споменици, кои во голема мера ја одредуваат историјата на Скупи и животот во неговата околина[77].

---

[74] Податоци за сите истражувани објекти во Скупи : Д.Кораќевиќ 2002, 45-140.

[75] И.Микулчиќ 1974, 109-143; Л. Јованова, Д. Михаилова 1999, 203-260.

[76] Л.Јованова, Скупи-западна некропола, МАА 13, Скопје 1992, 191-200..

[77] B. Josifovska Dragojević, Inscriptions de la Mésie Supérieure, Vol. VI, Scupi et la Région de Kumanovo, Belgrade 1982.

*

Северно од Скопје, на падините на планината Скопска Црна Гора, најдени се повеќе населби и тврдини од периодот на доцната антика. Тие се категоризирани како опидуми, кастели, бургови, викуси и утврдени викуси. Јужните падини на планината биле особено населени, заради поволната климатска и географска положба и стратегиска важност за областа. Ги изделуваме следните локалитети Градиште - Беговиште и Град кај с. Кучевиште заради евидентираната грнчарија од овој период[78].

### 3. 2. Градиште - Беговиште, с. Кучевиште

Локалитетот се наоѓа на околу 3 км северно од селото, на врвот од доминантен гребен. На самиот врв и на неговата јужна падина се наоѓала доцноантичка укрепена населба. На теренот се видливи остатоци од фортификацијата, со една четвртеста кула.

Локалитетот опфаќал површина од околу 2,5 ха. Заради начинот на градење, бедемите, следејќи го теренот, се неправилно прекршени и не се бранети од кули, освен единствената челна, техниката на градење со кршен камен поврзуван со вар, но не цврсто како емплектон, туку поскромно, не се вбројува во категоријата кастели. Во површинскиот слој на локалитетот најдена е фрагментирана грнчарија.

### 3. 3. Град кај с. Кучевиште

На 3 км северно од локалитетот Градиште кај истото село се наоѓа локалитетот Град. Населбата е сместена на западната и југоисточната падина од гребенот. Бидејќи нема траги од градежни објекти на самиот врв, туку на падините, не станува збор за стратегиска тврдина.

Површината на оваа локација опфаќала околу 0,5 ха. Забележани се и гробови во непосредна близина на месноста. Можеби овој локалитет бил рефугиум на локалитетот Градиште, а подоцна заради подобрата затскриеност бил преземен за место на живеење. Во површинскиот слој е најдена фрагментирана грнчарија.

---

[78] Н.Чаусидис 1989, 183-198.

## 3. 4. Маркови Кули, Водно

Маркови Кули е доцноантичка - рановизантиска тврдина, збег, изградена на планината Водно, на југоисточниот раб на Скопје. Сочувани се дел од одбранбен ѕид, кули, темели од објекти.

Утврдени се два културни слоеви во тврдината: доцноантички - рановизантиски период и византиско - словенскиот период.

Најстариот слој на локалитетот е од средината на 6-от век. Констатирано е уривање на акрополата со одбранбените ѕидови, проследено со пожар, по кое имало обнова.

Проучувањата покажале дека рановизантиската акропола била урната и напуштена во 7-от век, при аваро - словенски упад на оваа територија. Под овој е претходниот слој, кој бил изграден во последните децении на 6-от век.

Меѓу движниот материјал - монети од Јустинијан I и Јустин II, дел од аварски шлем, неколку украсни метални предмети, најдени се повеќе грнчарски садови, кои пружаат увид во доцноантичкиот материјал и можност за разноврсна типолошка определеност[79].

## 3. 5. Градиште, с. Таор

Локалитетот Градиште претставува населба од раноантички, римски и доцноантички период, сместена југоисточно од Скопје, на левиот брег на Вардар. Населбата е сместена на рид со површина од 2,2 ха и оформува кастел.

На локалитетот има остатоци од мермерни архитектонски елементи, камени столбови, делови од водоводна инсталација. Истражувањата изведени во последниот период евидентираат два објекта со поголеми димензии. Околу градиштето, на северното, северозападното и југозападното подножје, се протега некропола, чии остатоци датираат во периодот од 4-от век п.н.е. до 6-от век н.е. Населбата има одбранбен ѕид со досега откриени две кули, две градби со повеќе простории, одвоени со улица. Најдени се многу монети од доцноантичкиот период, Константин I, Теодосиј I, Јустин II[80].

Грнчарскиот матерјал, според првичниот преглед на истражувачот, го сочинуваат голем број на огнишни садови со темнокафена и сива боја на печење, едноставно изведени примероци на трпезна грнчарија и повеќе питоси. Импортна грнчарија не е најдена.

Од малубројниот грнчарски материјал од доцноантичкиот период во оваа студија изделени се амфориск и питос.

[79] И.Микулчиќ, Н.Никуљска 1983, 123-133;
[80] К.Ристов 2006, 30-47.

# 4. Валандовски регион

Местоположбата на Валандовската котлина во долниот тек на реката Вардар, која го носи називот Бојмија, овозможила таа да биде присутна на античките патишта за Скупи, Стоби, Тесалоника, пат кој ја врзувал со Дојран, со Струмица. Поврзаноста со околните региони им пружила на тамошните населби вклучување во општествениот живот, дотур на роба и следење на актуелните случувања.

Во науката најистаржувани се населбата Исар кај с. Марвинци и луксузната вила на локалитетот Стакина чешма во Валандово, кои пружаат можност преку дел од нивната архитектура и движен материјал да се следи доцната антика во овој регион.

## 4. 1. Стакина чешма, Валандово

Остатоците од големиот објект, веројатно палата, подигнат во доцен 3-ти /ран 4-ти век, претставува дел од комплекс луксузни градби најдени во самиот град Валандово.

Истражувањата на оваа локација покажуваат дека се пронајдени остатоци од архајски до доцноантички период. Од доцноримскиот период констатиран е објект, третиран како луксузна вила од тој период.

Од објектот се нецелосно истражени шест простории со мозаични подови и уште четири простории со различни видови на подови и базен, обложен со хоросан малтер и мермерни плочи, кој е полукружно затворен од северната страна. Констатирани се два културни слоеви. Се смета дека тоа е луксузна римска куќа настаната во доцниот 3-ти или почеток на 4-ти век[81].

Објектот ги поседува сите елементи на репрезентативна римска куќа: вестибул, атриум со имплувиум, таблинија, триклинија. Мозаиците покажуваат голема разновидност на претставени форми, бои и техники на изведба[82].

Грнчарскиот материјал покажува голема разновидност во типолошки смисол, а со тоа се потврдува моќноста на имателот на овој објект да поседува квалитетна грнчарска роба на крајот од антиката.

---

[81] М.Шурбаноска 1999, 251-252.

[82] Д. Герасимовска 1996, сл.76-78 - основа и можна реконструкција на вилата.

## 4. 2. Исар, с. Марвинци

Градот се простира по должина на платото на ридот од југозападната страна на селото Марвинци и се спушта во подножјето. Од оваа височинка се пружа извонреден поглед кон Валандовската котлина и долината на Вардар[83].

Подножјето е оградено со бедеми и неговата површина изнесува околу 9 хектари. Тука се подигнати неколку значајни објекти од раноримскиот период. Во 3-ти век, по готската наезда во 268-ма година, градот осетно настрадал и крај него во доцната антика повторно бил населен.

Во овој простор, со димензии 80 х 70 м, откопани се една порта и дел од бедемот. Северозападниот бедем се совпаѓа со правецот на акрополата, а југоисточниот ја следи конфигурацијата на теренот. На средината на североисточниот бедем се наоѓа Градската порта. Од неа е сочуван прагот од масивни бели камења. Портата била двокрилна. Населбата и некрополата на Исарот имаат континуитет од 7-от век п.н.е. до 5-от век н.е.

Во југозападното подножје на акрополата откопан е еден пагански храм. Пронајден е натпис испишан на архитравна греда, од кој се дознава дека храмот бил подигнат од еден македонијарх во 181-та година, а посветен на Херакле, односно на императорот Комод. Храмот е изграден во северниот агол на укрепениот кастел.

Непосредно до храмот откриени се остатоци од останати објекти. Најдени се остатоци од под направен од правоаголни тули. Во подот откриени се кружни дупки, веројатно наменети за питоси во кои било чувано жито. Следат објекти чии ѕидови биле изградени од камења и кал, од последната фаза од постоењето на градот. Темелните делови од ѕидовите имаат вградено сполии - делови од градежните елементи од храмот, изграден во претходниот период.

Објекти од доцноантичкиот период констатирани се и на просторот од северните падини на ридот. Подно ниво изведено во опус сектиле укажува на постоење на солидно градена градба. Терасестиот дел кој допира до северното чело на акрополата обилува со градежен и грнчарски материјал, што зборува дека бил населен во подолг временски период. На овој простор откриени се фрагменти од луксузна грнчарија - барботин, источна сигилата, чандарли, депо од 200 фолеси од периодот на првата тетрархија.

Датумот наведен на архитравната греда, пресметан според македонската ера, ја покажува 181-ва година. Оваа година е определена за изградбата на храмот, а истражувањата покажале дека имал извесно обновување во крајот на 3-от век. Опожарувањето на просторот до храмот со монети од Трајан Дециј и Проб, е датирано во втората половина на 3-от век.

Во првата половина на 4-от век се формира нов културен слој. Најдени се монети од Константин, Констанс и Констанциј, а од грнчарскиот материјал доминираат амфори. Истражувачот смета дека храмот бил повторно рушен во првата половина на 4-от век.

По 370-та година повеќе не биле градени објекти од камен и малтер. Започнува ерата на доцноантичкото примитивно ѕидање со камен и кал, како насекаде на Балканот. Објектите од последната фаза од животот на градот припаѓаат на 5-от и 6-от век. За тоа сведочат многу монети на Теодосиј.

---

[83] За истражувањата, историјатот и објектитена овој локалитет исцрпно кај В. Соколовска 1986; И.Микулчиќ 1999, 261-262.

Погребувањето во доцната антика е изведувано на Јужната некропола. Тоа се правоаголни јами, со големи димензии, воглавно со ориентација и-з, покриени со камени плочи, со скелетно погребување. Со монети и останати гробни прилози, како што се светилките, погребувањата се датирани во целиот период на 4-от век.

Во науката се изнесени претпоставките за идентификација на населбата со градот Гортинија. Голем дел од грнчарскиот материјал од доцноантичкиот период е публикуван од истражувачот[84].

## 5. Охридски регион

Античкиот град Лихнидос бил изграден на ридот на североисточната страна од Охридското Езеро. Врз него е развиен срдновековниот град. Местото е населено од најстарите историски периоди[85].

Градот е во постојан подем, особено заради патот Виа Егнатиа. Бил составен дел од провинција Македонија. Во доцната антика (4-ти / 6-ти век) Лихнидос и лихнидската област биле дел од новоформираната римска провинција Нов Епир.

Во периодот на доцната антика градот е повеќе пати потресуван од напади на разни варварски племиња. Готи се појавуваат во 60-те години на 3-от век, во крајот на 4-от век и во 478-ма и 479-та година кога по напаѓањата на Стоби и Хераклеја доаѓаат овде, но не успеваат да го освојат. Хуни во 447-ма година веројатно доаѓаат до градот.

Последно спомнување за градот се големите земјотреси во империјата, кога во ист период, времето на Јустин I, 526-та година, ги има во Сирија и кај нас на Балканот. Врз темелите на Лихнидос израснува средновековниот Охрид. Од ранохристијанскиот период констатирани се повеќе објекти во самиот град и во околината. Поликонхалната црква сместена до Климентовата црква, базилика на ул.Илинденска, базилика кај Дебој сместена источно од црквата Богородица Перивлепта, базилика кај Св. Еразмо, базилика кај Студенчишта, базилика под црквата Св. Софија, се само дел од охридските споменици од периодот на 5-от и 6-от век.

### 5. 1. црква Св. Еразмо

На крајбрежјето на Охридското Езеро, на 7 км на патот од Охрид кон Струга се наоѓа доцноантичката базилика, во близина на средновековната црква посветена на Св. Еразмо[86].

---

[84] В. Соколовска, 1986, 57-77; И. Миклучиќ, 1999, 23, 261-262.

[85] Ф. Папазоглу 1957, 225-230; В. Битракова Грозданова 1970, 159-161; Истата, 1975; Истата 1986; Истата 1989; Истата и П. Кузман 1997, 19-28.; В. Маленко, 1989, 3-22.

[86] В.Маленко 1976, 219-236; Истиот 1978, 125-141. ; Истиот, 1989, 6-7, сл. 12-14.

Локалитетот е сместен на југозападното подножје на ридот Кулиште, а се среќава и под името Градиште. Популацијата се погребувала на некрополата на Св. Еразмо. Населбата од хеленистичко и доцноантичко време, 6-ти век, егзистирала на возвишението и била со монументални ѕидови од правоаголни и четвртести камени блокови во техника на сувоѕидање.

Неколкуте локалитети Св. Еразмо, Габавски Рид, Габавци, Чекоштина, Патерица и Козлук ја сочинуваат хипотетичката населба или предградие на Лихнидос - Хермелеја[87].

Од периодот на доцната антика е ранохристијанска трикорабна базилика. Таа содржи атриум, нартекс, северна и јужна пастофорија, крстилница, со мозаични подови, на кои се претставени геометриски мотиви и животински претстави, а кои според стилот можат да припаѓаат на 5-от век. Многуте остатоци на камена пластика- мермерни столбови, капители со флорални мотиви и крстови, парапетни плочи, укажуваат на значењето на оваа црква што ја имала во доцната антика во регионот. Над урнатините и околу неа биле откопани гробови. Гробовите биле вкопани во урната црква. Грнчаријата и бронзениот накит припага на т.н. "комани" култура, датирана во 7-8 век[88].

## 5. 2. Горни Сарај, Охрид

Истражувањата на локацијата Горни Сарај во Охрид, поистоветуван со Самуилова тврдина, последниве неколку години се изведуваат со голем интензитет[89]. Овие големи, систематски истражувања овозможија да се откријат неколкуте културни слоеви на оваа локација. Увидот во материјалот од тие истражувања покажува дека е најден движен материјал од хеленистичкиот период, периодот на доцната антика и средновековен период, до времето на Османската империја. За нашите проучувања од особена важност се наодите од доцноантичкиот период.

На највисокиот зарамнет дел од западниот рид се наоѓа цитаделата. Таа има пресечена елипсовидна форма и на два дела е поделена со ѕид по средината кој се протега во правец исток-запад. На југоисточната страна има влез заграден со две кули и делува импозантно. На овој простор од западниот рид се наоѓале тврдината и антички Лихнидос. Ѕидовите од цитаделата се зачувани во височина од 10 до 16 м. Тврдината има 18 одбранбени кули и четири порти - Железна, Горна, Челна и Долна порта. Од периодот на доцната антика на места на ѕидовите се согледуваат интервенции изведени во опус микстум. Преку средниот век животот продолжува во времето на Османската Империја, во времето на Џеладин бег во 19-от век.

Во текот на истражувањата на територијата на тврдината констатирани се неколку локации каде се установени наоди од овој културен слој.

---

[87] В. Маленко, П. Кузман, Хермелеја, Лихнид 6, Охрид 1988, 89.

[88] Наоди од т.н. Комани тип од гробовите во Св. Еразмо кај Охрид, од 7-8 век, кај И. Миклучиќ, 1999, 401, сл.281.

[89] Истражувањата се изведуваат под раководство на П. Кузман на кого му се заблагодарувам за усно искажаните податоци поврзани со истражувањата, бидејќи стручната обработка е во тек. ; В. Битракова Грозданова 1986, 255, 259-262; Đ Bošković, K. Tomovski, Srednovekovnata arhitektura vo Ohrid, Zbornik na trudovi, posebno izdanie, Naroden muzej Ohrid, Ohrid 1961.

Во североисточниот дел на тврдината констатиран е населбински слој, кој со начинот на градење и движниот материјал покажува дека припаѓа на доцната антика.

Непосредно до ѕидовите од овие објекти се наоѓаат ранохристијанските гробници. Во југоисточниот дел на тврдината се наоѓа мала доцноантичка некропола, во чии рамки е констатирана уште една ранохристијанска гробница, која е изградена од три комори со посебни влезови. Во неа, како движен материјал, најдени се неколку предмети од накит. При ископувањето на доцноантичкиот хоризонт најдени се повеќе фрагменти од разновидна грнчарија.

# 6. Прилепски регион

## 6. 1. Пештерица, с. Ореовец

Локалитетот Пештерица се наоѓа на 7 км североисточно од Прилеп[90].

Проучувањата покажуваат дека истражената градба е вила рустика, која ја сочинува комплекс од три целини, споени, а сепак секоја со посебна намена, посебни простории и влезови. Еден дел од комплекс е наменет за живеење, а друг е бања. Се претпоставува дека вилата била изградена кон крајот на 3-от век и егзистирала до средината на 4-от век, кога настрадала. Потоа била повторно користена за живеење, а нејзиното постоење завршува со пожар, во третата четвртина на 4-от век. Во погребувањата околу вилата најдени се монети од царевите Проб и Констанциј II.

Движните наоди покажуваат разновидност. Монетите припаѓаат на ковањата на царевите Константин I - Теодосиј I. Грнчаријата е локална, а меѓу нив и малку фрагменти од луксузна доцноантичка грнчарија.

При истражувањата, на 130 м северозападно од вилата, најдени се гробови, чии особености укажуваат на постоење на доцноантичка некропола. Истражени се 4 гробови. Правец на протегање е северозапад-југоисток. Скелетните погребувања се изведени во: гробна циста, направена од шкрилести или мермерни плочи, на споевите бил употребен бел варов малтер; погребување во гробна јама вкопана во земја, со покрив од тегули. Најдени се и тули поставени под главите на покојниците. Во едниот од нив биле погребани два скелета. Како гробни прилози најдени се грнчарски садови, стаклени садови, предмети и накит од сребро и злато и монети. Движниот материјал потекнува од 4-от век.

## 6. 2. Задна Река, с. Витолиште

Локалитетот Задна Река-Грмајте се наоѓа околу 1,5 км североисточно од с. Витолиште, на терасести падини од двете страни на Задна Река. На овој простор

---

[90] К.Кепески 1976 а, 143-156.

констатирани се доцноантичка населба, доцноантичка некропола и средновековна некропола[91].

Истражуван е еден објект, чии ѕидови биле градени од камен и кал. Објектот имал повеќе простории. Ѕидовите се многу рустично градени, со значителни искривувања, а настрадал од пожар. Врз објектот се сместени средновековни гробови. Станбениот објект бил покриен со дрвена конструкција, врз која биле поставени покривни тегули и имбрекси. Подовите биле изведени од набиена земја и на места од плочести камења. Дел од овие простории бил наменет за занаетчиска работа, со употреба на вода, која намена ја сведочи каналот за доведување на вода од реката. Се смета дека овде имало производство на питоси.

Од доцноантичката некропола откриени се 4 гробови со конструкции од големи плочи - цисти и од тегули на две води. Според нумизматичкиот и останатиот наод некрополата потекнува од 2-ри до првите децении на 5-от век. На просторот од населбата и некрополата, подоцна била формирана словенска нелропола, каде гробовите се правени во рдови., а таа се проширила на двата брега на Задна Река. Според гробниот инвентар оваа некропола се развивала во 10-ти/11-ти век.

Грнчарскиот материјал покажува разновидност. Производи од локално производство со кујнска намена, грниња, импортна грнчарија се шолји, чаши, со по една рачка, со тенки ѕидови со сива или црвена боја, неколку примероци од доцноримска црвена грнчарија, украсени со печатени геометриски орнаменти. застапени се и фргаменти на садови од македонската сива грнчарија.

## 6. 3. Градиште, с. Дебреште

Лок. Градиште кај с. Дебреште се наоѓа на патот Прилеп-Кичево. Тоа е плато, благо возвишено, со површина од 3 хектари. Во 1928г. Н. Вулиќ истражувал тврдина од античко време. Во 1970-тите год. Б. Бабиќ истражува доцноримска и рановизантиска тврдина, некропола, две јами во кои движниот материјал покажува огромна временска раздалеченост. Материјалот е датиран од 8-ми/7-ми век п.н.е., 6-ти век н.е., 10-ти-11-ти и 12-ти-13-ти век н.е.[92]

До доцниот 5-ти век има многубројни објекти за живеење и од јавен карактер, изградени од кршен камен брзан со варов малтер, а некаде и со кал. Од 6 век најдени се многу фаргменти на грниња од локално производство, работени на колце.

Од крајот на 6-от век во средишниот дел од локалитетот констатиран е долен дел од словенска куќа, од кругот на прашко-пековската култура. Тоа е полуземјанка, со правоаголна основа и покрив на две води, кој со долниот дел лежел на земја.

Во овој комплекс од слоеви особено е значајна тврдината. Нејзината последна фаза потекнува од времето на Јустинијан I. Таа има неправилна основа и зависела од формата на височинката каде се наоѓала. Има пет кружни и три петтоаголни кули и две порти.

---

[91] Л.и К.Кепески 1990, 185-186.

[92] Б.Бабиќ 1976, 251-262.

## 6. 4. неколку други доцноантички локалитети во прилепско

Низ прилепскиот регион констатирани се повеќе локалитети од овој период. Од крајот на 3-от и првата половина на 4-от век потекнуваат повеќе локалитети, што потврдува да овој регион бил густо населен. Откриени се повеќе некрополи.

Кај с. Алинци, на патот кон Битола, на локалитетот *Бостаниште*, ископувана е некропола од средината на 4-от век, каде гробовите се во вид на цисти од камени и мермерни плочи, со спалени покојници и бројни прилози. Слични гробни конструкции и гробови од тегули и имбрекси пронајдени се од крајот на 3-от и прва половина на 4-от век на локалитетите Бакалица, Ташачица и Караташ-Варош, во непосредна близина на Прилеп[93]. Грнчарскиот материјал не е публикуван.

Локалитет *Старо Лагово*, прилепско. На месноста наречена Ѓупско Маало е откриена населба од римско време. Најдени се фрагменти од грнчарски садови, имбрекси и градежен материјал.

## 7. Штипски регион

Брегалничкиот регион бил населен уште од периодот на неолитот, па преку енеолитот, бронзениот период до римскиот и претставувал подрачје каде се протегале сообраќајниците преку кои се поврзувал со соседните региони. Со римската поделба на четири мереиди, Пајонија влегува во просторот на втората област. Преку Брегалничката долина минувал патот кој ги поврзувал Стоби со Сердика. Овој пат се надоврзувал на патот кон Хераклеја Линкестиска, со што биле возможни контакти со најголемата сообраќајница Виа Егнатиа.

Штип во историските извори се спомнува во времето на римскиот император Тибериј (14-37), како пеонски град Астибо. Со истото име се спомнува и во 3-от век, а во 4-от век е обележан во картата на Пеонија[94].

## 7. 1. Баргала, с. Козјак

Североисточно од Штип, кај с. Козјак егзистирал доцноантички каструм, кој како цивилен град продолжил да живее и во доцен 4-ти, 5-ти и 6-ти век. Последните монети од градот се од 601-ва/602-ра година. Како и на другите доцноантички наоѓалишта каде последни монети се јавуваат од истата година, се поврзуваат со наездата на Словените и Аварите, кои во 586 година стигнале до Солун.

---

[93] Истиот, Arheoloski tragovi iz antickog i srednjevekovnog perioda u prilepskom kraju, Materijali IX, 23.
[94] Ф.Папазоглу 1957, 224.

Во месноста Горен Козјак, на 2,5 км јужно од с. Долен Козјак и ранoримска Баргала, лоциран е доцноантичкиот - ранохристијански град Барагала. Бил развиен од поранешна римска тврдина за потребите на поголема воена единица. Во 4-от век тука се развила цивилна населба, која се издига во ранохристијански епископски град Баргала[95].

Градот имал неправилна трапезоидна форма со димензии: 280 м и 150 м должина х 185 м широчина, или вкупна површина од 4,68 ха. Кулите на тврдината биле четвртести и истурени, и таа имала два влеза од западна и источна страна. Површината му изнесувала 4,68 ха. Бил заграден од високи бедеми, градени од кршен камен и варов малтер.

Баргала од мала населба во антиката прераснува во напреден град, а во доцната антика во едно од главните епископски седишта по средниот тек на реката Брегалница. Го започнува развојот во 4-от век, за да во времето на Јустинијан ја достигне својата кулминација. Настрадал од аваро-словенските напади.

Со археолошките истражувања кои се вршат последните четириесетина години откриени се Епископска базилика, мала базилика, Епископска резиденција, простории со стопански карактер, објекти за живеење, дел од бедемот на градот со градска порта и сакрален објект надвор од градот базилика Екстра Мурос.

Ископувањата во градот во изминатиот период биле насочени кон ранохристијанскиот комплекс на епископската базилика[96]. Објектот е трикорабна базилика со егзонартекс и нартекс. На северната страна е додаден баптистериум, со три простории од западната страна. На јужната страна на средниот кораб има остатоци од амвон. Подовите во црквата биле обложени со камени плочи, со исклучок на северниот на кој има полихромен моазик од крупни тесери. Базиликата биле подигната во крајот на 4-от век, а била преѕидувана во 5-от / 6-от век. Западно од базиликата се наоѓа епископската резиденција. Пред нив се простираат трем со колонада, улица и мал плоштад.

При истражувањето на базиликата најдени е остава на монети, датирани од Анастасиј (491-518) до Маврикиј (578-582). При изведување на конзерваторско-реставраторски работи на источниот крак од северниот бедем во непосредна близина на простории за живеење, во 2000 година најдена е уште една остава на монети. Во составот на депото се монети од Анастасиј до Маврикиј, датирани во 601-602 година[97].

Според овие наоди, се смета дека градот бил разурнат при словенско аварскиот напад околу 585 година. Следниот живот во градот е забележан како многу скромен.

Западно од градскиот бедем на Баргала откриена е една Екстра Мурос базилика. Таа е трикорабна, со широка апсида со крипта, нартекс и егзонартекс. Богатата декоративна архитектонска пластика укажува дека објектот е изграден во крајот на 4-от век.

---

[95] Б. Алексова 1975, 21-32; Истата, 1978, 75-91; Истата, 1983, 85-119; Истата 1995, 131-140;
И. Венедиков, Баргала, разкопки и проучвания I, Народен археологически музей, София 1948, 88.
[96] Истата, 1975, 21-32.
[97] Т.Нацев, Б.Јовановска, Депо на монети од археолошкиот локалитет Баргала, Zbornik Arheologija 2, Skopje 2005, 185-194.

## 7. 2. Крушка - Варница, с. Стар Караорман

Локалитетот се наоѓа на левиот брег на реката Брегалница во североисточниот дел на с. Стар Караорман. На површина од околу 1 ха најдени се остатоци од доцноантичка и средновековна населба[98].

Откриена е ранохристијанска, трикорабна базилика и засведена, ѕидана гробница. Базиликата била во употреба и во средниот век. Од овој локалитет потекнува еден грнчарски сад, кој од истражувачот е сместен во 7-от век, како производ на најстарата словенска продукција.

# 8. Струмички регион

## 8. 1. Керамидарка, с. Мокрино

Источно од Струмица, кај с. Мокрино на падина во струмичко поле, а во подножјето на Беласица се наоѓа локалитетот Керамидарка. Тоа е населба од римско време и некропола од средновековниот период.

На локалитетот, егзистирале доцноримски објекти од 3-от и 4-от век. Врз нив се откриени средновековни гробови. Доцноримската грнчарија од истражувачот е занемарена, заради многу малиот број на фрагменти и адекватната неповрзаност со објектот од тој период[99].

## 8.2. Орта Џамија, Струмица

Локалитетот Орта Џамија се наоѓа во градското јадро на градот, каде под темелите на џамијата се откриени остатоци од повеќе културни слоеви, што покажува на постоењето на живот на ова подрачје низ целата историја. Евидентирани се хеленистичко, римско и ранохристијанско време (2-ри в.п.н.е. - 4-ти в.н.е. и 5-ти - 6-ти в.н.е.), темели од средновековна црква (11-ти - 12-ти в.) и повеќеслојна средновековна некропола (11-ти - 17-ти в.)[100].

Составен дел од овој повеќеслоен локалитет е доцноантичкиот објект. Доцноримскиот период се следи во 5 век. Тоа е ранохристијанска базилика, која лежи под темелите на средновековна црква, која пак е подигната и живописана во втората половина на 12ти - почеток на 13-ти век. За сакралниот карактер на местото укажуваат и бројните гробови. Во 17-ти век на ова место е подигната џамијата.

---

[98] З.Белдедовски 1990 а, 45.
[99] Е.Манева, Ј.Ананиев, Ќерамидарка - с. Мокрино кај Струмица, МАА 11, Скопје 1990.
[100] М. Атанасова 1999, 325-331.

Во рамки на историските случувања во овој регион, од особено значење е Житието на Тивериополските маченици од охридскиот епископ Теофилакт, во кој е податокот дека варварски народ Обри (Авари) навлегле во областа Тивериопол и опустошиле многу градови во него[101].

## 9. Кичевски регион

### 9.1. Кржалица, с. Карбуница

Југоисточно од с. Карбуница, недалеку од современиот пат Кичево - Македонски Брод - Прилеп, се наоѓа античка некропола од хеленистичко и доцноантичко време. Истражувањата на оваа некропола покажале дека е повеќе слојна. Констатирани се два хеленистички гроба, два временски неопределени од истражувачот и два доцноантички. Доцноантичките гробови се изведени во форма на циста, направени од камени плочи. Едниот имал покрив од тегули и имбрекси, веројатно покривањето било поставено на две води. Погребувањето е со инхумација. Во едниот е најдена стомна како гробен прилог. Во едниот гроб од хеленистичко време, во периодот на доцната антика е изведено уште едно погребување. Покрај остеолошкиот материјал најдени се стомни и стаклена паница[102].

## 10. Преспански регион

### 10. 1. остров Голем Град

Локалитетот на Островот Голем град е повеќеслоен. Најдени се остатоци од неолитско, хеленистичко и римско време, некропола од римско време и среден век. Островот се наоѓа во југозападниот дел на Преспанско Езеро, со површина од 18 ха и претставува природна тврдина[103].

Истражувањата на островот Голем Град во Преспанското Езеро биле изведени на пет сектори, опфаќајќи објекти од 4-ти до 14-ти век. Движниот материјал покажува голема разновидност, односно од хеленистичкиот период (4-ти / 3-ти век п.н.е.), преку римскиот и доцноантичкиот, до средновековниот период. Сектор I ги сочинува истражуваните црква Св. Димитрија, некропола околу неа со стотина гробови, и хеленистички куќи, сместени на западниот дел од островот. Некои од гробовите имаат делови од накит како гробни прилози и

---

[101] Б.Панов, Струмица и струмичката област во средниот век (VI-IX), Акта Велјуса, Скопје 1984, 47

[102] Г.Спасовска Димитриоска 1989, 143-151.

[103] В. Битракова Грозданова 1989а, 101-134.; Истата, 1988 б, 203-210.

повеќето од нив са датирани во доцноантичкиот период. Во сектор II е ранохристијанската црква, на источниот дел од островот. Во сектор III е истражувана црквата Св. Петар, со живопис од 14-ти век, во сектор IV се наоѓа еднобродна црква, од ранохрисријанскиот период од 4-ти / 6-ти век, сместена во средината на островот. Сектор V ја сочинува тврдината на југот од островот. Римски и рановизантиски монети од бронза, најдени на островот, се: Коинон Македонон, Аурелиан, Валентинијан I, II, Аркадиј, Теодосиј II, Јустинијан I и Константин IV (668-685).

Во секторот I, каде што се наоѓа црквата Св. Димитрија, хеленистички куќи и некропола, на просторот од некрополата, потекнува римската грнчарија. Застапени се фрагменти на печатена грнчарија, каде се присутни форми на кругови, розети и иглолисни детали, а припаѓаат на ѕидови, рабови или капаци. Овој тип на грнчарија е датиран во 3-ти или 4-ти век.

Фрагменти украсени со линии од тврд предмет или ребресто напластување потекнуваат од недефинирани слоеви и со тоа немаат точна датација од истражувачот[104].

Фрагментите од амфори со бледожолта боја и енгоба, со ребреста декорација се датирани во 3-ти до 6-ти век[105].

## 10. 2. Претор

Локалитетот во Претор го изделуваме од повеќето истражувани локалитети на крајбрежјето на Преспанско езеро. Тој, од авторот на истражувањата е неименуван, затоа го користиме само името на селото.

Со сондажни истражувања откриени се траги од станбена архитектура, со хипокаустен систем за загревање и мозаичен под. Се смета дека е вила рустика од периодот на доцната антика. До вилата најдени се гробови од истиот период. Истражувачот, наодите од еден од тие гробови, грнчарските наоди, стомна и чаша и една бронзена белегзија ги сместува во втората половина на 4-ти век[106].

# 11. Тиквешки регион

## 11. 1. Демир Капија

Во Демир Капија, на локацијата наречена Манастир и Црквиште, истражуван е повеќеслоен локалитет[107].

На локацијата *Манастир* констатирани се слоеви од предисторискиот период, според неолитски наоди, бронзановременски, халштатски, остатоци од

---

[104] Истата, 1989а, 119,120, сл.37-43, сл. 44-49.
[105] Ibid, sl. 50-51.
[106] Истата 1988 а, 187-190.
[107] За наведените локалитети во ова поглавје детално кај Ж. Винчиќ, 1996.

некропола со сликана грчка керамика од 5-ти / 4-ти век п.н.е., траги од поголема римска некропола и остатоци од средновековни и словенски гробови.

Истражувањата покажале остатоци од гробови со прилози керамика и монети од римскиот период, со врежани крстови од внатрешната страна на гробовите. Над овие гробници или во истиот слој се наоѓаат и словенски гробови.

На локацијата *Црквиште* се наоѓаат остаоци од ранохристијанска црква со подоцни фази на доградба и остатоци од ранохристијанска и словенска некропола[108].

Црквата, со ориентација исток-запад, има трибродна основа, со апсида на источната страна, нартекс и анекс на северната страна. До самата црква најдена е голема ранохристијанска гробница. Со нападите на Аварите и Словените црквата е до темел урната, па е повторно, во помал облик, подигната во 9-ти-10-ти век.

Гроб 193. Конструкцијата на гробот е од камени плочи. Покривните плочи се поврзани со малтер, а работ на гробот е изведен со цигли. Ориентација запад-исток. Скелетно погребување. Наоди: бронзена, позлатена фибула со Христов монограм, две стомни и стаклен сад. Тоа е гроб означен во ранохристијанскиот период. На некрополата се најдени 15 гробови од овој период, но сите се многу сиромашни со наоди. ( Генерално, ранословенските гробови во Демир Капија, кои се наоѓаат околу црквата, се датирани во 9-ти-10-ти век. )???да го исфрлам...

Меѓу многуте посочени наоѓалишта од периодот на доцната антика во тиквешкиот регион посочени се следните локалитети од кои се публикувани неколку грнчарски садови од периодот на доцната антика.

## 11. 2. Градиште, Чаир Рид, с. Тремник

На зарамнетото градиште, кај с. Тремник, неготинско, се наоѓа раноантичка населба и некропола. На висок рид е зарамнето плато, на кое по површината се гледаат остатоци од одбранбен бедем, фрагменти од грнчарија и градежен материјал. На јужните падини од градиштето во текот на доцната антика се изградило подградие. До него се развила некропола со гробови од типот циста од камени плочи[109].

## 11. 3. Мотичански Дол, с. Дреново

На 1,5 км југозападно од с. Дреново, кавадаречко, на благи падини, се наоѓа мала населба. Има индиции дека тука се наоѓа ранохристијанска базилика.По површината има фрагменти од грнчарски садови, градежен материјал и архитектонска пластика.

---

[108] B.Aleksova 1966, 19.
[109] Ж.Винчиќ 1996, 105.

## 12. Делчевски регион

Делчевскиот регион на исток е географски поврзан со Тракија. Административно, исто така, бил под римската провинција Тракија. Веројатно, тоа се предусловите да бидат примени извесни влијанија од тој регион, како што се погребни форми, големи могили, кои се среќаваат на локациите Вирче, Ветрен, Бигла, Делчево и друго.

Областа изобилува со доцноантички утврдувања, меѓу кои најголема по обем е утврдената населба Градиште кај село Град, со димензии 150 x 150 м.

## 12. 1. Чифлик, с. Драмче

Кај село Драмче регистрирани се неколку локалитети од доцноантичко време. Берова Чешма и Градиште I се населби од овој период, а Вчкова Маала е некропола од истиот период.

Локалитетот Чифлик, истражуван последниве години, од приложените предмети во објавениот материјал покажува дека се работи за доцноантичко населено место. Презентирани се два доцноантички грнчарски садови. Стомна, датирана во 2-ри-3-ти век. Чаша со печатени орнаменти, датирана во ран 4-ти век. Најдена е и железна војничка секира од 4-ти век[110].

## 13. Кумановски регион

## 13. 1. Градиште, с. Пчиња

Локалитетот се наоѓа на 9,5 км југоисточно од Куманово и 1,6 км северно од с. Пчиња, во кужниот дел на кумановскиот регион[111].

Градиштето има одбранбен бедем, граден во три фази. Челната, четвртеста кула, заедно со ѕидот од бедемот од првата фаза на изградба биле градени од кршен камен и многу малтер. Оваа фаза се одликува со солидно и внимателно градење. Целосно, оваа фортификација по својот изглед, лоцираност и концепција одговара на потребите и стандардите од доцноантичкиот период.

Првата фаза постоела во 4-от век, кога контурите ја следат конфигурацијата на теренот. Втората фаза е од времето на Јустинијан I, кога има петоаголни и триаголни кули. Тврдинта опфаќала простор околу 3 ха. Кастелот настрадал во крајот на 6-от век и бил напуштен. Скромната обнова од третата фаза била само на највисокиот дел од локацијата. Можеби се работи за стражарски пункт за контрола на патниот премин.

---

[110] М.Јованов, Т.Нацев 2001.
[111] З. Георгиев 1989, 199-212.

## 13. 2. Дрезга, с. Лопате

Локалитетот Дрезга се наоѓа во атарот на с. Лопате, оддалечено десетина километри западно од Куманово, а 1 км од с. Лопате. Тоа е населба и некропола од римскиот период. Временскиот распон на некрополата се движи од крајот на 1-от до средината на 4-от век. Според епиграфски податоци од надгробни стели се смета дека на локацијата биле сместена царинска станица со име Ламуд.

Оваа населба имала просперитет во раното и доцното римско време. Хронолошки, комуникациски и културно оваа населба има најблиски аналогии со соседниот римски град Скупи.

Некрополата ја сочинуваат гробови кои типолошки припаѓаат на раноримските од групата Мала Копашница-Сасе, многу распространети во Горна Мезија. Доцноримските се гробови каде сохранувањето е со инхумација, во правоаголни јами, цисти, покриени со надгробни стели, кои потекнуваат од 2-ри до 4-ти век со латински натписи со приватен каратктер, цисти од делкан камени блокови покриени со стели, цисти од керамички тули и тегули, цисти од секундарно употребени стели, правоаголни јами покриени со камени плочи. Овие гробови потекнуваат од 3-от и цел 4-ти век.

Според гробните прилози се смета дека населението припаѓало на доселениците од источните римски провинции[112].

## 14. Тетовски регион

Проучувањата на тетовско, гостиварско, кичевскиот крај покажуваат дека римската држава не била заинтересирана да го заживее овој дел од империјата. Во територијата од западниот дел на Република Македонија римјаните не организирале градови.

Овие предели биле само транзитни и воглавно биле користени како подрачја за користење на рудните богатства. Дел од нив биле користени за контролни стражи или како гранични тврдини на линии меѓу провинцциите во доцната антика.

На три од нив, Стенче, Рогле, Лешок, се најдени базилики од ранохристијанскиот период[113].

## 14. 1. Градиште, с. Стенче

Една од повеќето тврдини во полошкиот регион е локалитетот Градиште изграден на издолжен рид, на Сува Гора, 0,9 км источно од с. Стенче.

---

[112] Е.Петрова 1987; Истата 1990, 135-149; Ѕ.Николовски 1999.
[113] В. Лилчиќ 1996, 53-84

Тврдината била добро поставена за вршење контрола на патот кој водел од Кичевијата преку превојот Света на Сува Гора, кон Скопје.

Кај источниот раб на селото, на издигнат рид со зарамнето плато со површина 150 х 60 м, на површина од 0,5 ха се наоѓа утврдената населба од доцноантичко време и старохристијанска базилика. Населбата е опкружена со одбранбени бедеми, кои на места се сочувани до 2 м.

Зад челната полукружна кула од доцноантичко време била изградена мала, едокорабна ранохристијанска црква, а истата била обновена во средниот век. Југоисточно од апсидата откопана е крипта (гробница). Централно место во тврдината зазема голема цистерна за вода од 6-от век.

Најновите истражувања открија базилика со должина од 28 м и широна 18 м, со две фази на изградба, мала и голема крстилница до неа. Многубројните метални наоди зборуваат за интензивниот живот на оваа тврдина. Најрана монета е од 3-от век, но доминираат бронзени монети од 4-от, 5-от и 6-от век. Следни монети се од 11-ти, 12-ти до 14-ти век.

Населбата, опфатена со цврста фортификација, заедно со акрополата, подградието и црквите дава индиции за постоење на регионален религиозен, а можеби и занаетчиски центар во Плог[114].

## 15. Кочански регион

## 15. 1. Касарнски круг, Кочани

На левиот брег на Кочанска река, на падина која се издига во средишниот дел на градот, се простира локалитет, каде истражувањата покажале постоење на римска и доцноантичка некропола.

Истражувачот издвојува неколку начини на погребување: кремирање во гробна јама покриена со камени покривни плочи, инхумација во јама без конструкција и инхумација во камена циста. Наодите се датирани во период од 2-ри-4-ти век. Се смета дека некрополата била користена од блиската населба Горица. Присутни се разни видови на обичаи на погребување, каде доминираат автохтоните измешани со римските.

Го изделуваме гроб 4. Тоа е погребување со инхумација во гробна јама со димензии 1.50 х 0.60 м, со осриентација и-з, покојникот е згрчен на левата страна, со десна рака свиена во лакотот. Припаѓа на неримски начин на погребување, во јамата нема гробни прилози, туку има повеќе фрагменти на грнчарски садови врз неа, во гробната хумка.

Истражувачот наодите ги сместува во широки рамки на доцноантичкиот период[115].

---

[114] В. Цветаноски,С. Костадиноски 2006, 30-47.

[115] И. Атанасова 2005, 211-222.

# 16. Дојрански регион

## 16. 1. Манастир, Дојран

На централниот простор од денешен Дојран се простира античка некрополата. Со археолошки ископувања истражувени се неколку гробови. Од веќе уништени гробови од механизација, при вршење на градежни работи на локацијата, најдени се неколку грнчарски садови. Новоистражените гробови се погребувања со инхумации во јами со неправилна правоаголна форма и покрив на две води од тегули, чија оринетација е во правец исток-запад; гробна јама оформена од секундарно употребени камени плочи, ориентација во правец север-југ; и погребување изведено во тесен ров покриен со камени плочи, со оринетација во правец север-југ.

Според движните наоди, истражувачите овие погребувања ги датираат во доцната антика, односно од 3-от/4-от век, со можност за временско продолжување и во следниот период[116].

# 17. Кратовски регион

## 17. 1. Големо Градиште, с. Коњух

Локалитетот Големо Градиште се наоѓа 40 км источно од Скопје, административно припаѓа на општина Кратово. Сместено е на левиот брег на Крива Река, во близина на селото Коњух.

Археолошките истражувања покажуваат истраженост на акрополата, каде е истражена цистерна (сектор 1), долен град под акрополата и северна тераса покрај реката (сектор 2). Локалитетот е датиран во периодот од 4-от до доцен 6-ти / ран 7-ми век. Акрополата со своите содржини била наменета за згрижување на населението на оваа мала населба, имала улога на рефугиум. Југоисточно е сместена ранохристијанска црква од 6-от век.

Грнчарскиот материјал покажува голема содржина на едноставна грнчарија без премаз, наменета за готвење, многу садови за чување на храна, македонска сива грнчарија и неколку примероци од импортна источномедитеранска грнчарија. Проучувачот на грнчарскиот материал, В. Андерсон Стојановиќ, го датира материјалот од овој локалитет, генерално од 4 до 6-ти/7-ми век, со тоа што македонската сива ја сместува во 5-ти век, амфорите од LR amphora 1 и 2 се од 6-ти и 7-ми век, зеленоглеѓосани садови од 5-ти век, и тоа од работилници од Тракиа и Дакиа[117].

---

[116] Е.Сламков, Ѓ.Гушев 2005, 189-210.

[117] K. Snajvli, E. S. Kanzurova, M. Stojanoski 2007; V. Anderson Stojanović 2005; В.Лилчиќ 1994 б, 33-47.

# IV. Бројна застапеност на одделни категории и типови на доцноантички грнчарии во Република Македонија

Во обработката на грнчаријата од доцноантичкиот период на територијата на Република Македонија опфатени се седумнаесет региони, со повеќе локалитети во нив. Со класификацијата и типолошката анализа на материјалот ги утврдивме категориите и типовите грнчарии.

Доцноримската црвенопечена грнчарија е присутна со Африканска црвенопечена грнчарија и Дицноримска Ц грнчарија - Фокеанска. Африканската се состои од 61 чинија и 1 стомна, а Доцноримската Ц грнчарија од 44 чинии.

Македонската сива грнчарија е застапена со 53 разни чинии и со 20 стомни и други помали садови од затворен тип.

Амфорите се застапени со вкупно 22 примероци.

Стомните се вклучени со 34 предмети, каде се сместени примероци кои имаат премаз или се без него.

Како посебна категорија се изделува глеѓосаната грнчарија со 13 садови од различни видови, кадешто можат да се вбројат поголем дел од посебната категорија Садови за триење. Оваа категорија е застапена со 11 садови.

Садовите изработени од локалната продукција се поделени на садови со премаз или без него. Садовите со премаз ги сочинуваат длабоки чинии со 15 примероци, изделени во 5 типови, грништа со 17 предмети, изделени во 8 типови и 11 стомни, вклучени во општата типологија за стомни.

Садовите од локално производство, работени без премаз, ги сочинуваат 29 длабоки чинии, изделени во 5 типови, 147 грништа, изделени во 10 типови и подтипови, 12 капаци за различни садови, 3 чаши, 2 сада со специфичен изглед, 8 фргамнети од дна на различни садови, 14 питоси, изделени во 4 типови, и како посебна категорија од садови со локална продукција, а кои имаат мазнета површина и се без премаз се изделени 7 различни садови.

Студијата за доцноантичкта грнчарија во Република Македонија содржи вкупно 515 садови. Преку класификацијата на одделни категории и типови направен е обид да се создаде целосна претстава за нивната застапеност на оваа територија.

Бројната застапеност на одделни категории и типови грнчарии може само делумно да ја искаже присутноста на овие садови на тлото на Република Македонија во доцната антика. Присутноста на одделените категории и типови грнчарии е од поголема важност за проучувањето на доцноантичката грнчарија во одделни наши региони, одколку нивната бројна застапеност. Тоа го оправдуваме со фактот дека истраженоста на локалитетите, а со тоа и на одделните региони, не е со иста големина, па, поистражените локалитети на тој начин би добиле само на квантитет, а не и во однос на разновидноста на материјалот и реална претстава за неговата бројна застапеност. Ваквата еднострaност не е пожелна при научните истражувања, затоа бројната застапеност ја вклучуваме информативно, без претензии за нејзино поголемо вреднување при анализите.

# V. Типологија на грнчаријата

## 1. Доцноримска грнчарија со црвен премаз

Производството на црвенопечената грнчарија се следи во текот на целиот римски период. Таа се развива во текот на седум векови и огромната продукција и распространетост пружаат можност за поголеми научни расправи. Затоа, во текот на долгогодишните проучувања на оваа тема, Доцноримската црвена грнчарија доживува различни поделби.

Во текот на проучувањата во деветнаесттиот и дваесеттиот век различните типови грнчарии биле различно именувани, па, така и третирани. Сите именувања биле многу слични и се движат околу термините Доцноримска грнчарија, Доцноримска црвена грнчарија, определени со разни додатни ознаки и повеќе типови тера сигилати. Како најприфатени останати определби се оние на Хејс, разделени како Африканска црвеноглазирана грнчарија, Тера сигилата Б, Доцноримска Ц - Фокејанска црвеноглазирана грнчарија, Кипарска црвеноглазирана грнчарија.




Abb. 1. Spätantike Sigillata- und Lampentöpfereien (●) in Tunesien (▬ Staatsgrenze). M. 1:2000000.

Центри за производство
на Африканска црвенопечена грнчарија во Тунис
(М.Макенсен, 1993)

Од средината на деветнаесеттиот век се следат проучувањата во оваа област[118]. Првите известувања се оние на Фалбе и Леклерк од Картагина од 1833-та година. Во лоцирањето на грнчарски работилници на северноафриканскиот брег заслужен е Дешлет, од француската школа.




Локации со наоди од Африканска црвенопечена и Доцноримска Ц грнчарија

[118] J.W.Hayes 1972, 13-292, 323-370, со цитирана литература, со која е даден преглед на најраните извори за оваа проблематика:
H. Leclercq, Manuel d'archéologie chrétienne, Paris 1907;
J. Déchelette, Les vases céramiques ornés de la Gaule romaine, Paris 1904;
F.O.Waage, The American Excavations in the Athenian Agora, Forst Report: The Roman and Byzantine Pootery, Hisperia II, 1933, 279-328, pls. VIII-X.;
N. Lamboglia, Terra sigillata chiara, Rivista Ingauna e Intemilia, 1941;
Истиот, Gli scavi di Albantimilium e la cronologia della ceramica romana, Campagne di scavo 1938-1940, Bordighera 1950;
F.F.Jones, The Pottery, in Excavations at Gözlü Kule, Tarsus, the Hellenistic and Roman Periods, Princeton 1950;
H.S.Robinson, The Athenian Agora V, Pottery of the Roman Period, Chronology, Princeton 1959;

Германската школа се јавува со Драгендорф во 1897-ма година со истражувања во Египет. Ваге, со проучувањата на грнчаријата од атинската агора, направил голем чекор напред, воведувајќи термин Доцноримска А, Б, Ц, а по проучувањата во Северна Африка ги вовел следните определби Д и Е. Ламбоља го вовел терминот Тера сигилата кјара и во своите четири подгрупи многу се надоврзал на определбите на Ваге. Меѓу многуте проучувачи што следат се Џонс, Хејс, Кенион, Робинсон. Џонс, преку материјалот од Тарсус, употребува термин Доцноримска црвена грнчарија.

Африканската црвенопечена грнчарија е многу чест производ што се среќава низ римските провинции. Нејзиното појавување се поврзува со производните центри на северниот брег на африканскиот континент, на територијата на денешен Тунис, од доцен 1-ви до 7-ми век. Таа е водечка, фина грнчарија во медитеранскиот свет, вклучувајќи го и Рим, произведувана во долгиот римски период, особено во доцноантичкиот.

Називот за оваа серија садови, Африканска грнчарија со црвен премаз, го предложил Хејс, потпирајќи се на именувањето од Кенјон на материјалот од Сабрата. Тој го разделува овој тип грнчарија од претходните определби Тера сигилата Б и Доцноримска Ц.

Успешното определување на Хејс се засновува преку точно изведената дескрипција за овие типови на грнчарии. Кај Тера сигилата Б садовите се направени од добро пречистена глина, која е повеќе слојна, што е воочливо на прекршувањата, кои се секогаш искривени. Печењето е меко, а бојата на глината е црвеникава до жолтеникаво-светло кафена. Глазурата е густа, сјајна, портокалово-црвена. Оваа грнчарија ја има во источното Средоземие. Поделена е на тера сигилата БI и тера сигилата БII. Првата е наречена Самоска Б според Робинсон и Џонс и датира од 10-та - 75-та г.н.е. Втората, од истите проучувачи, е наречена Самоска А, а датира од 75-та - 150-та г.н.е.

***Африканската грнчарија со црвен премаз*** е водечка фина грнчарија во Медитеранот во текот на неколку векови постоење на римската држава. Таа ја диктирала модата во грнчаријата во најголем дел од овој период. Овој тип грнчарија ја претставуваат садови изработени во многу фина изведба, од глина со стандардно гранулест изглед, со црвено печење и мат, црвен премаз или сјај, различен од блескавиот полиран изглед на раноримската тера сигилата. Глината содржи парчиња фин кварц, бел и кафенкаст, а момирокот е видлив кај повеќето садови и никогаш не е присутен во преголеми количини. Се среќаваат и парченца бел варовник, па, како резултат од печењето, од поголемите грутки остануваат воздушни меури. Глазурата е вообичаено со потемен тон од оној на самата глина. Таа се движи од портокалово-црвена, до ќерамидесто-црвена.

Садовите од овој тип грнчарија најчесто се недекорирани, освен разновидните жлебови. Подоцнежните типови добиваат на дното втисната декорација, во вид на медаљон. Нивната изведба можеби била под влијание на декорацијата од металните современи садови на тоа време. Сепак, најголем број садови од оваа категорија на грнчарија се без декорација, па жлебовите претставуваат единствен декоративен елемент. Сето ова придонесува садовите да имаат мазен изглед, лесен сјај, а формите задоволуваат високи естетски норми и воедно се многу практични за употреба. Африканската црвенопечена грнчарија, особено во периодот на доцната антика, содржи многу форми и облици на садови, раширени во сите провинции на Империјата.

Следна категорија на грнчарија од периодот на доцната антика е ***Доцноримската Ц грнчарија***. Садовите од Фокеанската, односно Доцноримска Ц грнчарија, се со кафено-виолетово-црвеникава боја на печење, подвргнати на силно печење, чие прекршување е без пукнатини. Ретките садови со портокалова или портокалово-црвена боја се веројатно од раните фази на производство. Печењето на садовите е изедначено. Садовите се одозгора премачкани со црвен премаз во тенок слој. Разноводноста на форми од овој тип грнчарија е мал и специфичен. Одредени форми се произведувале долго време. Главна декорација се печатените орнаменти.

Силно развиените производствени центри на малоазискиот брег се претставени со Чандарли грнчаријата која постои до 3-ти век, а во периодот на доцната антика тука се јавува Фокеанската. Таа е продолжение на Чандарли грнчаријата, која претходно го завзема приматот во источниот дел на Средоземието. За Доцноримската Ц грнчарија се смета дека ја заменува претходната во својот луксузен изглед, потекло на производство и трговски позиции. Како главен производен центар се смета Фокеа во западниот дел на денешна Турција. Од таму се раширува низ целиот малоазиски брег и пошироко во тогашниот источноримски свет. Именувана е од Хејс според географското простирање. Овој тип грнчарија постои низ Медитеранот во периодот од 5-ти до 7-ми век.

Проучувањето на овие типови луксузни грнчарии во македонските наоѓалишта се изведе на голем број садови со што се доби подетална претстава за застапеноста на одредени форми.

Анализите на Афиканската црвенопечена грнчарија на територијата на Република Македонија може да се следат преку досегашните проучувања на бројниот материјал од античките градови Скупи, Стоби, Хераклеја и во охридската тврдина во Горен Сарај. На сите овие локалитети овој тип грнчарија потекнува од градските територии, во сигурно утврдени затворени целини, кои припаѓаат на периодот на доцната антика. Тоа се чинии кои со различната форма се вбројуваат во познатите определби на Хејс за овој тип грнчарија и не отстапуваат од големиот број на форми востановени за периодот.

Изнаоѓањето на оваа грнчарија во токму поголемите градски средини е сосема оправдана појава, заради потребите и можностите за користење на овие луксузни садови врзани со градскиот начин на живот. Сметаме дека поголемата истраженост на овие локалитети не е единствената причина за присуството на африканската црвенопечена грнчарија на овие локалитети.

Прегледот на издвоените примероци од оваа грнчарија започнува со форми кои припаѓаат на 3-ти век и кои преминуваат во 4-ти век. Чиниите произведувани во 3-ти век се со мала нога или рамно дно, широк и рамен раб и полусферично тело. Такви се чиниите на Т. 1, сл. 1, 2, 3, 4 - форми 33, 39, 48, 44 од определбата на Хејс и Т. 7, сл. 60, форма 181. Постепено, во полниот 3-ти век, чиниите добиваат широко и рамно дно, со наговестување на нога на надворешниот раб. Во 4-ти век се јавуваат попрактични садови изразени преку поедноставни форми на телото и работ. Т. 1, сл. 5, 6, 7, 8, 9 - форма 46, 53, 59, 50.

Мошне чест облик на чинии на овие наоѓалишта е формата 61. Заради надолу надвиснатото обликување на работ, овие чинии од некои проучувачи се наречени “чинии со фалта”. Формата се јавува доста порано, во првите векови од н.е., како припадник на Источната тера сигилата Б. Низ наоѓалиштата низ Република Македонија овие чинии се најчестата форма на садови од овој тип

грнчарија, Т. 2; Т. 3; Т. 4, сл. 29 - 33. Овие чинии генерално се датирани во периодот од втората половина на 4-ти до втората половина на 5-ти век. На истиот период припаѓаат чиниите од македонските наоѓалишта. Меѓу чиниите од оваа форма постојат одредени разлики, заради што се разделени во подгрупи А и Б. Чиниите од подгрупата А имаат позатворен раб, во однос на оние од подгрупата Б. Првите, пак, се хронолошки постари од вторите. Некои од македонските примероци ја поддржуваат оваа констатација, а генерално земено, чиниите со фалта имаат долготрајна употреба кај нас, така да, се среќаваат и во почетокот на 6-ти век. Ова е очигледно најомилената форма на чинии низ Медитеранот, а веројатно и најпроизведуваната.

Во 4-ти и 5-ти век ногата кај чиниите целосно ја снемува, а дното станува помасивно и садовите имаат поголеми димензии, Т. 4, сл. 34, 35, форми 62, 64. Вакви чинии некогаш имаат печатена декорација на дното.

Од раниот 3-ти век почнуваат да се произведуваат и големи чинии со проширен раб и рамно дно, Т. 4, сл. 36- 42, форми 67, 68. Кај нив на дното постепено се развива нога. На македонските наоѓалишта евидентираме садови од овие форми со големи димензии, како и на медитеранските наоѓалишта, каде се забележани ретки случеави на помали лончести серии. Нашите примероци припаѓаат на доцен 4-ти и 5-ти век.

Во 5-ти век се враќаат чиниите издигнати на нога. Оваа карактеристика ќе стане стандарден тип во 6-ти век и подоцна, до крајот на постоењето на овој тип грнчарија, Т. 5, сл.43, 44, 45; Т.7, сл. 56, форми 82, 84, 87, 104. Овие чинии имаат високо стрмен ѕид, честопати декориран раб од надворешната страна. Кај други, пак, дното се претопува во ѕидот, а работ личи на мала рачка, Т. 7, сл. 56.

На крајот од доцната антика, во 3/4 на 6-ти век и првата половина на 7-ми век, се јавуваат серии на чинии со големи димензии, на висока нога, развлечено тело во ширина и со ретки декорации, Т. 7, сл. 57, 58, форма 105, 107.

Малите чинии, кои повеќе наликуваат на длабоки чинивчиња, Т. 7, сл. 55, 59, форми 102, 108, се со заоблени ѕидови, издигнати на висока нога. Ги има на крајот од доцната антика, регистрирани на локалитетите Скупи и Стоби во 6-ти и ран 7-ми век.

Од скупските наоди ја изделуваме стомната на Т.V, сл.1 најдена како гробен прилог во неговата источна некропола. Тоа е висока стомна со една рачка, богато декорирана и со квалитетен црвено-портокалов премаз. Оваа луксузна стомна е импорт од Северна Африка. Гробот во кој е најдена стомната е датиран во 4-ти век.

Доцноримската Ц грнчарија е главната конкуренција на африканските садови во источниот дел на Медитеранот. Според распространетоста и застапеноста, веројатно е водечката грнчарија во регионот, произведена во Мала Азија. Оваа грнчарија се произведувала во периодот од 5-ти до 7-ми век. Грнчаријата, каде и да е најдена, е со исти карактериситики, па се смета дека е произведувана во еден центар.

Чиниите од форма 1, Т. 8, сл. 61, 62, 63, се со вертикално завршен раб, а на дното кај оваа форма е извлечена нога. Ги наоѓаме во доцен 4-ти до средина на 5-ти век.

Форма 2 ја сочинуваат чиниите на Т. 8, сл. 64, 65, 66, 67. Кај оваа форма чиниите се со развлечен раб во ширина и заоблено тело. Овие чинии ги има во доцен 4-ти - до крај на 5-ти век.

Чиниите од форма 3, Т. 9, сл. 68 - 73 и Т. 10, сл. 75 - 80, се најприсутни на македонските наоѓалишта. Кај оваа форма работ, и покрај големата сличност, само потсетува на форма 61 од Африканската црвенопечена грнчарија, односно т.н. чинии со фалта. Работ кај нив е вертикално поставен и задебелен, формирајќи прстен. Генерално, тој е конкавен од надворешната страна. Надворешноста на работ може да биде небоена, со потемна, кафенкаста боја, што е резултат на условите на печењето.

Садовите од оваа форма на дното имаат печатени декорации, позиционирани во концентрични кругови. Некогаш имаат декорација и на надворешната страна од работ. Таков е случајот со одлично изработената чинија со големи димензии од Хераклеја, Т. 9, сл. 68, датирана во слој од почетокот до средината на 6-ти век. Оваа чинија во средината има за сега единствена декорација кај нас, претставени се стилизирани срна и зајче. Според анализите на декорациите на овој тип грнчарија од Хејс орнаментите припаѓаат на група II, со мали животни и флорални мотиви.

Со печатена декорација се украсени рабовите и на чиниите од Стоби, Т. 10, сл. 75, и од Исар - Марвинци, Т. 10, сл. 79, 80.

Истражувањата на македонските наоѓалишта покажуваат дека оваа форма е најприсутна, а тоа се вклопува во генералното сознание за нив од истражувачите Ваге и Хејс, дека половина од продукцијата на Доцноримската Ц грнчарија ја сочинуваат чиниите од форма 3. Дури, во втората половина на 5-ти и првата половина на 6-ти век, 80-90% од целата продукција ја чинат тие[119]. Македонските чинии од форма 3 припаѓаат на 5-ти и 6-ти век.

Хоризонтално извлечен и заоблено профилиран раб има чинијата на Т. 11, сл. 82, форма 5. Оваа форма е од крајот на 5-ти и почеток на 6-ти век, како и чинијата од Стоби.

Чиниите од форма 10 ги среќаваме во Стоби и Скупи. За нив е можеби подобра одредницата длабоки чинии, чиј раб е различно заролан, по што и се разделени во три подгрупи. Тие немаат печатени декорации. Подгрупата А ја претставуваат чиниите од Т. 11, сл. 83, 84, а од подгрупата Б, оние од Т. 11, сл. 85.

Општата слика за садовите од овие два типа грнчарии за наоѓалиштата во Република Македонија е дека се среќаваат во големите градски центри. Тоа е резултат на можностите и потребите на градското население во нив. Африканската црвенопечена грнчарија ја следиме на локалитетите Стоби, Скупи, Лихнид и Хераклеја, а Доцноримската Ц грнчарија во Стоби, Хераклеја, Скупи и Исар - Марвинци. Од Африканската црвенопечена најприсутна е форма 61, односно т.н. чинии со фалта, а од Доцноримската Ц е форма 3.

Застапеноста на увозните, луксузни садови од овие типови грнчарии во градските средини има своја оправданост. Веруваме дека со ретки примероци ја има и во помалите населби, но досега не е публикувана.

Увозната луксузна грнчарија на наоѓалиштата во Република Македонија ја следиме сè до крајот на 6-ти век. И во крајот на антиката, кога засилено пропаѓа преостанатиот облик на римската држава, условите за постоење на овие типови грнчарии се сèуште присутни кај нас.

---

119 J.W.Hayes 1972, 337.

## 2. Македонска сива грнчарија

Македонската сива грнчарија е уште еден тип на луксузна доцноантичка грнчарија, којшто е истражен на многу локалитети на Балканот. Првите истражувања на Македонската сива грнчарија се поврзуваат со Џ. В. Хејс, кој го воведува овој тип во редот на доцноантичките грнчарии. Неговите проучувања покажуваат распространетост во Македонија, со по некои парчиња најдени во Атинската агора, Коринт, Солун, Константинопол, Романија[120]. Базирајќи се на застапеноста на оваа грнчарија на наоѓалишта кои се наоѓаат на етничката територија на Македонија, Хејс ја именувал според географската припадност.

Овој тип грнчарија го сочинуваат садови, кои со својата форма и техника на производство, пружаат доволно аргументи тој да се вброи во доцноантичките грнчарии со луксузен карактер, кои се произведувале во римскиот свет. Се произведувале садови од отворен и затворен тип. Најчести форми се плитки и длабоки чинии, потоа стомни и повеќе форми на помали садови со или без рачки.

Садовите од Македонската сива грнчарија се изработени од добро пречистена глина. Во печењето на глината застапена е сивата боја со различни нијанси на посветла и потемна, дури до црна боја, сиво - кафени нијанси, па дури и црвеникаво - кафени. Глината често пати содржи парченца на сребрен момирок и поретко меурчиња од воздух. Глазурата на садовите е многу важен елемент при изработката на оваа грнчарија. Таа е често пати нанесена во дебел слој, блескава е и ја има во повеќе варијанти на бои. Најчеста е глазурата со темносива боја, сиво - маслинеста, ретко темносива до црна боја, а кај садовите изработени од кафенкаста глина и глазурата е со такви нијанси. Заедничко за сите садови е глазурата, која е со седефаст блесок, па со тоа го доловува истиот убав изглед како современите метални садови.

Истражувањата на оваа грнчарија покажуваат голема присутност на разни локалитети на Балканот[121]. Бугарските локалитети во Ќустендил, Перник, Сандански, локалитети по течението на Горна Струма, покажуваат дека тамошните садови се идентични со оние во Стоби и Скупи. Нивното датирање е различно и посочен е периодот од 2-ри до 4-ти век. Сметаме дека тоа се парцијални проучувања на одделни садови од локалитети каде и објектите не се прецизно временски определени.

Македонска сива грнчарија се среќава и на неколку локалитети во Грција. Хејс информира за неколку наоди од Солун. Денешните истражувања на градската територија на Солун и нејзината западна некропола откриваат садови од овој тип грнчарија. Истражувањата во Филипи исто така содржат садови од овој тип. Познати се наоди од Тороне, на полуостровот Халкидик. Но, овие сознанија можеме да ги употребиме само како известување, бидејќи сѐуште не се доволно обработени и публикувани. Од проучувањата на наодите од Тасос се посочува присутност на овој тип грнчарија, според Андерсон Стојановиќ датирана во 3/4 на 4-ти век[122] Последните проучувања на грнчарија од северногрчките наоѓалишта Амфиполис, Филипи, Кавала, Абдера и Тасос,

---

[120] J.W.Hayes 1972, 405.
[121] Т.Иванов и други 1969, 105-205, сл.62-64.; Л.Стаикова 1989, Т.1, 139-156.
[122] V.Anderson Stojanovic 1992, 65.

покажуваат дека само на Тасос е наведено присуство на македонска сива грнчарија[123]. Тоа не наведува на размуслување дека поголемата присутност на македонските наоѓалишта, бугарските и солунскиот регион со Халкидик во Грсција ја лоцира територијата каде била распространета оваа грнчарија, со право именувана од Хејс како македонска. Оттука и очекувањата за изнаоѓање на работилници за изработка на оваа грнчарија во нашите краеви.




■ Локации со наоди од Македонска сива грнчарија

Оваа грнчарија се поврзува со присуството на Готите во 4-ти век во средишниот и јужен дел од Балканот. Формите на садовите и техниката на

[123] V.Malamidou 2005, 79.

производство е многу слична и речиси идентична со садовите кои припаѓаат на Галската сива грнчарија[124]. Готите во 4-ти век успеваат да се инфилтрираат во римското општество. Како етнос, кој е припадник на повисоко социјално ниво, за разлика од останатите варварски племиња кои го преплавуваат Балканот во овој и во следните векови, Готите не само што пренесуваат свои технички и естетски достигнувања, туку и ги наметнуваат на локалното население. На тој начин, во јужниот дел на Балканот почнува да се произведува нов тип на грнчарски производ.

Споредувајќи ги карактеристиките на садовите од Галската сива т.с. со садовите од Македонската сива грнчарија, доаѓаме до констатација дека нивната сличност не е случајна. Галските сиви садови во истиот период на доцната антика, од 4-ти до 6-ти век, се среќаваат на локалитетите во западна Швајцарија и јужна Франција. На локалитетите на средишниот и јужен дел на Балканот Македонската сива грнчарија се среќава во истиот период. Временската поистоветност, формата на садовите и техниката на производство упатуваат да ја прифатиме поврзаноста на овие садови со присутноста на Готите и влијанијата од нив.

Распространетоста во римските провинции Дакија, Мезија и Панонија покажува дека ги има од 4-ти век па натаму, од доаѓањето на готските племиња на Балканот[125].

Истражувањата на локалитетите во Република Македонија покажуваат дека Македонската сива грнчарија е присутна во целиот доцноантички период. Досега, најопсежни анализи на оваа грнчарија има изведено В. Андерсон Стојановиќ на материјалот од Стоби. Стобскиот материјал е разврстен во повеќе типови и варијанти и е датиран според слоевите во објектите каде е најден. Типологијата на Андерсон Стојановиќ е единствена за Македонската сива грнчарија и најприфатлива за натамошни истражувања во оваа област.

Чиниите од форми 1 и 2 се најчести и најбројни садови од Македонската сива грнчарија на територијата на Р. Македонија, Т. 18, 19, 20, 21 и 22. Интересна за анализирање е богатата декорација изведена на широко извлечените рабови од чиниите. Често пати применетиот орнамент ја следи формата на ивицата на работ, па со нанесување на додатни кружни облици се дополнува неговиот брановиден изглед. Во други случеави разни листести и квадратни форми или во цик-цак линии изведени орнаменти прават овие чинии да имаат навистина луксузен изглед. Нив ги наоѓаме во Стоби, Скупи, Коњух, Кочани, Валандово, Дојран.

Чиниите од форма 3, Т. 23, сл. 44 - 46, форма 4; Т. 23, сл.48, форма 5; Т. 23, сл. 49 - 52, Т. III, сл. 7, се плитки и декорацијата кај нив е ретко присутна, само на дното од внатрешноста на садот, во вид на прстен. Подлабоките форми на чинии се определени како форма 6, Т. 24, сл.53, 54, и форма 7, Т. 24, сл. 55, Т. III, сл. 2.

Садовите од затворен тип, кои потсетуваат на стомна или грне, се изразени во форма 8, Т. 24, сл. 56 - 62. Стобските примероци покажуваат нивна голема примена во овој локалитет. Помали садови од затворен тип се чашите и садовите, кои потсетуваат на мали грниња од форма 9, Т. 25, сл. 63 - 66, Т. III, сл. 8, 9, како и чашата со форма на пехар од Скупи, Т. III, сл. 6. Повеќето чаши се најдени во Исар Марвинци.

---

[124] J.W.Hayes 1972, 405; Y.Rigoir 1997.
[125] V.Anderson Stojanović 1992, 65.

Стомните од овој тип грнчарија се со многу различни форми, имаат елегантно издолжени тела, но и топчести, имаат повеќе прстенести додатоци на вратот, употребени во декоративна смисла. Со еднаква привлечност се изведени кружните рабови, како и оние со тролисна форма. Т. 25, сл. 67 - 69, Т. 26, сл. 70 - 73, Т. III, сл. 3 - 5.

Богатата декорација е особено видлива на неколкуте примероци од неодредени форми на садови, Т. 27, сл.76 - 81. Во случајот тоа се неколку рачки од патери, можеби базис и горен дел од тело на стомна. Всушност, неколку типови орнамнети се повторуваат на сите видови садови. Затоа, Македонската сива грнчарија е препознатлива не само со техниката на производство и форми на садови. Сето тоа прави оваа грнчарија да се вброи меѓу луксузните доцноантички грнчарии, која е распространета на многу региони на Балканот и пошироко од него.

Проучувањето на доцноантичката грнчарија од локалитетите во Република Македонија покажува дека Македонската сива грнчарија е застапена на целата нејзина територија. Од најголема корист при проучувањето е материјалот од античките градови Стоби и Скупи. Материјалот од овие локалитети е најброен, најразновиден и датиран со голема точност. Затоа, анализите на садовите од овие локалитети се примарни во третирањето на севкупниот материјал од Македонската сива грнчарија кај нас. Истражените објекти од овие локалитети се архитектонски целосно анализирани, со сите слоеви во нив, заедно со движниот материјал. Проучувањето на грнчарскиот материјал од нив, заедно со слоевите во градбите, кои пак, временски се разделени со помош на нумизматичкиот материјал, претставува одлична основа за датирање и на овој тип грнчарија. Сметаме дека проучените садови од Македонската сива грнчарија од Стоби и Скупи се одредувачки за севкупната грнчарија од овој тип.

Анализите покажуваат дека во Стоби садовите од оваа грнчарија се јавуваат во 4-ти век, со многу малку примероци најдени во објекти на овој наш најистражен локалитет, потоа квантитативно сликата се подобрува во текот на преодот од 4-ти во 5-ти век, најмногу се присутни во текот на целиот 5-ти век, а веќе во првите децении на 6-ти век исчезнуваат.

Проучувањата на Македонската сива во Скупи покажуваат дека и овде се повторува истата ситуација. Македонската сива грнчарија се јавува во 4-ти век, најинтензивна е во 5-ти век, а поретки примероци потекнуваат од 6-ти век. Во овие два локалитета најчести се плитките и длабоките чинии, односно формите 1 и 2. Формите се насекаде идентични, а кај орнаментите има различни варијанти. Истражувањата кај овие два локалитети укажуваат дека стомните се јавуваат малку подоцна во однос на чиниите.

Македонска сива грнчарија има и во Струмица, на локалитетот Орта Џамија, во Валандово, во римската куќа на локалитетот Стакина чешма, на локалитетот Дрезга кај Куманово, во Хераклеја, во Горен Сарај во Охрид. Слоевите на дел од локалитетите не се до сега детално определени, со што би се дала можност и движниот материјал од нив да биде поточно определен, но генерално земено, не отстапуваат од претходно искажаните временски определби од веќе спомнатите локалитети.

Македонската сива грнчарија се среќава на доцноантичките локалитети на речиси целата територија на Република Македонија. Застапена е во градските средини, особено на главните сообраќајни патишта. Првенствено, тоа се Скупи и Стоби, на главниот патен правец север - југ. Покрај тоа ја има и во источниот и во

западниот дел на Република Македонија. Иако, не се секогаш градски средини, сепак, тоа се вили или други објекти кои биле власништво на поимотно население. Се среќаваат и примероци како гробни прилози на некрополите од поголемите центри. Сето тоа укажува дека овој тип грнчарија бил многу омилен кај населението и веројатно повеќе бил достапен на семејставата од повисоките социјални средини.

На локалитетот Горица кај Виница, населба која егзистирала во доцната антика, во кој е истражувана ранохристијанска базилика, од многубројниот грнчарски материјал Македонската сива ја има во голем број и во сите досега констатирани форми. Чиниите од форми 1 и 2 имаат иста орнаментика како истите садови на останатите македонски наоѓалишта со оваа грнчарија. Застапени се и затворените форми, поголеми и помали лончиња и големи стомни со прстенесто украсени вратови. Датирањето на овој локалитет е определено врз основа на аналогии од соседни локалитети, како и според генералната определба за постоењето на овој локалитет. Периодот од 4-ти и 5-ти век и овде е означен како период на постоење на Македонската сива грнчарија[126].

Садовите од Македонската сива грнчарија редовно се среќаваат на локалитетите во слоеви каде се присутна Африканска црвенопечена грнчарија и Доцноримска Ц грнчарија. Претпоставуваме дека трговијата и транспортот на садови од Македонската сива грнчарија бил истовремен со садовите од другите луксузни типови. Чиниите, стомните и останатите садови од Македонската сива се дел од потребите на населението за луксузни садови во своите домови во периодот од 4-от до почетокот на 6-от век[127]. Ваквата констатација е карактеристична и за анализите на Хејс кај материјалот од Солун и Атина.

---

[126] Иако немавме можност во студијата директно да употребиме материјал од локалитетот Горица кај Виница, добиените сознанија за оваа грнчарија ги поместуваме во текстот, заради подобра компарација во однос на севкупната Македонска сива грнчарија во Р. Македонија. М.Шурбановска, Доцноримска печатена керамика од локалитетот Горица кај Виница, Зборник Археологија 2, Скопје 2005, 167-173.

[127] Кај некои автори се среќава мислењето дека овој тип грнчарија го има и во 3 век. Сметаме дека тие треба да претрпат поиздржани анализи.

# 3. Глеѓосана грнчарија

Грнчарските садови кои на површината имаат нанесен слој од оловна глазура го сочинуваат овој тип грнчарија. Оваа глазура е всушност специјален вид на стакло. Глазурата содржи алкални силикати како и стаклото, но е со пониска термичка експанзија. Оваа техника се нанесувала на секаков вид глина. На ниска температура се добивала квалитетна глазура. Технички гледано, глеѓосаната глазура е специјален тип стакло, смеса на стопени неоргански материјали. Металните оксиди се во улога на давање пигменти, така што може да се добие богат спектар на бои. Најчести се жолта (каде е употребено железо, мешано со кадмиум и селен), зелена (бакар, хром, со малку железо), кафена (железо, манган, никел), црвена (кадмиум и слен, бакарен оксид гори во оксидирана атмосфера, железо, ураниум), портокалова (кадмиум, селен, ураниум), сина (кадмиум и селен, ураниум)[128].




Глеѓосана доцноримска грнчарија во западна, централана и југоисточна Европа - региони на продукција и дистрибуција (Т.Цвијетиќанин, 2006)

[128] T.Cvijetićanin 2006, 15.

Што се однесува до температурата на печење, има два типа на производи. Едните се со помеко печење, изведено на температура до 1150° Ц , другите се со тврдо печење и се печени на температура над 1150° Ц.




■ Локации со наоди на садови од глеѓосана грчарија

Историјата на употреба на техниката за изработка на садови со глеѓосана глазура е позната одамна. Употребата на стаклесто обложување направено од различни материјали, најпрво на мали предмети, датира од 4000 г.п.н., во Бадариан култура во Горен Египет, па од тогаш се појавува низ египетската историја. Од околу 3000 г.п.н.е. се појавени во Месопотамија, на Крит и во Индија. Во 17-ти век п.н.е. во Месопотамија е констатирана употреба на оловна глазура врз глинени предмети. Причината за тоа е веројатно квалитетот на

глината во тој регион, способна да биде печена на ниска температура. Оловната глеѓ се пече на температура од 800-1000° Ц, а алкалните глазури на повисоки. Сепак, хемиските анализи покажуваат дека глеѓосаните садови не содржат оловна глазура пред 1-ви век п.н.е[129].

Во римскиот период производството на глеѓосана грнчарија датира од 1-ви век п.н.е. до 1-ви век н.е., и се појавува во регионот на источниот Медитеран, забележани во Тарсус, Смирна, западниот брег на Блискиот исток. Овде големата продукција на глеѓосана грнчарија е под хеленистичко влијание во изборот на форми и декоративни елементи. Во Италија доспеваат во почетокот на 1-ви век, во време на Августовската ера, а биле произведувани во работилници во северна или централна Италија, како Павиа и Рим. Во Галските работилници, Реми, Виши, Лезу, била произведувана сé до крајот на 2-ри век[130]. Во текот на 2-ри век почнува да се произведува во регионот на среден Дунав и провинциите околу него, Панонија, Дакија, Горна Мезија и Тракија и се следат се до почетокот на 3-ти век.

Во текот на доцноримскиот период, во 4-ти и 5-ти век, глеѓосаната грнчарија се произведувала во многу провинции, но пак е карактеристично за дунавските. За разлика од раноримската глеѓосана грнчарија, која е многу скапа, применувана на луксузни и атрактавни предмети, која е со висок степен на рачна изработка и правена во специјализирани работилници, доцноримската е широко произведувана. За ова производство не биле потребни специјализирани работилници и биле употребувани секакви форми на садови.

Глеѓосаната грнчарија е посебен тип грнчарија со специфичен третман на површината на садовите. Била дел од римската култура од 1-ви до 6-ти век н.е. Развојот на оваа грнчарија во римските провинции на Балканот се следи во две етапи. Првиот период е од 1-ви до почетокот на 3-ти век, кога овој тип грнчарија се јавува како трпезна, луксузна, скапа и ретка, доаѓајќи од источните или западните работилници на империјата. Втората етапа е во периодот од 4-ти до 6-ти век.

Она што ја прави оваа техника на производство применлива е што слојот на оловна глазура се нанесува директво врз глинен сад и тој не мора да се пече на висока температура за да добие сјајност и разнобојност.

Досега, во балкански рамки, со исцрпни истражувања на овој тип грнчарија се јавува Т. Цвијетиќанин и нејзината типологија на глеѓосаната грнчарија ја усвојуваме при овие анализи.

## 3. 1. Садови за триење

Грнчаријата од овој тип на територијата на Република Македонија во доцната антика ја има во повеќе видови садови. Најчеста форма на садови се мортариите, односно садовите за триење. Како најистражени локалитети кај нас, Скупи и Стоби се јавуваат со најголем број на вакви садови. Садовите од тип 7 на Цвијетиќанин, Т. 37, сл. 1, 2, 5, 6, се датирани во 4-ти - почеток на 5-ти век. Според Цвијетиќанин овој тип припаѓа на втората третина на 4-ти век. Типовите 7 и 5 ги има на наоѓалишта во Дакија Рипенсис и Мезија Прима. Тип 5, Т. 37, сл.3 и Т. 38,

[129] Ibid, 16, 17.
[130] Истата 2001, 12, 13.

сл.9, се датирани во крајот на 4-ти и прва половина на 5-ти век. Тип 6, Т. 37, сл.4 е од крајот на 4-ти - почеток на 5-ти век и ги има во Мезија Прима. Тип 8, Т. 38, сл.11, бил произведуван од втората половина на 4-ти век, го има во Мезија Прима. Од Тип 14, Т. 37, сл.7 и Т. 38 сл. 8, се садови за триење датирани во текот на целиот 4-ти век. Тип 16, Т. 38, сл.10, какви се најдени и во Дијана, се од втора половина на 4-ти - ран 5-ти век. Скупските и стобските садови од овие типови се вклопуваат во посочените датации и во рамки на датираните слоеви на нивно наоѓање.

Наодите на садови за триење низ балканските наоѓалишта покажуваат дека огромен број од нив се со маслинесто - зелена боја на глазурата, а многу помалку се со кафено - зелена, црвеникаво - кафена или жолтеникави нијанси. Таков е случајот и со македонските наоѓалишта, каде доминира маслинесто - зелената боја. Истражувањата покажуваат дека садовите со маслинеста и жолтеникава боја се јавуваат во поранииот период на доцната антика, од крајот на 3-ти - почеток на 4-ти век, а оние со кафена се од подоцнежниот период, 4-ти - средина на 5-ти век.

Садовите за триење, како садови што служеле за приготвување на храната, толчење, ситнење, мешање и излевање, формата не ја сменилe од ранoримскиот период, 1-ви / 3-ти век. Доцноримските се распространети дури од Британија до Македонија. Во печките за грнчарија, откриени во Виминакиум и Дијана од 4-ти век, најдени се и садови со глеѓосана глазура. Постои меслење дека на дунавската граница, во Мезија Прима и Дакја Рипенсис, повеќе места би можеле да имаат работилници за грнчарија. Во текот на 4-ти и 5-ти век тоа се: Сингидунум, Виминакиум, Горнеа, Равна-Кампса, Дијана, Понтес, Мора Вагеи, Арчар, Кула, Михаиловград, Гамзиград, а во 6-ти век Рас, Царичин Град, а исто така и Перник[131].

## 3. 2. Чинии

Во списокот на садови од овој тип грнчарија сместуваме длабоки чинии.

Чинијата на Т. 35, сл. 3 од Скупи може да се вброи во чиниите од тип 71-б на Цвијетиќанин. Производството припаѓа на втората половина на 4-ти - почеток на 5-ти век.

Чинијата на Т. 35, сл. 1, од Стоби, со широко извлеченото конусно тело припаѓа на тип 69 на Цвијетиќанин. Вакви чинии во голем број се најдени во наоѓалиштата на Дунав, во Дакија Рипенсис и Мезија Прима, со поретки примероци од дарданските населби.

## 3. 3. Стомни

Стомната, на Т. 35, сл. 6 од Скупи, припаѓа на стомни Тип 80 од типологијата на Цвијетиќанин. Обично имаат издолжено и благо проширено тело во долниот дел. Формата на овие стомни има долга историја на производство, од средина на 2-ри век, но во регионот на дунавските провинции со

[131] T.Cvijetićanin 2006, 171.

маслинесто - зелена глеѓ се произведува од 4-ти до 6-ти век, посебно од крајот на 4-ти и во првата половина на 5-ти век. Во периодот од средината на 4-ти век се присутни зелена и жолта глеѓ. Овие многу чести стомни се датирани во втората третина на 4-ти и крај на 4-ти - прва половина на 5-ти век[132].

Скупските стомни на Т. 35, сл.7 и Т.36, сл.9, припаѓаат на Цвијетиќанин тип 115. Телото им е овално, вратот потенциран со прстенести задебелувања, а работ силно раширен како инка. Имаат една или две рачки. Во Виминакиум е најдена стомна од овој тип со две рачки во слој од прва половина на 4-ти век, во Дијана од 4-ти век, во Понтес од крај на 4-ти / прва половина на 5-ти век, Ратиариа од прва половина на 5-ти век, Гамзиград од 4-ти век. Во Дакија Медитеранска е најдена само во Перник. Според оваа типологија припаѓаат на периодот втора половина на 4-ти / прва половина на 5-ти век.

Малата стомна-шише од Стоби, Т. 35, сл.5, може да се приклони кон тип 169 од типологијата на Цвијетиќанин, која според наодот во Царичин град ги датира во 6 век. Нашиот стобски примерок припаѓа на 4-ти век, најден во Епископската базилика.

Големиот долиум од Скупи, Т. 36, сл.8, го вклопуваме во Цвијетиќанин тип 173, во која студија ваков сад од Царичин град е датиран во 6-ти век. Скупскиот е најден во доцноантичката Градба северно од бањата, во слој определен во неколку децении порано.

На Т. 36, сл.10 и Т. VII, сл.1 се претставени две стомни со биконично тело и врат. Најдени се во Дрезга кумановско и во Скупи. Оној од Дрезга е најден во гроб со монети од 4-ти век, а скупската е од слој од крај на 4-ти / 5-ти век. Оваа форма не е најдена во други наоѓалишта.

Амфората или голема стомна на Т. VII, сл.2, најдена на Маркови кули на Водно кај Скопје, припаѓа на крајот на доцната антика, односно раниот среден век, датирана е од истражувачот во ран 7-ми век, според определбата на слојот во кој е најдена. Можеме да ја споредиме со Цвијетиќанин тип 171 и во однос на датирањето, каде садот припаѓа на 6-ти век, а е најден во Постење, Дарданија, кај Нови Пазар.

Глеѓосаната грнчарија во Република Македонија покажува исти карактеристики со истиот вид грнчарија најден во пределите североисточно од неа, во регионот на дунавските провинции Мезија Прима, Дакија Рипенсис, Дакија Медитеранска. Истражувањата во посочените региони покажуваат утврдени повеќе работилници за глеѓосана грнчарија. Во периодот од 4-ти / 5-ти век посочени се неколку можни локации на производни работилници: од Сингидунум, преку повеќе локалитети на дунавскиот лимес, потоа Гамзиград, Постење или Рас, Чезава, Бољетин, а во 6-ти век: Рас, Постење, Царичин Град, а можеби и Перник[133]. Од таму оваа грнчарија се проширува и низ јужниот дел на Балканот. Во овие региони е утврдена застапеноста на глеѓосаната грнчарија по периоди, така што во периодот од крај на 3-ти до средина на 4-ти век во Мезија Прима и Дакија Рипенсис, околу Дунав се концентрирани наоѓалиштата со ваков тип садови. Во периодот од крај на 4-ти до прва половина на 5-ти век во овој дел се намалува концентрацијата, а се проширува кон јужните делови. Во 6-ти век речиси ги нема евидентирано во подунавскиот регион, а ги има во Дарданија. Во македонските наоѓалишта се јавуваат од самиот почеток на 4-ти век до

---

[132] Истата 2006, 60.
[133] Ibid, 171.

почетокот на 5-ти век, со одделни случаеви во 6-ти век. Констатациите за поместување кон југ на производните центри на Балканот укажуваат дека, со оглед на истраженоста на садови од овој тип грнчарија на македонските наоѓалишта, може и треба да очекуваме производни центри и на тлото на Р. Македонија.

Глеѓосана грнчарија е евидентирана на 481 наоѓалиште во Европа, каде најсеверно е Британија, со наоди од втората третина на 4-ти век, а најјужно Македонија Секунда, со Сандански и Стоби, со наоди од крај на 4-ти / почеток на 5-ти век. На територијата меѓу нив, во германските провинции, Ратиа, Норикум, Панонија, особено северна Италија, е различна застапеноста, воглавно со наоди од цел 4-ти век. Ретките проучувања на доцноантичка грнчарија на тлото на северна Грција покажуваат постоење на глеѓосана грнчарија во Амфиполис и Тасос, со само неколку примероци[134].

Производството и распространетоста на овој тип грнчарија покажуваат дека незјините садови се трпезни, во доволна мера луксусни и во доцната антика веќе полесно набавливи. Република Македонија, иако со релативно малку примероци, се вбројува во низата на региони со наоѓалишта каде е застапен овој тип грнчарија. Евидентираните наоди од поголемите антички градови Скупи и Стоби, скопската котлина и кумановскиот крај нé наведуваат да констатираме дека главниот патен правец север - југ добил глеѓосани садови, особено делот што припаѓал на Дарданија.

[134] V.Malamidou 2005, 79.

# 4. Локална грнчарија

Локалната грнчарија е најбројна и распространета е на сите наоѓалишта. Проучувањата покажуваат огромен број на видови садови, нивни типови и подтипови. Ваквата огромна присутност покажува дека тие биле масовно произведувани за потребите во секојдневниот живот.

Садовите од локалната продукција се изработувале во речиси сите делови на империјата, на тој начин задоволувајќи ги потребите на тржиштето. Мали работилници за изработка на грнчарски производи најдени се на повеќе наоѓалишта. Во Горна Мезија е најдена работилница во Виминакиум. Во денешна Бугарија грнчарски работилници се најдени во Ратиарија (Видин), Кабиле и Аугуста Трајана (Стара Загора), Маркианополис (Девниа, основан од Трајан после втората Дакијска војна, работела од 2-ри - 4-ти век, изработувала различни видови на грнчарски производи, кујнска, трпезна, ламби и амфори). Во северна Грција, во Амфиполис е лоцирана грнчарска печка. Освен со ископување на грнчарски работилници, другиот важен фактор за идентификација на производните центри е глината. Геоморфолошка и техничка студија за било кој регион на Балканот нема, што оневозможува да се дојде до податок за постоење на вакви центри.

Најдобриот центар е најден на територијата на Никополис ад Иструм, кој бил основан од Трајан. Регионот бил под јурисдикција на Долна Мезија и Тракија и бил врзан со два римски пата. Едниот водел од Новае низ Балканот кон Аугуста Трајана, а другиот ги поврзувал Одесос, Маркианополис и Сердика. Во периодот од 2-ри - 4-ти век биле произведени огромен број на производи. Во Добруџа, кај местото Хогеа, во 1982-ра година е најден голем керамички производен центар. Во 4-ти век овде се произведувале разни видови на кујнска и трпезна грнчарија и керамички ламби. Производството на амфори покажува шест типови, чие производство траело се до 6-ти век[135].

Исто како луксузните типови грнчарии и оваа категорија на садови овозможува нивно разделување според начинот на изработка, форма и намена.

## 4.1. Грнчарија со премаз

Грнчаријата со премаз содржи неколку форми на садови. Тоа се воглавно длабоки чинии и стомни. Овие садови се изработени од глина со различна пречистеност. Повеќето се со доста добра пречистеност, но и глини со голема содржина на додатоци, момирок, кварц. Премазот е различно нанесуван, што се однесува на дебелината на слојот, како и на местото на нанесување. Поголем дел од овие садови се произведувани во локалните работилници во провинциите, а некои се увоз, пристигнувани се од поголемите производни центри заедно со главните категории на садови.

---

[135] Dicek 2001, 50.

### 4. 1. 1. Длабоки чинии

Во однос на севкупната грнчарија од локална продукција, оваа категорија садови е застапена воглавно со длабоки чинии. Тоа се трпезни садови, со кои се врши добра замена на увозните, луксузни садови. Чиниите со премаз, произведувани во провинциските работилници ширум Империјата и дистрибуирани во населените места на релативно блиско растојание од производствениот центар, мошне добро ја завршиле улогата на полуксузна роба во домовите на сепак, поимотните жители.

Овие садови се среќаваат воглавно во градските средини Скупи и Стоби, но и настрана од нив. Во луксузната римска вила рустика на локалитетот Пештерица, прилепско е евидентиран сад кој припаѓа на оваа категорија, што пак укажува на негова употреба кај жители од повисоките слоеви на општеството.

Садовите, според формата, се разделени на повеќе типови.

**Тип 1.** Биконичните длабоки чинии, со различно изведен раб се најдени во Скупи. Т.12, сл.1, 2, 3. Потекнуваат од периодот 5-ти-6-ти век. Премазот е редовно мат, во различни бои. Овие форми се среќаваат во Улпијана, Сингидунум, Садовец, од 4-ти век па натаму.

**Тип 2.** Длабоките чинии со полукалотесто тело ги наоѓаме во Скупи, а на нив се нанесени нешто посјајни премази во однос на другите типиви чинии од оваа категорија. Т. 12, сл. 4, 5. Тие се чинии со средна големина. Се среќаваат во Садовец, од крајот на 4-ти век, Улпијана, во сите доцноантички слоеви, во Долна Панонија формата се јавува многу порано. Во Скупи според местото на наодите припаѓаат на крајот од 4-ти - прва половина на 5-ти век[136].

**Тип 3**. Калотестото тело е карактеристика на овој тип длабоки чинии со премаз. Т. 12, сл. 6, 7, Т. II, сл. 1. Формата се јавува доста рано. Во Долна Панонија ја има во 2-ри-4-ти век, каде е споредена со Драгендорф 37 од тера сигилата. Во Никополис ад Нестум ја има во крајот на 4-ти - почеток на 5-ти век. Чинијата на Т. 12, сл. 6 е определена како имитација на африканската црвенопечена грнчарија, Хејс форма 102, од доцен 6-ти - ран 7-ми век. Очигледно ваквата форма има долга традиција во Мезија и Тракија и ги има од 4-ти до ран 7-ми век[137].

**Тип 4**. Конусните длабоки чинии со извлечен раб кон надвор ги среќаваме во Скупи и Стоби. Датираат како од поранот период на доцната антика, така и од крајот, сметајќи на имитацијата на садовите во стилот на африканската црвенопечена. Т. 13, сл. 9-12, Т. II, сл. 2. Го покриваат реонот на Балканот од крај на 3-ти до средина на 5-ти век, познати се од Сингидунум, Садовец.

[136] Г.Кузманов 1992, Т.54/4, тип 1; С.Фидановски 1990, стр.41, Т.14, тип 12; O.Brukner 1981, str.91, T.76, tip 26.
[137] Г.Кузманов 1973 б, сл.4в, стр. 38, G.Kuzmanov 1992 b, T.54/5, str. 204.

**Тип 5.** Т. 13, сл. 13, 14. Ребрастото задебелување на телото овој тип на длабоки чинии го прави многу сличен со форма 3 од Доцноримската Ц грнчарија. Според слоевите каде се најдени примероците, ја определуваме во полн 5-ти век.

## 4. 1. 2. Стомни

Стомните спаѓаат во редот на трпезни садови. Формата има италско потекло, а во предисторијата нема прототип. Низ историјата на римската грнчарија се следат многу форми, а следењето на нивен континуиран развој е речиси неможен. Овој вид садови служеле за налевање на течност и како трпезни секогаш биле повеќе украсувани, било преку формата, било со изведени декоративни елементи на нив.

На македонските наоѓалишта наоѓаме голем број стомни, кои се разликуваат по формата и изработката. Стомните со премаз и без него сочинуваат целина во типологијата, според своите форми.

**Тип 2**. Т. V/сл. 2, Т. 31/сл. 4, 5, 6. Стомните имаат лентест раб извлечен кон надвор. Според наодите од Скупи и Стоби оваа форма се јавува уште во 3-ти век и се следи во целиот 4-ти век.

**Тип 3** се стомните со прстенесто профилиран раб, вратот им е проширен со прстенесто задебелување, Т. V, сл.3. Робусната стомна со ваква профилација е сместена во варијанта 1 од овој тип, од Исарот во Штип. На неа има остатоци од енгоба.

**Тип 4**. Т. 32/сл. 9, 10. Двете скупски стомни потекнуваат од слој од 4-ти век.

**Тип 5** се стомни со тролисна форма на работ. Оние со понежен изглед Т. 32, сл.11. Оваа форма се следи низ подолг период од историјата на римската грнчарија. Раноримските типови се сега претопени во оваа форма, која во доцната антика добива, во локалната продукција, понеформална прецизност во изработката.

**Тип 6** се стомни со карактеристичен широк врат. Стомната со премаз на Т. VI, сл. 7 припаѓа на варијанта 1, заедно со неколкуте други стомни без премаз. Покрај раширеноста на ваков тип стомни во повеќе македонски наоѓалишта, прилепско, Дојран, Струмица, ги има и во Перник, од 4-ти-5-ти век, а оние од Коринт и Атина се од доцен 6-ти и ран 7-ми век.

**Тип 7.** Т. VI, сл.11 и Т. 34 се стомни чиј врат има проширување во форма на чашка. Изведбата на вратот може да биде различно решена, конусно или заоблено. Доста честа форма е на наоѓалиштата ширум Балканот. Ги има во Никополис ад Нестум, датирани во крај на 4-ти - почеток на 5-ти век, Садовец, рановизантиски Виминакиум, од 6-ти век, Перник, од втора половина на 5-ти - почеток на 6-ти век. Во провинциите на среден и долен Дунав се јавуваат во 4-ти и почеток на 5-ти век, во Долна Мезија и тракија до средина на 5-ти век. Во Атина и Коринт ги има до 6-ти и ран 7-ми век. Според различните толкувања од повеќето наоѓалишта каде е најден овој тип стомни може да се заклучи дека оваа трпезна форма е доста омилена во секојдневната употреба и се произведува до доцна во 6-ти век.

На овој тип стомни може да се додаде стомната на Т. 14/сл. 7 од Кржалица, с. Карбуница. Таа е со мазнета површина, а со формата потсетува на стомните од импорт, како онаа на Т. V/сл. 1.

Стомните во доцноантичкиот период се следат преку повеќе видови на форми. Оние кои го следат обликот на ранoримските се присутни до крајот на 4-ти - 5-ти век. Другите, пак, кои имаат нови форми, како што се оние со врат развиен како инка или како чаша, во варијанта се со низа бразди по нив, го исполнуваат доцниот период на доцната антика, цел 6-ти век, а продолжуваат и во раниот 7-ми век.

### 4. 1. 3. Грниња

Грнињата како форма претставуваат значителен квантитативен дел од вкупната грнчарија во доцната антика. Оние кои имаат премаз врз површината, во однос на грнињата без премаз, се во многу помал број. Сепак, на македонските наоѓалишта наоѓаме и ваква категорија садови. Нивната намена е иста со оние изработени без премаз. Кај овие грниња премазот значи подобра изработка, поголема трајност и поубав изглед.

И покрај помалата бријна застапеност, од разновидноста на формите и изработките може да се изделат осум типови на грниња со премаз.

**Тип 1.** Т. 41/сл. 1, 2. Тоа се грниња со топчесто или биконично тело, со здебелен и заоблен раб. Глината им е кафено-црвеникава. Такви се садовите од Садовец. Обликот егистира од 4-ти век во Долна Мезија и Тракија, но таму се без премаз. Македонските садови се најдени во слоеви кои припаѓаат на крајот на доцната антика.

**Тип 2.** Т. 41, сл. 3, 4. На овие грниња телото може да биде издолжено, а работ е триаголно профилиран, рамен од горната страна. Овие садови се со поголема димензија. Глината и премазот се кафенкасти. Од вилата од Кралев Дол се датирани во крајот на 4-ти век. Скупското грне припаѓа на крајот на 5-ти век.

**Тип 3.** Т. 41/сл. 5-8. Работ кај овие топчести или биконични грниња е хоризонтални извлечен кон надвор. Садовите од македонските наоѓалишта покажуваат дека биле употребувани во целиот период на доцната антика.

**Тип 4.** Т. 42/сл. 9, 10. Работ кај нив е четвртесто прифилиран и извлечен кон надвор. Премазот е кафенкасто-црвеникав по боја.

**Тип 5.** Т. 42/сл. 11. Работ има остри ивици на триаголната профилација.

**Тип 6.** Т. 42/сл. 12, 13. Кај овие садови работ е рамен, закосен кон надвор. Грнињата од Стоби и Скупи датираат од крајот на 4-ти - ран 5-ти век.

**Тип 7.** Т. 42/сл. 14, 15. грнињата имаат виско издигнат горен дел од телото. Овие длабоки грниња се употребувале низ целиот доцноантички период.

**Тип 8.** Т. 42/сл. 16. Овие топчести грниња се омилени во доцната антика и многу повеќе се произведувале како грниња без премаз.

Грнињата со премаз се развиваат низ целиот доцноантички период. Формите кај нив се речиси идентични со оние на грнињата без премаз. Но, овие

ги наоѓаме во многу мал број. Констатирани се воглавно на поголемите доцноантички локалитети.

## 4. 2. Мазнета грнчарија без премаз

Во истражувањата на грнчаријата од доцноантичкиот период кај нас оваа категорија на садови досега не била изделувана во посебна категорија. Разликата на садовите од оваа категорија садови со останатите од продукцијата на локалната грнчарија е во начинот на финалната изведба. Садовите немаат премаз од надворешната страна. Нивната површина е многу добро измазнета, со што се изделуваат од категоријата садови без премаз од локалната продукција. Формите на садовите се истите како и кај другите две категории садови од локаната продукција.

Воглавно тука спаѓаат длабоки чинии, чии форми се среќаваат кај останатите категории на длабоки чинии, но сега нивната површина е само добро измазнета. Иако немаат премаз, тие имаат релативно убав изглед и можт да им конкурираат на садовите со премаз. Т. 14/сл. 1-7.

Формите на овие длабоки чинии и грнија се навистина разновидни и припаѓаат воглавно на локалната продукција на садови без премаз. Такви се грнињата од Лихнид и Хераклеја, Т. 14/сл.5, 6. Длабоките чинии на Т. 14/сл. 1, 2, 3, 4, се изработени од глина со примеси на песок, со кафено до црна боја на печење.

Во категоријата Мазнета грнчарија без премаз ја вбројуваме и стомната најдена на локалитетот Кржалица, с. Карбуница, заради начинот на изведба кој одговара на оваа категорија. Формата на оваа стомна потсетува на стомните од импорт, како онаа на Т. V/сл. 1.

Аналогии за формата и изработката на оваа категорија грнчарија наоѓаме во Садовец, каде се следат во целиот период на доцната антика. Освен во бугарски наоѓалишта оваа категорија на садови не е спомнувана од разните истражувачи на грнчаријата од овој период.

Сметаме дека е оправдано изделувањето на оваа група садови во посебна категорија. Со понатамошно проучување на доцноантичката грнчарија од повеќето проучувачи оваа категорија садови ќе биде воочена и ќе се продолжи со нејзино проучување.

## 4. 3. Едноставна грнчарија без премаз

Грнчаријата што припаѓа на овој тип е изработена од глина што содржи момирок и кварц. Разликата која ја има во однос на грнчаријата од локална продукција изработена со премаз е во недоволната измесеност на глината. Глината на едноставнта грнчарија без премза при печчење добива сива, сиво-црна, кафена или црвеникава боја. Големата содржина на додатоци во оваа глина прават садовите некогаш да имаат површина со силно зрнеста структура. Во овој период ваквите садови се често украсувано совережани брановидни, цик-цак линии или хоризонтално поставени, вообичаено на горниот дел од телото. Тоа е особено карактеристично кај грнињата, питосите.

Садовите од категоријата Едноставна грнчарија без премаз ја сочинуваат домашната грнчарија на Балканот во неколкуте векови, кои го претставуваат преминот од доцната антика кон средновековието. Големата застапеност и разновидност во формите на садовите од сите наши локалитети овозможува да се изградат повеќе типови од оваа грнчарија.

### 4. 3. 1. Длабоки чинии

Длабоките чинии без премаз се редовно присутни на доцнаонтичките наоѓалишта, но не се во толкав број како грнињата без премаз. Овие садови служеле за приготвување на храна. Прегледот на ваквите садови покажува разновидност на форми, големини и изработки.

**Тип 1.** Тоа се чинии со конусно или полукалотесто тело.

**Варијанта 1.** Т. 15/сл. 1, 2. Кај нив работ е хоризонтално извлечен кон надвор. Ги има во текот на 4-ти / 5-ти век.

**Варијанта 2.** Т. 15/сл. 3, 4. Работ овде ја губи рамната површина. Формата на телото не е многу честа во овој период.

**Варијанта 3.** Т. 15/сл. 5-9. Работ добива заоблени ивици. Според наодите од нашите наоѓалишта, не се јавуваат пред 5-ти век.

**Тип 2.** Чиниите имаат биконично тело. Овој тип се најраспространети низ целиот Балкан. Обично се со темна боја на печење.

**Варијанта 1.** Т. 15/сл. 10, 11. Наодите од трите локалитети потекнуваат од различни периоди на доцната антика.

**Варијанта 2.** Т. 16/сл. 13-18. Работ од горната страна има извесни вдлабнувања.

**Варијанта 3.** Т. 16/сл. 19, Т. 17/сл.20. работ има триаголен пресек. Потекнуваат од 5 век.

**Варијанта 4.** Т. 17/сл. 21-24. Работ е закосен нагоре. Некои имаат и рачки.

**Тип 3.** Т. 17/сл. 25. Единствена од ваков тип,а длабока чинија со полукалотесто тело и триаголен пресек, е скупската. Таа е пример за изведувањето на формите кај локалната продукција од африканскиот импорт.

**Тип 4.** Овој тип длабоки чинии имаат полукалотесто тело.

**Варијанта 1.** Т. 17/сл. 26, 27. Заоблените рабови кај овие чинии егзистирале низ сите периоди.

**Варијанта 2.** Т. 17/сл. 28-30. Овие длабоки чинии, според датацијата на стобските, потекнуваат од 5-6 век.

**Тип 5.** Т. 17/сл. 31, 32. Двете стобски чинии имаат конусно тело и пластичен прстен под работ. И овие чинии потсетуваат на источномедитеранскиот импорт.

## 4. 3. 2. Стомни

Стомните без премаз се анализирани во оваа одредница. Заедно со стомните со премаз, анализирани во таа одредница, сочинуваат целина.

**Тип 1.** Т. 31/сл. 1, 2. Стомните од тип 1 се изведени без глазура на површината. Ги споредуваме со слични садови од северен Илирик, определени како садови со доцноантичко потекло.

**Тип 3.** Т. 31/сл. 7, Т. 32/сл. 8. Вратот има прстенесто задебелена лента по средината. Од овој тип стомни се најдени во Солун, на некропола од доцноантички период и во околината на градот, исто така од гроб од 4-ти / ран 5-ти век. Оваа форма се следи и на наоѓалишта во северен Илирик, Тропаион, Калиакра, сместени во 6-ти век (Ѓ.Јанковиќ, сл.272-278). Стомна како онаа во Стенче, тетовско, Т. 32, сл.8, е најдена во Садовец и е определена во 4-ти век. Мазната изведба на површината на стомната овие стомни ги вбројува во садови со типчна претстава на т.н. готска мода во грнчаријата во 4-ти век.

**Тип 5.** Т. 32/сл. 11, 12, Т. V/сл. 4. Оваа форма се следи низ подолг период од историјата на римската грнчарија. Раноримските типови се сега претопени во оваа форма, која во доцната антика добива, во локалната продукција, понеформална прецизност во изработката.

Варијанта 2 од типот 5, стомни со тролисен раб, Т. V/сл. 5, 6, се погруби стомни, со форма на бокали. Овие форми и изведби се среќаваат во албанските и српските наоѓалишта од доцната антика, во периодот на крај на 4-ти / 5-ти век. Малото бокалче на Т. V/сл. 6 е доста често во Перник, каде се јавува во рановизантиската епоха, а истражувачот напоменува дека формата нетреба да се поврзува со ојнохоата од доцниот железен период.

**Тип 6.** Варијанта 1. Т. 32/сл. 14, Т. VI/сл. 7, 8, 9. Ѕидовите на стомните се подебело изведени. Телата се со различно решени топчести форми.

Оваа форма на стомни со набразден врат, изделени како варијанта 2 се стомните прикажани на Т. 33/сл. 15, 16, 17 и Т. VI, сл.10. Варијанта 3 ја чинат стомните чиј врат е икрасен со пошироки, хоризонтални прстени. Т. 33, сл.18, 19. Овие форми се доста чести во крајот на доцната антика, односно карактеристични се за 6-ти век. Ги има во Ѓердап, Царичин Град, рановизантиски Виминакиум.

**Тип 7.** Т. 34/сл. 20, 21, 22, 23, 24, Т. VI/сл. 11. Кај овие стомни вратот е изведен во форма на чашка.

## 4. 3. 3. Питоси

Питосите се садови наменети за чување на храна. Широкото тело, рамното дно и цврстиот раб на питосот се погодни за привремено складирање на храната. Поголемите питоси биле вкопувани во земја и така ја задржувале ниската температура на содржината во нив.

Во Римската империја се изработувал еден тип на питос, а различностите, всушност, се сведуваат на одделни варијанти. Питосите во 4-ти век се со тесен ран, со чешлест орнамент на рамото. Ширум провинциите често се изработувале диноси, питоси со мали димензии. Големите питоси, долиуми, имале запремина до 25 литри.

Од сите краеви на Македонија изделуваме питоси . Тие се генерално, со заеднички карактеристики. На поголемиот дел од нив, сместени во тип 1, Т. 39, сл.1-6 и Т. VII, сл. 3 - 6, работ им е со триаголен пресек, а горната површина е хоризонтално поставена. Не само на нашите наоѓалишта во кумановско, прилепско, скопско, охридско, туку и во наоѓалиштата во околните региони овој тип питоси е најзастапен. Секаде е широко датиран од 4-ти / 6-ти век.

Останатите питоси, Т. 40, сл. 7 - 10, се разделени во уште три типови, заради разликите во изведбата на работ.

Речиси сите питоси се направени од портокалово-кафенкаста глина, многу ретко се со сива боја на печење. Според скупските питоси и нивната датација, сметаме дека питосите на кои не е изведен премаз се користеле во подоцнежниот период.

## 4. 3. 4. Грнића

Големиот избор на грнића, најдени во сите наоѓалишта низ Република Македонија, со разновидноста во формите, големините и приготвеноста на глината овозможуваат да се направи целосен типолошки преглед. Тие се разделени во десет типови, од кои првиот тип е пак, разделен во уште девет варијанти. Овие садови, во поголем број се изработени од недоволни измесена глина, со додатоци од момирок и кварц. При печењето садовите добиваат претежно кафенкаста до сива боја, а ги има и со црвеникава и црна. Голем дел од грнићата се украсени со врежување на бразди, брановидни или цик-цак линии, или пак со разни засечувања. Овие орнаменти се вообичаено изведени на рамото од садот, но ги има и на целото тело. Работ се разликува по огромниот број на фпрми и варијанти. Поголемиот дел од материјалот во студијата е фрагментиран, но со вреднување на аналогии од други наоѓалишта, тој дозволи да се изведе неговата анализа.

Грнићата претставуваат основен тип садови кои се користеле во сите населени места во текот на овој период. Нивната едноставност само навидум ги прави многу слични, но мноштвото различности на формите ги даваат големиот број типови и подтипови.

**Тип 1**. Т. 43 - 52. Тоа се грнића со топчеста или биконична форма на телото, со раб изведен како инка. Поделени се во 9 варијанти. Грнићата од овој

огромен тип се најдени на сите македонски наоѓалишта. Ги има во целиот период на доцната антика, но повеќето варијанти потекнуваат од средината до крајот на периодот.

**Варијанта 1**. Т. 43/сл.1-8, Т. 44/сл.10, 11. Работ на овие грниња се одликува со поголема задебеленост и заобленост. Помалите грниња се со пречник од 10-13 см, а поголемите се до 20 см. На рамото често пати имаат изведени хоризонтални линии. Грнињата од Стоби, Скупи, Хераклеја, Маркови кули, и од локалитетите на Скопска Црна Гора потекнуваат од 5-ти век, а нивниот крај се забележува во 6 век. Ваквата констатација се потврдува со аналгиите направени со материјалот од Садовец, Јатрус, Царичин Град, чие датирање е од 5-ти до 6-ти век.

**Варијанта 2**. Т. 44/ сл.12-19. Нивниот раб е заоблен, имаат бразда за капак, некои добиваат цилиндричен врат. Грнињата имаа средна големина. Од Кузманов се наречени Долномезиска форма, бидејќи е таму многу застапена. Проучувањата велат дека од вкупната количина на вакви грниња во Јатрус 63 % се од 4-ти / почеток на 5-ти век, а 39% се од 6 век. Во Садовец 25% се ваков тип грниња и тие припаѓаат на 5-ти / 6-ти век. Се смета дека намалување на застапеноста на овие гниња се следи од исток кон запад. Во правец на ова мислење оди и нашата констатација, дека грнињата од овој тип во Македонија се датирани во 5-ти / 6-ти век.

**Варијанта 3**. Т. 45 / сл. 20 - 27. Заоблениот раб на овие грниња има рамна горна површина. Повеќето садови од оваа варијанта се со поголеми димензии, а глина темносива. Македонските грниња, од Хераклеја, Стоби и Скупи, потекнуваат од втората половина на 5-ти / 6-ти век. Во Садовец, Перник, Прахово, Караташ се сместени во 6-ти век, Рас и албанските наоѓалишта се пошироко датирани во 4-ти / 6-ти век, а во Никополис ад Нестум се во крај на 4-ти - почеток на 5-ти век.

**Варијанта 4.** Т. 46/сл. 28-37, Т. 47/сл. 38-46, Т. 48/сл. 47-50. Кај овие грниња работ е со остри ивици, со рамна горна површина. Повеќето садови се украсени со брановидни и хоризонтални врежани линии. Телото им е речиси секогаш биконично. Повеќето садови се со мали димензии, пречникот на работ се движи од 9-15 см. Според повеќето датирани грниња од македонските наоѓалишта, припаѓаат на 5-ти / 6-ти век. Во Садовец се датирани во втората половина на 5-ти / 6-ти век, албанските наоди се од 4-ти / 6-ти век, оние од областа Аквис од 5-ти век.

**Варијанта 5.** Т. 48/сл. 51-56, Т. 49/сл. 57-64. Профилацијата на нивниот раб е заоблена и со различна дебелина. Повеќето грниња имаат пречник на раб од околу 10 см. Датирани се во крај на 5-ти / 6-ти век. Во Садовец, како и во Гамзиград, Перник, Прахово, се датирано во 6-ти век.

**Варијанта 6.** Т. 49/сл. 65-67, Т. 50/сл. 68, 69. Овие грниња имаат воочлив врат, а раб заоблен од надворешната страна. Печени се во темноцрвено-темнокафена боја. Се среќаваат низ цел Илирик, а имаат широко датирање од 4 до 6 век.

**Варијанта 7.** Т. 50/сл. 70-77, Т. 51/сл. 78, 79, Т. VIII/сл. 5. Работ е тенок, со прекршувања кон надвор. Помалите сдови имаат пречник на раб од 8-12 см, а поголемите се околу 18 см. Овие грниња потекнуваат од 6 век. Во овој период особено ги има во центрите кои лежат недалеку од заоаднопонтскиот брег, како Тропеум Траиани. Во граничниот дел на Дунав, во Дакија Рипенсис, Ратиарија, има само поединечни примероци.

**Варијанта 8.** Т. 51/сл. 80-84, Т. VIII/сл. 3, 4. Кај овие грниња работ е прекршен во горниот дел. Садовите се со средна големина, пречникот на работ е

од 13 до 17 см. Потекнуваат од 6-ти век. Таква е определбата и на грнињата во Садовец, а во Царичин Град и Рас се 4-ти / 6-ти век.

**Варијанта 9.** Т. 51/сл. 85-88, Т. 52/сл. 89-96, т. VIII/сл. 6. Работ е хоризонтално отсечен. На македонските наоѓалишта ги наогаме од сите периоди на доцната антика, но сепак, најчести се во текот на 5 век. Од Садовец датацијата за нив е општа, 4-ти / 6-ти век.

Грнињата од тип 1 се најбројни и ги наоѓаме во сите делови од територијата на денешна Македонија. Од нив, со најголем број грниња разделени во варијантите од оваа форма, најмногу се најдени во Хераклеја, Стоби, Скупи, секако и заради најистраженоста на овие локалитети, но, ги има и во Струмица, Валандово, штипско, кумановско, на Скопска Црна Гора, тетовско, во Горни Сарај во Охрид. Овие грниња се најдени на многу локалитети низ Србија, Косово, Бугарија, како на територијата во дунавските провинции, така и во појужните делови. Подеталните проучувања укажуваат дека оваа форма е најразвиена во текот на 5-ти и 6-ти век.

Грнињата од тип 1, варијанти 3, 4, 5, 6, 8 имаат големи сличности со грнињата од тип 2 кај Кузманов. Тие се многу раширени во 5-ти и 6-ти век во Медитеранска Дакија и Дакија Рипенсис. Во Јатрус се застапени со 6-7%, а во Садовец со дури 40%.

**Тип 2.** Т. 52/сл. 97, 98, Т. 53/сл. 99-104, Т. VIII/сл. 7. Грнињата од овој тип се топчести или биконични, со триаголна профилација на работ. Обично имаат повеќе хоризонтално врежани линии на рамото. Оваа форма има долга употреба, се следи низ цел Илирик. Во Садовец, според наодите од Јатрус, се датирани во втора половина на 5-ти / 6-ти век. На македонските наоѓалишта садовите од овој тип потекнуваат од сите векови на доцната антика.

Овој тип грниња се дел од оние определени како тип 4 кај Кузманов. Формата е карактеристична долно-мезиска и во локалитетите од тој регион се многу чести и најбројни. Во Долна Мезија, пак, се многу ретки.

**Тип 3.** Т. 53/сл. 105-108, Т. 54/сл.109-117, Т. VIII/сл. 8. Работ е задебелен на извлечениот дел нагоре. Ивиците можат да бидат поостри или поблаги. Големината на грнињата варира. Во Панонија се забележани во 4 век, Рас, Садовец, Улпијана, ги има во текот на целата доцна антика, како и во цел Илирик. Сепак, поретко ги има во 5 век, додека се почести во периодот кон 6 и ран 7 век.

Овој тип одговара на тип 1 од Кузманов. како форма се забележува дека е присутна во западноготските центри и центрите што лежат блиску до брегот, Тропаеум Траиани. Во Садовец е многу честа форма, за разлика од појужните долномезиските центри.

**Тип 4.** Т. Т. 55/сл. 118-122. Овие садови имаат задебелен раб, свиткан и извлечен кон надвор. Пречникот на работ е од 11 до 16 см. На македонските, како и на наоѓалиштата од соседните региони, се јавуваат во сите периоди на доцната антика.

**Тип 5.** Т. 55/сл. 123. Оваа определба е за скупското грне, кое со четвртеста профилација на работ. Аналогии наоѓаме во Улпијана, одредени во 4-ти век, во Садовец има слични грниња, во Јатрус се определени во прва половина на 5-ти

век, но наодите од Дакија Рипенсис, Ратиарија и Дакија Медитеранска, Перник, неможат сигурно да се датираат.

**Тип 6.** Т. 55/сл. 124. Работ на гнето е хоризонтално иавлечено кон надвор, со врежани линии на горната површина. Во Садовец е датирано во 5-ти век, а скупското грне е од слој од крајот на 5-ти век.

**Тип 7.** Т. 55/сл. 125, Т. 56/сл. 126-128. Работ е хоризонтален, триаголно профилиран. Тој може и да е поширок од ширината на телото. Македонските садови, од втората половина на 5-ти век ги споредуваме со оние во Садовец, од 5-ти / 6-ти век.

**Тип 8.** Т. 56/сл. 129, 130. Грниња со едноставно завршен раб нагоре. На горниот дел се украсени со брановидни линии. Слични примери најдовме на албаните наоѓалишта, датирани во општи рамки на доцната антика. Грнињата од Горни Сарај во Охрид и во Скупи се најдени во највисоките слоеви од градбите, кои припаѓаат на крајот од доцната антика.




■ Локации со наоди на грниња без премаз

**Тип 9.** Т. 56/сл.131. Ова е грне кое со формата и димензиите излегува од честите типови грниња. Скуското грне потекнува од крајот на 5-ти / почеток на 6-ти век. Тоа е периодот кога промените во општеството придонесуваат да се менува и состојбата во семејството на обичниот граѓанин. Семејствата стануваат побројни, па, тоа ја оправдува големината на овој тип садови.

**Тип 10.** Т. IX/сл. 9, 10, 11, 12. Грнињата имаат заоблени тела во форма на круша, со непрецизирани рабови. Работени се на споро витло. Истражувачите на локалитетите каде се најдени ги сврстуваат во категоријата словенски грниња. Начинот на изработка, изборот на непречистена глина и донекаде формата, наликуваат на словенските. Но, прашање е дали осамените наоди од ваков тип ја заслужуваат ваквата определба.

**Некласифицирани грниња.** Т. 56/сл. 132-135, Т. IX/сл. 13, 14. Во оваа определба се сместени неколку грниња, кои неможат да се приклучат кон останатите, но заслужуваат да бидат дел од овие анализи. Во изработката на валандовското, струмичкото и на оноа грне од Скопска Црна Гора, со топчестите тела, е внесена моќта на производителот за поубаво естетско решение. Останатите се можеби попрактични за секојдневната употреба. На охридското од Св. Еразмо грубата изработка не воведува во начинот на изработка на грнчарски садови кои ќе преовладеат кај домашната грнчарија во средновековниот период.

Проучувањата на категоријата грниња без премаз покажуваат голема разновидност, имајќи на увид голем број предмети, најдени на сите доцноантички локалитети опфатени во овој труд. Оваа разновидност се однесува на големиот број форми изразени преку големиот број типови на садови. Генерално земено, овие садови ја покриваат територијата на Илирик, особено централните делови на Балканот, од Панонија, преку двете Дакии, Мезија и Дарданија. Одделни типови се јавуваат во 4-ти век, но најраспространети се во 5-ти и 6-ти век, до првите децении на 7-ми век. Проучувањата на овие садови покажуваат дека голем број форми се во голем број присутни на наоѓалиштата во подунавските провинции и во приобалните центри на Црното море. Од таму се раширувавт кон западните провинции и во текот на 5-ти и 6-ти век се следат низ српските, албанските и сите македонски локалитети.

## 4. 3. 5. Капаци

Капаците се посебна форма во грнчаријата. Тие се составен дел особено од кујнските садови. Со формата и изведбата на долниот раб ја следат формата на садовите за кои се наменети.

Се наоѓаат на сите доцноантички локалитети. Повеќето од нив се направени во неколкуте форми, раширени насекаде. На конусните капаци има изведено помала или поголема рачка, Т. 57/сл. 3-8, Т. X/сл. 1, 4. Овој тип капаци се разликуваат меѓусебе преку изведбата на работ на долниот дел од телото. на некои тој е едноставна завршница на конусно прошireното тело, а кај некои на тоа место е изведен потесен прстен, кој треба да влезе во работ на садот за кој е

наменет капакот. Некои капаци имаат богата декорација, на нив се со врежување изведени орнаменти во стилот на декорирањето на актуелните грнења, Т. 57/сл. 9.

Во доцната антика се произведувала и друга форма на капаци. Тие имаат плочеста форма, на средината додадена мала држалка. Т. 57/сл. 1-3, Т. X/сл. 2, 3. Овој тип капаци се посебно интересни со декорацијата. Изведувани се цели фризови, како кај капакот од Хераклеја на Т. 57/сл. 3, или пак, моментални импресии на изработувачот, кој ги врежувал орнамнетите со слободна рака. Некогаш во тие рачни декорации се вметнати и исписи, како што е капакот од Хераклеја на кој е нагрчки јазик напишан зборот “калос”, Т. 57/сл. 1, и прилепско од локалитетот Задна Река, с. Витолиште, Т. X/сл.3, каде покрај едноставни геометриски орнаменти е претставен крст.

Многу редок наод на нашите наоѓалишта се затворачите за амфори, а уште поретко е нивното публикување.

Посочените форми на капаци се среќаваат на повеќе локалитети од соседните области. Реткото прикажување на овој вид грнчарија во литературата не покажува дека нивната застапеност е мала. Капаците ги има во сите периоди на доцната антика. Оние со плочеста форма се особеност за периодот од крајот на 5-ти / 6-ти век. Тие се локален производ, кој ја следи едноставноста на грнињата за кои се наменети.

## 4. 3. 6. Дна од разни садови

Во претходниот приказ различните видови грнчарски садови воглавно се претставени со елементите кои го сочинуваат горниот дел на садот. Степенот на проученост на доцноантичката грнчарија дозволува врз основа на тие податоци да донесеме заклучоци за нив. Сметаме дека со приказот на одделни водови дна ќе се дополни претставата за изгледот на доцноантичката грнчарија.

Со цел да се прикажат садовите од доцноантичкиот период со сите елементи, презентираме неколку варијанти на дна.

На Т. 58/сл. 1-8, претставени се различни типови дна.

Дната претставени на Т. 58/сл.1, 2, 3, припаѓаат на садови со заоблено тело, тепочесто или биконично. Вообичаено грнињата со таква форма на телото имаат рамно дно, со прстенесто дно се некои форми на стомни. На Т. 58/сл. 5, 6, 7, се рамни дна, со прстенесто задебелување, кое ретко е вовлечено од долната страна. Оваа форма на дна припаѓа на садови со издолжено тело.

На Т. 58, сл. 4, 8, се дна од питоси. Тие се присутни на речиси сите доцноантички наоѓалишта. Се разликуваат по изведбата на врвот од дното, кој служел, како и кај амфорите, за полесно држење на големиот сад и за попрецизно позиционирање на садот во земја или на друг вид место за одложување.

Иако низ доцноантичкиот период егзистираат различни форми на дна, најчести се рамните дна, кои го покриваат периодот од 4-ти до 6-ти век, а на крајот од 6-ти век некои добиваат вовлечување со копче во средината.

## 4. 3. 7. Чаши

Меѓу ретките наоди во доцната антика се чашите. Неколкуте примероци, Т. 58/сл. 9, Т. X/сл.5, 6, потекнуваат од различни локалитети и од различни периоди на доцната антика.

Чашата од Дрзга, кумановско, Т. X, сл. 6, потекнува од гроб во кој се најдени монети од 4-ти век, на Константин I. Формата на оваа чаша е римска, со италско потекло, а во провинциски форми се јавуваат од 2-ри до 4-ти век. Во Долна Панонија во 3-ти и 4-ти век се јавуваат чаши со подолу развиен мев, со дно нагло стеснето во висока нога. Оваа форма не се следи западно, на пример во рајнската област, туку ја има во подунавските и балканските провинции.

Чашите од Копачки, преспанско и Дојран, Т. X/сл. 5, Т. 58/сл. 9, припаѓаат на подоцнежниот период од доцната антика. Според наодите од Садовец и останати од Дакиа Рипенсис, каде некогаш имаат и премаз, потекнуваат од крај на 4-ти и почеток на 5-ти век.

Како форма немаат посебен развој туку се развиваат паралелно со другите садови од затворен тип, како грнињата.

## 4. 3. 8. Садови со специфична форма

Од мноштвото садови обработени во студијата изделуваме два сада, кои со формата не припаѓаат на ниедна друга. Т. 58/сл. 10, Т. X/сл. 7.

Садот од Стенче, тетовско, Т. 58/сл. 10, е со многу издолжена форма на телото. Слабиот премаз и прстенестото дно укажуваат на нешто подобра изведба на овој сад. Можеби во прашање е стомна, но, недостатокот од горниот дел не е единствената причина за непотврдување на искажаната можна припадност. Нејасноста ја прави големата издолженост на тело.

Садот од прилепско, Т. X/сл. 7, е посебен со цилиндричното тело, форма која садот ја задржува од работ до дното. Има една рачка, а украсен е со повеќе врежани линии. Претпоставуваме дека можел да служи како мерка за течност. Ваков сличен сад е најден во доцноантичкиот локалитет Големо Градиште кај с. Коњух.

# 5. Амбалажни амфори

Амфорите се посебен вид садови, со особеност на формата и намената, што често наложува тие да бидат посебно третирани. Обработката на овие садови се одвива со поголеми тешкотии. Нивното потекло и патот на достава не секогаш се поистоветуваат со останатите видови садови присутни на локалитетите. Затоа, се оправдани проучувањата на амфорите одделени од другиот грнчарски материјал.

Тие се најдобриот материјал вклучен во проучување на севкупни грнчарски наоди од доцноантичките наоѓалишта, во однос на изнаоѓање на трговски патишта и влијанија од разни големи градски центри во империјата во нашите провинциски населби.

Амфорите се садови за транспорт и складирање на добра, како масло, вино и преработки од риба. Тие се важен извор на информации во истражувањето на историскиот развиток на економијата.

Овие садови се разликуваат од останатите категории во нивната анализа, така што анализите снабдуваат податоци во мали размери одвоено за структурата, одвоено за наоѓалиштето и во големи размери за провинцијата и дури за Римската империја во целина.

Функцијата на овие садови пред сѐ била транспорт. Но, многу од нив биле употребувани како складишни садови во хореуми, мали продавници и визби. Називот на овие садови бил употребуван и од грците - αμφορεύς и од латините - amphorae и подразбира стомна со две рачки со запремина еднаква со еден quadrantal или две urnae, што може да се пренесе во запремина од модерни 26 литри[138].

Специфичната форма на овој вид сад пружала можност тие да бидат пренесувани на големи дестинации, на разни начини. Биле употребувани разни траси низ Балканот. Поморскиот пат водел до големите пристаништа на Егејското крајбрежје и особено низ Босфор до Црно Море, како и преку пловидбата по големите реки Дунав, Сава, а има мислење и за делумна пловност на Вардар, барем од Тесалоника до Стоби. Многубројни сувоземни рути биле во честа употреба, кои претставувале најраспространет начин на достава на роба до најоддалечените дестинации во провинциите. Проучувањата покажуваат повеќе од 550 бродоломи констатирани на крајбрежјето на Италија, Галија и Шпанија. Подводниот истражувачки центар од Созопол идентификувал 20-тина бродоломи на црноморското крајбрежје. Транспортот по сувоземните патишта бил многу поскап од поморскиот пат. Проценките велат дека чинел 55 пати повеќе од поморскиот, а 6 пати повеќе од речниот транспорт. Поморскиот транспорт бил најбрз. На пример, од Остиа до Гибралтар биле потребни седум дена, а девет и пол дена од Родос до Азовско Море[139]. Сувоземниот транспорт бил подолг, но бил посигурен и поудобен, заради бројните попатни станици. Патиштата биле в долж реките Вардар, Морава, Тимок, Струма, Марица, поврзувајќи разни делови од Балканот со Јадранот, Црно Море и Егејското Море. Главниот пат во северниот дел на Балканот врвел од Јадранско Море преку Сава и Дунав. Тој ги поврзувал Аквилеа - Наупорта - Новиудунум - Сисциа и Сингидунум. Друг пат водел на југ поврзувајќи ги Наисус - Сердика и Хадрианопол, Виа Милитарис. На северното

---

138 P. Dyczek 2001, 25.
139 Ibid, 308.

крајбрежје на Црно море биле употребувани во транспортот и камили, во одредени периоди, а остеолошки наоди од ова животно се најдени на повеќе локации[140].

Проучувањата вршени на амфори и нивна класификација почнуваат во 19 век. Првата класификација ја направил Дресел во 1899 година, разделувајќи ги формите во 45 типови. Следеле проучувањата на Ламбоља, Лешке, Ритерлинг, Беноа, Зест. Скорпан во 1977-ма година проучува амфори од регионот на долен Дунав, Балканот и западен и северен брег на Црно Море, како хистро-понтската територија. Воглавно се задржал на амфори од доцната антика. Кузманов во 1973-та година класифицирал амфори од Долна Мезија, опфаќајќи период од 4-ти - 6-ти век. За балканскиот простор од голема важност се проучувањата на Бјелајац во 1996-та година на материјал од горномезиското подунавие.




■ Локации со наоди на амфори

[140] Ibid, 312-313.

Проучувањата на амфори од доцноантичкиот период од наоѓалишта на територијата на Република Македонија покажуваат голема разновидност на типови. Нашите анализи се сведуваат на поголем број на фрагментирани амфори од големите антички градови на наша територија, Стоби и Скупи. Скупи, град со највисок административен ранг, а заедно со Стоби, градови кои се главни носители на трговијата на патот од Тесалоника кон север, пружаат можност за низа заклучоци врзани за овој тип грнчарски садови. Најприсутни се амфори од Источниот Медитеран - егејски и малоазиски, многу раширени во речиси сите дестинации низ источните провинции на империјата. Низ материјалот од Скупи се среќаваат и неколку примероци на понтски амфори, кои се многу присутни низ Горно Мезиските населби.

На македонските наоѓалишта наоѓаме амфори во големите градови Скупи, Стоби, Исар Марвинци, Хераклеја, кумановско на р. Пчиња, Маркови кули кај Скопје.

Понтски амфори. Cartage LR 2 / Бјелајац тип XX / Кузманов тип XIX ги следиме преку амфорите на Т. 28, сл. 2, 3, 4, 5. Припаѓаат на редот чешлести амфори. Почетокот на производство е во 4-ти век, во крај на 5-ти и 6-ти век се со најголем обем, а во крај на 6-ти и почеток на 7-ми век е крајот на нивното производство (Бјелајац, 1996, 67-69). Проучувачите се поделени во мислењето каде е нивното потекло, егејската област или околу црно море и долно Подунавје, што е поверојатно[141]. Биле употребувани за масло, вино, можеби и за жито. Најмногу се најдени околу Црноморието и долно Подунавие, поретко ги има и во Северна Африка, а се среќаваат и на Јадранот.

Амфорите на Т. 28, сл.1 и Т.30, сл.16 се определени како Cartage LR 1/ Bjelajac XXI / Кузманов XIII. Се појавуваат во втората полвина на 4-ти век, најраширени се во 5-ти и 6-ти век, а почетокот на 7-ми век е крај на производство на чешлести амфори. Најрани се наоди во Египет и Крим, а најдоцни во Херсонес и Атина. Биле употребувани по целото Црноморие [142].

Cartage LR 4 / Кузманов VI / Bjelajac XV се оние на Т. 28, сл.7 и Т. 29, сл.11. Кузманов тип VI го датира во 3-ти- 6-ти век, во Палестина се датирани во 3-ти век со монети на Александар Север (222-235г.), а во Истрија во културен слој од 6-ти век. Ги има во Атина, Израел (крајбрежје на Црвено море), Романија (Истрија), Бугарија (Калиакра)[143]. Овој тип амфори биле наменети за транспорт на вино, ососбено се познати од областа Газа, која и денес се вбројува во регион со висококвалитетно вино, а има мислење дека заради способноста за одржување на ниска температура, се користеле за чување на ладна вода и сушени производи[144]. Како и датирањето на Бјелајац во 6-ти век е и оноа на Ѓ. Јанковиќ. Скупската амфора исто така припаѓа на 6-ти век.

Амфората на Т. 28, сл.6 припаѓа на Бјелајац тип XVI. Правени се од жолтеникаво-црвенкаста глина, а одозгора имаат бледожолта енгоба. Долгата историја на производство на овој тип се следи до 6-ти век, а се наоѓаат и нешто подоцна. Спаѓаат во редот на ребрести амфори и веројатно потеклото име на западната црноморска обала, подрачјето на Хистрија и Понт. Распространети се

---

[141] Lj.Bjelajac 1996, 69, во прилог на кажаното е пример со потопен брод кај Халикарнас во 620-625 година, кој пренесувал амфори од црноморските пристаништа кон Егејот, а во него речиси сите биле чешлести.

[142] Кузманов, 1973, 17, 18.

[143] Ibidem., 16.

[144] Bjelajac, op.cit., 49, 50.

од овде, преку егејската, до африканската обала и Италија, каде ги има во многу мал број[145].

Од Понтските амфори имаме примерок од Бјелајац тип XIX, на Т. 29, сл.12. Овој тип потекнува од поран период, 2-ри и 3-ти век, а во 4-ти век е распространет во Горна Мезија, Мезија Прима и Дакиа Рипенсис. Нашиот наод е од Скупи, од 4-ти век и се вклопува во времетраењето и нивната распространетост.

Ви одредницата Бјелајац тип XXIII, Кузманов тип X, спаѓа амфората од Хераклеја на Т. 30, сл. 20. Се јавуваат во 4-ти-5-ти век во Панонија и во 5-ти-6-ти век на Црно море[146].

Спатеите се посебна форма на амфори. Имаат посебно издолжено, витко тело. Нашите примероци, Т. 29/сл. 8, 9, 10, се од доцен 5-ти-доцен 6-ти век, како одредниците на Бјелајац како африкански од 6-ти век и на Кузманов како самоски.

Локалните производи укажуваат на транспорт кој се одвивал на пократки дестинации, како и тоа дека со нив на извесен начин била задоволувана потребата за чување на храната, заедно со останатите видови на садови со таква намена.

На Маркови кули кај Скопје најден е поголем дел од голема амфора, произведена во локална продукција. Таа е со многу големи димензии и сметаме дека, заради големата запремина и тежина не била премесена од многу голема раздалеченост до местото на наодот. Амфорискот од Таор, Т. IV, сл.4, е со запремина од 25 мл вода. Сметаме дека служел како мензура за течност.

Многу се ретки потврдени локации на работилници за изработка на амфори од локално производство. Позната е таква работилница во занаетчиски центар во Виминакиум од 3-ти век. Од примероците на амфори од локално производство можеме да заклучиме дека биле правени по примерот на оние од големите производствени центри во Империјата.

[145] Ibidem, 54,55.
[146] Brukner 1981, T.164/85; Kuzmanov, op.cit, 17.

## 6. Ранохристијанска симболика на грнчаријата од доцната антика

Христијанството како нова идеологија од времето на неговото легализирање во 313-та година силно се наметнало во сите сегменти на духовното живеење во целото царство. Во вековите пред легагализацијата Христијаните преку скриени пораки, симболични цртежи и знаци оставале потврди дека постоеле и дека го продолжиле учењето на Големиот учител.

По леагализацијата овие симболи и натаму биле употребувани, иконографски усовршувани и дополнувани со нови детали и со цели слики на библиски ликови и сцени од Стариот и Новиот завет. Овие биле калапени по пат на матрици на грнчаријата пред нејзиното печење. Хриситијански симболи биле гравирани и на жигови за монети и медаљони, потоа сликани или гравирани на различни предмети за утилитарна намена или украси. Рељефно се претставувани на градежната камена пластика во која ја достигнале својата најголема транспарентност и најбогата содржина, идентификувајќи ги тие градби како сакрални или поврзани со новата идеологија.

Проширувањето на христијанството зема сè поголем удел во животот и на обичниот човек. Христијанските симболи не се среќаваат само во црквите, туку со помасовното прифаќање на новата религија тие стануваат составен дел на секојдневието.



Христијанска симболика претставувана на грнчарски садови
Ел Марине, Тунис
(М.Макенсен, 1993)

Производството на доцноантичката грнчарија се карактеризира со уште една особеност - примена на христијанска симболика на разни видови керамички производи. Христијанската симболика е присутна на речиси сите типови

грнчарии. Големите производствени центри на грнчарски садови ја користат оваа симболика за декорирање на своите производи, па високо ценејќи ја новата религија, овие предмети ја исполнуваат желбата на верникот до себе да има предмет преку кој секојдневно ќе биде блиску до црквата.



Христијанска симболика претставувана на грнчарски садови
Ел Марине, Тунис
(М.Макенсен, 1993)



Христијанска симболика на глинени ламби и садови
Ел Марине, Тунис
(М.Макенсен, 1993)

Најбројни претстави со најбогат репертоар сочувани се на т.н. африканска сигилата, произведувана во крајбрежниот медитерански појас, главно во денешен северен Тунис, а помалку во Египет и Егејскиот басен, т.н. Источна сигилата. Во грнчарскиот центар во Ел Марине во денешен Тунис, еден од неколкуте главни производни центри, во текот на 4-ти до 7-ми век, се произведувале чинии богато декорирани со најразновидна орнамнентика инспирирана од христијанската религија[147].



питос
Градиште, с. Пчиња
(Т. 39, сл. 1)
(З.Георгиев, 1989)



питос
Задна Река, с. Витолиште
(Т.VII, сл. 6)
(Л.Кепеска, 1990)

Најчест и најдолго употребуван бил мотивот на крстот, ликовно претставуван во различни варијанти и врамен или пропратен со други ситни украси. Покрај него се претставувал и Христограмот во повеќе варијанти, потоа рибата, шестокраката ѕвезда, одделни библиски ликови, дрвото на животот, палмови гранки, ромбови во пелити и друго.

Симболичните претстави најчесто биле претставувани на плитки чинии од внатрешната страна, на средината на дното. Со нив била потенцирана ефхаристичната функција на садовите, користени во одредени пригодни верски свечености. Најубави сцени биле претставувани на четвртести плитки чинии-тацни, т.н. таблети, што понекогаш достигувале ниво на уметнички дела. Христијанската симболика била претставувана често и на горната страна на глинените ламби, користени главно во култот.

Големите грнчарски производни центри во доцната антика масовно произведуваат садови на кои се претставени христијански симболи. Посочениот големиот центар за производство на Африканска црвенопечена грнчарија, Ел Марине во северна Африка, бил вистинска ризница на грнчарски садови со претстави на најразновидна христијанска симболика.

---

147 M. Mackensen 1993, 397. Истражувањата на американски и германски археолошки тимови во Картагина со нумизматички наоди ги потврдуваат датациите на наодите од ова производство. Во книгата се исцрпно презентирани сите произведувани типови чинии, обработени од Хејс во 1972 година, со сите можни декоративни претстави на нив.

И покрај тоа што црковните извори ги спомнуваат епископите во текот на 4-от век, во Македонија на терен сеуште нема откриени објекти кои ќе сведочат за постоењето на црквата во овој ран период. Осамени наоди се Старата базилика во Стоби, која се наоѓа под Епископската базилика и баптистериумот од Малата базилика во Хераклеја.



капак
Задна Река, с. Витолиште
(Т. X, сл. 3)
(Л.Кепеска, 1990)



Чинија
(Доцноримска Ц грнчарија)
Херклеја
(Т. I, сл. 3)

Вистински процут на градење цркви потекнува од доцниот 5-ти век и почетокот на 6-ти век. За тоа говорат бројни остатоци од цркви низ целата територија на Република Македонија. Христијанската симболика е присутна и на разни видови движен материјал.

На подрачјето на Р. Македонија грнчаријата украсена со ранохристијанска симболика се јавува најчесто како импорт од двата спомнати медтитерански региони. Покрај тоа, оваа симболика на наша почва се јавува на Македонската сива грнчарија, кадешто е претставена главно со ввоздржаниг мотиви - палмови гранки, четирилисти, концентрички кругчиња, ромбови со јадро и слично.





Исар Марвинци, глинени ламби
(М.Шурбановска, 2005)



Хераклеја, глинена ламба
(Т.Јанакиевски, 1980)

Грнчарски производи, произведени во овој период, се одликуваат со орнаменти кои го симболизираат раното христијанство. Тоа се капаци, питоси, ламби со вообичаено претставен крст на нив, но и други симболи, карактеристични за ранохристијанскиот период. Грнчарскиот импорт, произведен во центрите на северноафриканскиот брег, имаат ретко убави претстави на симболи од христијанската религија. Во Хераклеја и Стоби, најдените бронзени и глинени ламби со претстави на крстови се изработени со тенденција христијанството да се проследи и прошири на македонско тло.



Стоби, бронзена ламба
(М.Шурбановска, 2005)



Непознат локалитет, бронзена ламба
(М.Шурбановска, 2005)

Близу Виница, на потегот Горица, покрај откопаната базилика од 5-ти век се откопани и остатоци од грнчарска работилница, во која била репродуцирана и ваква украсна керамика. Најдени се повеќе мали керамички жигови со украсни мотиви претставени во негатив, а кои биле констатирани за

отсликување на грнчарски садови пред нивното печење. Изнаоѓањето на овие печати е потврда за постоење на грнчарска работилница кај овој локалитет.



Глинени печати за нанесување разни орнамнети на грнчарски садови
Локалитет Горица, Виница
(Ц.Крстевски, З.Белдедовски, 1987)

Христијанството се појавило рано во Македонија. Потврдено е со бројни цркви од доцен 4-ти, 5-ти и 6-ти век. За широката христијанизација на овие краеви зборува и богатиот црковен живот во македонските градови, одразен во пишани документи. Епископите од Лихнид, Хераклеја, Стоби, Скупи, Баргала и Запара учествувале на екуменскиот и васеленските собори во текот на 4-ти, 5-ти и 6-ти век. Во Јустинијана Прима во 535 година бил устоличен архиепископот на Северен Илирик. Двата последни епископи од Стоби учествуваат уште на крајот на 7-ми век на соборите во Цариград и Труло.

Тргнувајќи од овој богат подем на раното Христијанство кај нас, треба да се очекуваат повеќе ранохристијански траги и на грнчаријата од наоѓалиштата од овој период. Оваа материја е слабо истражена кај нас. Можеби има уште неоткриени непознати нешта, слично на загадочните Винички икони откриени во наше време. Овие керамички плочки со претстави главно од Стариот завет, биле калапени од локални керамичари во раниот 6-ти век. Поради нивната специфична содржина и намена ги изоставаме од нашиот преглед на керамички прозводи од тоа време.

Христијанството во раниот период од распространувањето го оди својот мачен пат за докажување и постепено прифаќање од верниците. Сега, на крајот од антиката, го доживува својот вистински нагорен пат. Масовно се подигаат црковни објекти. Населението во црквата гледа спас од сите страдања на кои е подложено. Сите феномени на животот, од изненадна олуја или земјотрес, до успешна жетва или смрт на саканиот близок, се дефинирале како Божја волја. Човекот безусловно му верува на свештеникот, светот кој се зема за готово функционира само во духовен смисол. Масовното прифаќање на христијанството и препуштањето на судбината оправдувана од религиозните учења наоѓа примена и во предметите кои не се директно врзани за црковниот објект, туку преку христијанската симболика претставена на утилитарни предмети, како грнчарските садови, верникот допушта со нивната секојдневна употреба да биде поврзан со моќта на силата која ја чува неговата духовна состојба. Затоа, овие садови на кои има претставено ранохристијанска симболика се од посебно значење. Ова е период кога христијанството масовно добива верници. Со губењето на античките вредности во општеството, сите потреси што човекот ги доживувал во периодот на преселбата на новите народи на наше тло, христијанството успева да се наметне толку силно, што неговото масовно прифаќање кај населението се огледува во христијанската симболика нанесена и на предмети наменети за секојдневна употреба.

# VI. Хронолошки рамки на одделни категории на доцноантичка грнчарија

## 1. Врска со контекстите на станбените слоеви и гробни целини

Проучувањето на доцноантичката грнчарија на територијата на Република Македонија е изведено на материјал од седумнаесет пунктови. Местоположбата на пунктовите прави да бидат опфатени речиси сите региони во државата. Од вкупно триесет и четири локалитети поголемиот дел од материјалот потекнува од населбински локалитети, додека мал дел се од некрополи.

Поголемите антички градови, како што се Скупи, Стоби и Хераклеја, се систематски истражувани. Кај нив културните слоеви се точно определени. Тоа е изведено преку проучувања на архитектонските целини, слоевите во тие затворени целини и со помош на нумизматичкиот и останатиот движен материјал. Изделувањето на грнчарскиот материјал од констатираните и датирани слоеви, со разврстувањето во типолошки рамки, го даде резултатот за воспоставување на временски определби на одделни типови садови.

Анализите на материјалот од помалите населби е направен на два начина. Материјалот од населбите од каде за прв пат се проучува грнчрски материјал во оваа студија и каде не е прецизно изведена археолошката определба е изделен според утврдената типологија на доцноантичката грнчарија. На тој начин се добија одделните категории на грнчарии. Заедно со податоците за градбите од локалитетите, со евентуалниот нумизматички и друг движен материјал и во голема мера поткрепени сознанија преку аналогии од соседните региони, садовите ја добија својата хронолошка определба. Од населбите од каде е користен материјал кој веќе е објавен, се зема во предвид анализата на проучувачот. Но, честопати тие се недоволно прецизни, заради сместување во општи рамки на доцната антика и кога има услови за попрецизно датирање, а тоа не е земено во предвид. Исто така, има случаеви кога е безусловно преземена датација од други локалитети за сличен материјал. Ваквите примери се анулирани и е направен обид тие садови да добијат поточна типолошка и хронолошка определба.

Иако на локалитетите од доцната антика поретко се изведувани истражувања на некрополи, од досегашните може да се издели една солидна цифра на грнчарски наоди. Проучувањата на гробните наоди секогаш се следи како доста точно определување, заради повеќето фактори кои влијаат. Начинот на погребување и различниот вид на материјал, најден како гробни прилози, го овозможуваат тоа. Ваквите тврдења се однесуваат особено на гробови од раниот период на доцната антика, бидејќи ретките најдени гробови од подоцнежниот период се речиси секогаш без гробни прилози.

Земајќи ги во предвид сите видови анализи, грнчарскиот материјал во голем дел доби свои точни определби, како типолошки, така и хронолошки.

Материјалот од Скупи е точно определен заради успешната анализа на слоевите во градбите од периодот на доцната антика. Бидејќи истражувањата биле изведувани многу прецизно и од секој теренски слој е стрпливо изделувано

секое парче грнчарија, со помош на големиот нумизматички материјал и останатиоѕ археолошки материјал, слоевите се констатирани и датирани. Типолошката определба во соработка со датираните слоеви ја дава определбата на секој грнчарски сад. На градската територија на Скупи се изделени сите типови доцноантички грнчарии познати кај нас, чинии од источномедитерански и африкански импорт, македонска сива со различни видови садови, амфори, глеѓосана, садови од локално производство, од почетокот на 4-ти до почетокот на 7-ми век. Од Источната некропола на градот Скупи, истражувана во седумдесетите години на минатиот век, употребени се неколку садови, кои се точно определени од истражувачот на некрополата. Тие покажуваат дека тука се најдени садови од крајот на 3-от и целиот 4-ти / ран 5-ти век. Најдени се садови од Македонската сива грнчарија, афикански импорт, глеѓосана грнчарија и локална продукција со премаз. Проучувањата на скупскиот материјал се одлична основа за проучувањата на грнчаријата во Република Македонија.

Скопскиот регион е застапен и со неколку населбински наоѓалишта од помал карактер. Утврдувањата на планината Скопска Црна Гора, се еднослојни населби, со локална грнчарија од крајот на доцната антика. Единствено во Маркови кули на планината Водно кај Скопје, каде се утврдени слоеви од доцната антика и средниот век, се најдени садови од локална продукција, но со премаз и со глеѓосана глазура, карактеристични за соседните области северно од нив.

Античкиот град Стоби е најистражениот локалитет во Република Македонија, не само во однос на архитектонските објекти и некрополите, туку и според проученоста на грнчарскиот материјал од сите периоди на градот. И на овој локалитет проученоста на слоевите во градбите е прецизно изведена. Материјалот од многуте градби од доцната антика во градот пружаат можност да се видат сите типови доцноантичка грнчарија, позната во овој дел на Балканот. Африканскиот и источномедитеранскиот импорт е доста застапен, како и амфори од сите векови на овој период. Особено Македонската сива грнчарија е застапена во голем број, па од таму се размислувањата на одделни проучувачи за евентуален производен центар сместен во градот или во близина. Локалната продукција е застапена со многу типови садови, кои ги следат актуелните продукции. Западната некропола на Стоби  е застапена со садови со премаз од локална продукција, од периодот на 3-от / 4-от век.

Материјалот од Хераклеја во овие проучувања зафаќа поголем дел. Истражувањата направени во Големата базилика и просторот на античкиот театар нудат богат  избор. Од градската територија потекнуваат неколку увезени садови од источномедитеранската продукција. Најголем дел од грнчаријата од Хераклеја, употребена во студијата, потекнува од доцноантичките населбински слоеви сместени врз остатоците од римскиот театар. Бројната грнчарија е разделена во голем број типови на едноставно изработени садови без премаз. Тоа е кујнска грнчарија, која се следи во сите доцноантички наоѓалишта на територијата на Република Македонија, од 4-ти до крајот на 6-ти / ран 7-ми век.

Останатите населби на оваа територија се истражени со различен квантитет, па таков е и резултатот во однос на грнчарскиот материјал. Во Исар - Марвинци од крајот на 3-от и во 4-от век, во периодот на градежен подем во балканските провинции, се констатирани слоеви од кои е презентиран малуброен увозен материјал. Констатиран е и слој од 5-от и 6-от век, со објекти за живеење градени со кал, но тој материјал не е вклучен во овие проучувања. Некрополата, пак, дава не само поброен материјал, туку и поразновиден, преку кој може да се

заклучи важноста и вклученоста на градот во трговските врски на Балканот. Садовите најдени како гробни прилози во гробови од 4-от век се најразновидни форми на стомни, чаши и чинии од Македонската сива грнчарија, чинии од Доцноримска Ц / Фокеанска грнчарија, од 4-от / 5-от век. Со ваквиот богат материјал градот на Исарот кај с. Марвинци се движел со паралелен чекор во растежот како Скупи и Стоби. Местоположбата на главниот трговски правец север-југ го овозможило тој развој.

На главниот трговски пат се наоѓа и локалитетот Стакина чешма во Валандово. Археолошките истражувања се одвиваат на римска вила, изградена во почетокот на доцната антика, а крајот на животот е дефиниран при крајот на периодот. Од овде потекнуваат повеќе садови, кои со својата типолошка определба ја потврдуваат хронолошката детерминација на самиот објект. Покрај неколкуте садови од локална продукција, најдени се примероци од Македонската сива и тоа садови со многу интерересни форми и декорации. Сето ова оди во прилог на мислењето дека Македонската сива грнчарија имала производни центри на тлото на Република Македонија и дека овој тип грнчарија е дел од луксузната грнчарија прифатена од населението од повисоките кругови, кои живееле во поголемите градски центри и во вилите на страна од нив.

Охридскиот регион е застапен со локалитетите на Горен Сарај и црквата Св. Еразмо. Од црквата, која не е дел од градското јадро, во погребувања изведени во самата црква најден е сад од локална продукција. Црквата е ранохристијанска, со богати мозаични подови во нартексот и северниот кораб, а врз нив се изведени неколкуте погребувања. Садот веројатно припаѓа на раниот 7-ми век.

Меѓу неколкуте културни хоризонти констатирани на Горен Сарај во Охрид, кои потекнуваат од хеленистичкиот до османлискиот период, доцноантичкиот е утврден на дел од просторот на тврдината. Истражени се неколку простории за живеење и погребувања. Грнчарскиот материјал покажува застапеност на разни типови грнчарии. Од ретките примероци на увозна африканска грнчарија, Македонска сива, до локална грнчарија, со амбалажни и кујнски садови. Грнчаријата покажува дека доцноантичкиот слој се развивал во втората половина на 4-от, 5-от и 6-от век и дека градот и во доцната антика се развивал со исто темпо како и градовите во повардарјето.

Баргала, центарот на црковниот живот во источниот дел, во овие проучувања не овозможува доволно количество грнчарски материјал за обарботка. И покрај сериозноста во истражувањата, публикуван е мал дел од него. Но, оној обработениот, дава увид во доцноантичката локална продукција, што е од особено значење за состојбата во тој регион. Од населба на локалитетот Крушка-Варница кај с. Козјак, каде е истражувана и ранохристијанска базилика, е познато грнето работено на рака, од слојот на преминот кон раниот среден век, со што е претставена крајно едноставната грнчарија работена во раниот 7-ми век.

Кочанскиот регион е застапен со неколку погребувања на локацијата Касарнски круг во Кочани. Тоа е некропола од римски период, а во слојот над инхумираните погребувања од доцната антика се најдени грнчарски садови од локална продукција и една чинија од Македонска сива. Чинијата припаѓа на производи од 4-от и 5-от век.

Доцноантички период во Струмица е прикажан преку грнчарскиот материјал најден на повеќеслојниот локалитет Орта џамија. Најдени се слоеви од хеленистичкиот до османлискиот период, што ја покажува долговековната историја на овој крај. Истражувањето е сондажно, откриени се низа ѕидови од

објекти од различните периоди. Доцноантичкиот материјал е потврден од истражувачот и со нумизматички материјал. Разврстувањето на доцноантичката грнчарија по типови, покажува разни форми на садови од локалната продукција и чинии од Македонска сива грнчарија, од 4-от / 5-от век.

Кратовскиот регион е прикажан со наоди од доцноантичката населба кај с. Коњух. Истражувањата на оваа населба се изведуваат на неколку пункта, обработувајќи цистерна и неколку објекти за живеење. Доцноантичкиот слој е утврден со начинот на градба, нумизматичкиот материјал и одличната првична обработка на грнчарскиот. Од оваа мала населба, која служела и како збег за околното население, изделени се повеќе садови. Покрај големиот број садови од локална продукција, има само неколку садови кои припаѓаат на источномедитерански импорт и неколку од Македонска сива грнчарија. Грнчаријата хронолошки припаѓа на периодот од 4-от до 6-от век.

Кумановскиот регион е археолошки доста истражуван. Познати се населбата и некрополата во Дрезга, с. Лопате, богата со грнчарски наоди од римскиот и доцноантичкиот период. Доцноримските гробови, каде сохранувањето е со инхумација, во правоаголни јами, цисти, покриени со надгробни стели, кои потекнуваат од 2-от до 4-от век со латински натписи со приватен каратктер, цисти од делкан камени блокови покриени со стели, цисти од керамички тули и тегули, цисти од секундарно употребени стели, правоаголни јами покриени со камени плочи, потекнуваат од 3-от и цел 4-ти век. Најдена е стомна од продукцијата на Македонската сива грнчарија, чија форма ја дополнува претставата за овој вид садови и садови со премаз од локална продукција и глеѓосана грнчарија. Глеѓосаната стомна ја потврдува поврзаноста со северните региони.

Населбата на локалитетот Градиште кај с. Пчиња е фортификација, со анализи прецизно изведени од истражувачот, пружа материјал доволен да се согледа развиеноста на кумановскиот регион. Локалната продукција е претставена со мошне различни типови садови, големи питоси и кујнска грнчарија.

Преспанскиот регион во овој период бил населен како на брегот, така и на островот. Од повеќето локалитети на брегот на Преспанското езеро го изделуваме доцноантичкиот локалитет во Претор. Истражувањата на островот Голем Град покажуваат постоење на повеќеслојно наоѓалиште, кое заедно со движниот материјал од истражувачот е прецизно обработен. Доцноантичкиот материјал се препознава во фрагменти од печатена грнчарија од 3-от и 4-от век, ребрести амфори типични за доцната антика, а слојот е потврден со монети од 4-от до 6-от век.

Населбата на локалитетот Градиште кај с. Стенче е во тетовскиот регион. Тврдината била добро поставена за вршење контрола на патот кој водел од Кичевијата преку превојот Света на планината Сува Гора кон Скопје. Истражувањата на оваа населба покажуваат објекти за живеење, цистерна и ранохристијанска црква. Наодите покажуваат припадност на крајот од доцната антика, односно 6-ти век, а евидентирани се садови од локална продукција.

Демиркапискиот и тиквешкиот регион се истражувани на повеќе мали локации. Неколкуте спомнати локалитети претставуваат наслеби и нивни некрополи, претежно утврдени како локалитети од доцноантички - ранохристијански период, сондажно истражувани. Повеќето садови говорат за разновидноста на локалната продукција во малите наслеби.

Прилепскиот крај содржи неколку помали локалитети. Вилата рустика на локалитетот Пештерица кај с. Ореовец е истражувана заедно со некрополата. Градењето на објектот се смета дека било во крајот на 3-от век и дека вилата опстојувала во целиот 4-ти век. Како гробни прилози најдени се два сада од локално производство. Локалитетот Задна Река кај с. Витолиште го сочинуваат населба и некропола, а доцноантичкиот слој е датиран со монети ковани до 5-от век. Садовите се со локално производство, со многу разновидни форми и намени.

Кичевскиот крај е застапен со материјал од локално производство од некропола, која потекнува од римски и доцноантички период. Дојранскиот крај е исто така застапен со истражувања на римска и доцноантичка некропола, но тука се најдени садови и од Македонската сива грнчарија. Делчевскиот крај е застапен со неколку садови исто така од локално производство. Малиот број садови применети од овие региони ја покажуваат присутноста на разни форми изработени во локалните работилници. Недостатокот на луксузна роба го потврдува заклучокот за нејзина застапеност во поголемите населени места чии поимотни граѓани биле во можност да ја набават.

Материјалот од сите локалитети застапени во ова проучување покажува дека низ целата територија на Република Македонија егзистирале многу форми на кујнски садови, кои го чинат типот Едноставна грнчарија без премаз. За секоја наслеба, од каков тип да била, со градски или селски карактер, каде и да е сместена, оваа грнчарија претставува основен тип користен во секојдневието. Грнчарските садови со премаз изработени во локалните работилници се среќаваат и како гробни прилози во некои погребувања.

Во населбите честа форма од садовите од локално производство се и питосите и садовите за триење. Овие големи садови се наменети за чување и приготвување на храната. Без нив неможе да се замисли домаќинството од доцната антика.

Македонската сива грнчарија се среќава во големи количества и со многу разновидни форми и димензии. Најчеста е во големите градови, сместени по течението на реката Вардар, каде водел главниот трговски пат север - југ. Садови од овој тип грнчарија има и во другите поголеми центри, како во Охрид и во Струмица.

Увезената роба од оддалечените дестинации на источномедитеранските центри содржи разни видови луксузни садови. Нив ги има во поголемите градови на територијата на Република Македонија.

Проучувањата на доцноантичката грнчарија на територијата на Република Македонија дадоа многу прецизна претстава за застапеноста на сите типови грнчарии познати во овој период на Балканот.

## 2. Датирање според аналогии во соседни земји

Обработката на грнчарскиот материјал, покрај типолошката разделеност и определбите според станбените слоеви и гробни целини, ја доби својата завршница преку споредбите со аналогиите од соседните земји.

Проучувањата на доцноантичката грнчарија која потекнува од античките градови на територијата на Република Македонија во науката се смета за солидно изведена. Потпирајќи се на неа изведени се бројни проучувања на грнчарски садови од одделни наоѓалишта, а тоа е применето и во ова проучување. За поточно утврдување на хронолошката детерминација и за изнаоѓање на распространетоста на типовите грнчарии и влијанијата кои тие ги доживувале, користени се податоците врзани за аналогиите на грнчариите од соседните региони.

Импортот кој доаѓал во античките градови го чинат садови од типот Африканска црвенопечена грнчарија и Доцноримска Ц / Фокеанска грнчарија. Формите на садови од овие грнчарии се идентични на сите наши наоѓалишта. Според наодите во соседните српски, бугарски и грчки локалитети, каде се среќаваат истите форми на овие грнчарии, транспортот за нив се одвивал по утврдени трговски маршрути низ Балканот. Како најблиско пристаниште и голем центар, Солун се вбројува во главните дестинации за пренос на овие производи од големите грнчарски центри на северноафриканскиот и малоазискиот брег. Во северниот дел на Егејот биле користени и други пристанинншни градови, како Амфиполис на р. Струма, оддалечен само 5 км од Еион, сместен во заливот на реката во морето; Абдера, самиот пристаниште, кој бил користен за дотур на роба неколку векови и многу важен за регионот; Тасос, главно пристаниште на истоимениот остров; Филипи, кој го користел Неаполис за размена на роба[148].

Познавањето на секој нивни производ, кој е и хронолошки определен, многу го олеснува датирањето на овие производи на нашите наоѓалишта. Во проучувањата на грнчаријата од разни локалитети на Балканот е изоставен овој тип увозна грнчарија, веројатно заради поголемата заинтересираност со останатите непроучени типови. Но, анализите од големите градови на брегот на источниот дел на Медитеранот, како Атина, Коринт, Саракена во Истанбул, Кносос, овозможуваат точна определба и на овој материјал. Во големите приобални центри овој тип го има и во цел 6-ти век, за разлика од населбите во провинциите, како и делови од територијата на Република Македонија. Ваквата состојба е оправдана со зголемувањето на популацијата во тие градови, заради историските случувања кои ги принудувале луѓето да ги напуштаат домовите и од провинциите да се населуваат во посигурните големи гардови.

Амфорите се уште еден тип грнчарија кој доаѓал од далечни дестинации. Повеќе типови амфори наоѓаме во поголемите градски центри, а поретко во помалите населби. Овие амбалажни садови се користени за пренос на разна течна, сушена или зрнеста храна. Амфорите од македонските наоѓалишта ја покажуваат трговската врска со две дестинации. Тие доаѓаат од понтските и од источномедитеранските центри. На Балканот се користени повеќе трговски патишта за пренос на робата. Населбите на лимесот преку Морава и Вардар се поврзувале со Егејот. Патот Наисус, Сердика, Хадрианопол, бил од голема помош за одвивање на трговските врски. Низ главните градски центри на наше

[148] V.Malamidou, 2005, 76.

тло, сместени во повардариетo, поминувал патот што водел од Солун кон север. Од овие градови грнчарските производи биле дистрибуирани кон останатите населби.

На македонските наоѓалишта регистрираме повеќе типови амфори, определени како понтски и источномедитерански. Понтските амфори, зависно од типот, се јавуваат во 4-от век, најраширени и најчести се во 5-от и 6-от век, а крајот на нивното производство е во почетокот на 7-от век. Повеќето од овие амфори почнале со производство многу порано, во 2-ри-3-ти век и во 4-ти се најраспространети. Ги има во целото Црноморие, преку балканските провинции сè до Египет, особено се присутни во долното подунавие, а некогаш и до Јадранот и северноафиканскиот брег.

Источномедитеранските амфори се во поголем број застапени на македонските наоѓалишта. Особено многу честа на Балканот е амфората со чешлест орнамент, тип Картагина доцноримска 4 / Бјелајац 15 / Кузманов 6. Тие се познати од областа Газа во 5-от и 6-от век, а се среќаваат на локалитети на Дунав, во Горна Мезија, цел источен Медитеран, северна Африка, на север сè до Црно море. Спатеите од Скупи и Стоби припаѓаат на источномедитеранските тиови од северна Африка и Самос, од крајот на 5-от до крајот на 6-от век.

Глеѓосаната грнчарија ја има на неколку локалитети во Република Македонија. Тоа се Скупи, со најголем број садови, Стоби и со одделни наоди Маркови кули на Водно и Дрезга кај с. Лопате, кумановско. Очигледна е поврзаноста на северните региони со главниот трговски пат север - југ низ Македонија. Проучувањата на глеѓосаната грнчарија во тие региони, Мезија Прима, Дакиа Рипенсис, Дакиа медитеранска и Дарданија, покажуваат дека нивното производство започнува во втората половина на 3-от и крајот на 3-от век / почеток на 4-от век, најмногу садови потекнуваат од крајот на 4-от - прва половина на 5-от век, а ги има исто така и во 6-от век. Од регионот на Панонија се извезуваат кон југ и кон запад, така да се среќаваат и во Птуј и во Карнунтум, кај Виена. Доцноантичката глеѓосана грнчарија од периодот од крајот на 4-от и првата половина на 5-от век се означува како време на втора важна фаза на оваа продукција, после раноримската. Во Дарданија се регистрирани седумнаесет наоѓалишта со оваа грнчарија, концентрирани околу Нови Пазар, каде се сместени многу фортификации од 4-ти / 6-ти век. Во Дакиа медитеранска наоѓалиштата со глеѓосана грнчарија се распрскани низ целата територија. Најголема коцентрација на наоѓалишта, околу четриесетина, во 4-от век има во Мезија Прима и Дакиа Рипенсис, околу Дунав. Во 6-от век останува коцентрацијата во Дарданија, околу Нови Пазар, а во останатите посочени региони речиси ја снемува.

Од соседните региони, особено бугарските наоѓалишта се изделуваат со проученоста на доцноантичката грнчарија. Особено тука спаѓаат наоѓалиштата што припаѓаат на дунавските провинции од доцната антика. Големо внимание е посветено на проучувањето на локалната грнчарија, со премаз или без него. Исто така и од српските наоѓалишта локалната продукција е обработена во доста голем обем. Кога на нив ќе ги додадеме одделните проучувања од албанските наоѓалишта, добиваме целосна слика за застапеноста на локалната грнчарија во соседните области. Садовите кај нас од локалното производство се разделени во голем број типови и варијанти. Споредбите со аналогии од соседните области покажуваат дека сите форми на грниња и длабоки чинии се среќаваат и таму. Нема изненадувања во тој поглед, иако застапеноста е различна од регион до регион.

Грнињата од тип 1 кај грнчаријата без премаз, со топчесто или биконично тело и раб како инка, е најраширената форма. Нивното многу големо производство се следи преку повеќето варијанти. Многу се чести во наоѓалиштата во северниот дел на Бугарија, познати како долномезиска форма, некои варијанти се типични за двете Дакии, некои се среќаваат на српските и албанските наоѓалишта, така да може да се каже дека се среќаваат на територијата на цел Балкан. На овој тип грнциња припагаат 2/3 од вкупниот број обработени од македонската територија. Овој тип се произведувал во 5 и 6 век.

Грнињата од тип 2, со триаголна профилација на работ, се чести на бугарските наоѓалишта од дунавските провинции и од средишниот дел на Албанија. За сите типови грниња заедничка е констатацијата дека се распространети низ целиот Балкан. Тоа го потврдуваат бугарските, српските, албанските наоѓалишта, додека за грчките сознанијата за овој тип грнчарија изостануваат.

Типовите грниња кои се среќаваат на наоѓалиштата во овој дел на Балканот во многу голем број се среќаваат и на доцноантичките наоѓалишта во поодалечените региони. На словенечки локалитети од истиот период како кај нас, а споредени со соседни локации во Австрија, се констатирани грниња со иста форма и начин на изработка[149]. Во новите историски прилики, условени од несигурноста со упадите на варварските племиња од источните предели, животот станува поедноставен и исполнет со напори за преживување. Од таму е големата продукција и распространетост на едноставната грнчарија без премаз. Грнињата добиваат брановидни орнаменти при крајот на доцната антика. Ваква е констатацијата и на проучувачите од крајните северозападни краеви на Балканот.

Од сите посочени анализи може да се заклучи дека грнчаријата од периодот на доцната антика има исти карактериситики во овој дел на Балканот. За увезената грнчарија може да се следат правците на распространетост. Локалната продукција на садови е со особености на локалните работилници, но и таа, генерално, се одликува со исти карактериситики насекаде во провинциите на префектура Илирик.

[149] S.Ciglenečki 2000, 140.

# VII. Заклучни согледувања

Грнчаријата е најприсутен движен наод на археолошки наоѓалишта. Во текот на менувањето на историските периоди и таа е подложена на технолошки и естетски промени, а анализите на грнчарскиот материјал придонесуваат за проучувањата на историските промени во општеството.

Промените кои се забележуваат во обликот на садовите, во техниката на изработка, како и во декорирањето, во нивната големина и бројна застапеност на различните видови садови, укажуваат на нивната разновидна примена во неколкуте векови од доцноантичкиот период.

Периодот на доцната антика опфаќа време од неколку векови кога Римската империја го доживува своето постепено, но сигурно распаѓање, преминувајќи во раното средновековие кое бележи поинакви особености.

Доцната антика е време на пропаѓање на моќната Римска империја, период на многубројни неповолни случувања. Сепак, внесувајќи трансформации во многу области, општеството изнаоѓа услови да ги продолжи античките традиции. Потребни се неколку стотини години на овие простори да се создаде ново општество, кое ќе пружи поинакви вредности во севкупното живеење.

Римската држава неможе да го издржи притисокот од внатрешни поместувања, условени во голема мера од надворешните влијанија. Во овие векови, разни варварски племиња од исток навлегуваат во државата, напаѓаат цели територии, некои се населуваат и се инфилтрираат во државните органи, други преземаат буквално уништување на населените места. Ваквите прилики, дури и за Римската држава, веројатно најмоќната империја во историјата, биле непремостливи. Процесот на првично видоизменување, а потоа и на целосен распад на државниот апарат се следи низ периодот од крајот на 3-ти до крајот на 6-ти / почетокот на 7-ми век.

Распадот на стопанството и разнебитувањето на војската во Римската држава предизвикале целосен хаос кој траел во периодот на т.н. воена монархија и воена анархија, од 235-та до 284-та година. По Диоклетијановите напори за смирување на состојбата, при крајот на 3-ти и во 4-ти век, царството повторни ги зацврстува своите општествени и стопански начела, со што државата доживува просперитет. Во крајот на 3-ти и во почетокот на 4-ти век империјата се судрува со нападите на Готите, а особено од втората половина на 4-ти век, кога тие се присутни на голем дел од Балканот, Долна Мезија, Тракија, Македонија, Епир. Почетокот на 5-ти век е исполнет со релативно мирен период. Во доцниот 5-ти век Хуните, со своите разурнувачки походи, оставаат неизбришливи траги во провинциите на Балканот. Тие се синоним за див, варварски терор, со крајно оскудни потреби за преживување. Хуните се најголемата сила што провеала низ Балканот после готските навлегувања. Кон бранот на разорувања во 6-ти век се приклучуваат нови народи - Словени, Авари, Бугари, Кутригури. Навлегувањата на новите народи се одвивало преку чести и големи упади од многубројни напаѓачи, кои во 7-ми век тука ќе бидат веќе целосно населени. Сите народи, кои во неколкуте векови што го означуваат периодот на доцната антика навлегуваат краткотрајно на балканските простори или пак се населуваат, се носители на сите разурнувачки акции и се чинители на Големата преселба на народите.

Односите во општеството се пресликуваат во секојдневието на обичниот човек. Брановите на напади во одделни територии можат да се следат преку

мноштвото колективни нумизматички наоди. Тие се трезорирани во мигови на опасност, со надеж за продолжување на животот по враќањето од скривалиштата во своите домови. Особено оставите во текот на втората половина на 6-ти и почеток на 7-ми век се показатели на овие историски случувања.

Во 7-от век завршува населувањето на Балканот и почнува да се развива новото општество. Новонаселените народи, секој со свои етнички обележја, е под силно влијание на големата империја на Византија, па понатамошното производство, особено локалното, добиваат нови карактеристики. Грнчарското производство подолг период останува на веќе воспоставените особености од крајот на доцната антика, со постепени внесувања на нови видови кои ќе ја претставуваат средновековната грнчарија.

Постепеното осиромашување на населението е евидентно преку измените на населените места во однос на нивната големина, типот на градежните објекти и движните наоди од теренот. Грнчаријата е најприсутниот движен наод на сите локалитети. Таа е составен дел од секојдневието на секое семејство.

Проучувањето на доцноантичката грнчарија во Република Македонија претставува собир на сите типови грнчарии што се наоѓаат од тој период.

Преку изборот на типови грнчарии се следи социјалната и културната категорија на луѓето од одредени локалитети, кои сочинуваат одреден регион. Садовите најдени на локалитетите од овој период, со припадноста на одреден тип грнчарија, покажуваат во кој тип населено место се наоѓа одредена категорија грнчарија. Преку аналогиите за нив од соседните региони се покажува распространетоста во пошироки рамки, а можно е да се трасираат и трговски патишта на увозните типови грнчарии.

Доцноримската црвенопечена грнчарија се следи во текот на целиот римски период. Нејзиното седумвековно постоење, како и огромната продукција и распространетост даваат можност за поголеми научни расправи. Затоа, во текот на долгогодишните проучувања на оваа проблематика во текот на 19-от и 20-от век, црвенопечената грнчарија доживува различни определби. Двата типа црвенопечени грнчарии, определени од Хејс како Африканска црвенопечена и Доцноримска Ц грнчарија, се присутни на доцноантичките македонски наоѓалишта.

Африканската црвенопечена грнчарија е многу чест производ што се среќава низ римските провинции. Нејзиното појавување се поврзува со територијата на денешен Тунис, особено со локалитетите околу денешен Ел Марине, во периодот од 1-от до 7-от век н.е. Таа е водечка, фина грнчарија распространета во големиот простор на Медитеранот, особено во периодот на доцната антика.

Садовите од овој тип грнчарија се изработени од добро пречистена глина. Таа содржи парчиња фин кварц, бел и кафенкаст, а момирокот е видлив кај повеќето садови и никогаш не е присутен во преголеми количини. Се среќаваат и парчиња од бел варовник, па, како резултат од печењето, од поголемите грутки остануваат воздушни меури. Печењето е меко, во црвеникава боја. Премазот е сјаен, со портокалово-црвена боја и се разликува од високосјајните садови од раноримскиот тип Тера Сигилата. Таа е вообичаено со потемна нијанса од онаа на самата глина. Бојата се движи од портокалово-црвена до ќерамидесто-црвена.

Садовите од Африканската црвенопечена грнчарија најчесто се недекорирани, освен често присутните разновидни жлебови. Подоцнежните типови на дното добиваат втисната декорација во вид на медаљон. Можно е оваа

изведба да била под влијание на декорацијата на металните современи садови од тоа време. Најголемиот број садови од овој тип се без декорација, па жлебовите претставуваат единствен декоративен елемент. Ваквата изработка придонесува садовите да имаат мазен изглед и лесен сјај, а формите задоволуваат високи естетски критериуми и воедно се многу практични за употреба.

Следна категорија на доцноантичка грнчарија од луксузен карактер е Доцноримската Ц, односно Фокеанска грнчарија. Садовите од овој тип грнчарија се со кафено - виолетово - црвеникава боја на печење, подвргнати на силно печење, со прекршувања без пукнатини. Ретки се садовите од овој тип кои имаат портокалова или портокалово - црвена боја. Тие припаѓаат на пораните фази на производство. Печењето кај овие садови е изедначено. Премазот кај нив е во тенок слој. И покрај големата продукција и распространетост, овој тип грнчарија е произведуван во релативно мал број форми. Одредени форми се произведувале долго време. Главна декорација се печатените орнаменти.

За развојот на оваа грнчарија силно влијание одиграла Чандарли грнчаријата, која постои до 3-от век. На нејзино место во периодот на доцната антика се појавува Доцноримската Ц грнчарија. Таа ја заменува претходната во однос на луксузниот изглед, потекло на производство и трговски позиции. Како главен производен центар се смета Фокеа, во денешна Турција. Од таму се раширува низ целиот малоазиски брег и пошироко, во тогашниот источноримски свет.

Во Македонија, со местоположбата во средиштето на Балканот, секогаш биле рефлектирани влијанија од сите соседни региони. Во антиката територијата на денешна Македонија била мошне поврзана со Егејот преку Солун. Од таму допирале сите случувања од источниот дел на империјата. Трговскиот пат од Солун кон северните провинции водел вдолж реката Вардар, па таму се сместени најразвиените антички градови на територијата на Македонија. Скопската котлина со Скупи, јужно од таму Стоби, потоа градот на Исарот во Марвинци, се носители на културните, политичките и економските новини. Населението во овие градови, како и од античките градови сместени на патните правци кон запад и исток, содржат грнчарски материјал произведуван во големите центри ширум северноафриканскиот брег и источниот Медитеран.

Увезената грнчарија се садови од типот Африканска црвенопечена грнчарија и Доцноримска Ц грнчарија. Африканската црвенопечена грнчарија е застапена со повеќе типови садови, но најчести се чиниите од форма 61 од определбата на Хејс, потоа форми 68, 72, 73, 80. Овој тип грнчарија е датиран во 4-от и 5-от век, одделни типови чинии се следат до 6-от век, а ретки се оние најраните од крајот на 3-от век.

Доцноримската Ц грнчарија, односно Фокеанска, е вториот луксузен тип што бил увезуван на територијата на Македонија. Од нив најприсутни се чиниите од форма 3, според определбата на Хејс. Тоа се биконични чинии, типични за оваа грнчарија од 5-от век. Од периодот на 4-от и раниот 5-ти век се чиниите со форма 1 и 2. Исто така, доста чести чинии се со форма 10, од раниот 6-ти век. Контактите на доцноантичките населени места на територијата на Република Македонија се илустрирани преку импортот од Африканска црвенопечена грнчарија произведувана во центрите на северноафиканскиот брег и од Доцноримската Ц грнчарија од центрите во Мала Азија.

Присуството на садови од овие типови луксузни грнчарии во текот на 4-от и 5-от век, а дури и во почетокот на 6-от век, покажува дека провинцискиот живот на оваа територија сѐуште имал можност да ги следи модните текови на

грнчарската индустрија во империјата. За одржување на овие текови било потребно стабилно општество, кое со текот на времето ги доживува првите поместувања заради доаѓањето на разните варварски племиња и нивно населување. Очигледно, населението долго издржало во овие разурнувачки походи и често пати продолжувало со континуираниот живот во своите домови, сé до крајот на антика, во доцниот 6-ти / ран 7-ми век, кога средновековието, како историски период, веќе сериозно го започнал својот развој.

Македонската сива грнчарија се јавува како главен конкурент на увозната грнчарија. Таа се развива на македонска територија, така да, од географската припадност е произлезено името прифатено во науката. Таа се среќава во Грција, во пределот околу Солун, на римските некрополи на Тесалоника, во Тороне на полуостровот Халкидик, во Филипи, Тасос, Атина, Коринт, на повеќе бугарски наоѓалишта од континенталниот дел, Ќустендил, Перник, Сандански, но, не и на црноморскиот брег, потоа во јужниот дел на Србија и на речиси сите поголеми доцноантички наслеби во Македонија.

Садовите од овој тип грнчарија, со својата форма и техника на производство, даваат доволно аргументи таа да се вброи во доцноантичките грнчарии со луксузен карактер, коишто се произведувале во римскиот свет. Најчести форми се плитки и длабоки чинии, мали и големи стомни и садови со две и три рачки. Овие садови се изработени од добро пречистена глина. Сивата боја има различни нијанси на потемна и посветла, сиво - кафени нијанси, па, дури и црвеникаво - кафенкасти. Глината честопати содржи парченца сребрен момирок и поретко меурчиња од воздух. Многу важен елемент при изработката на овие садови е глазурата. Во повеќето случеави таа е нанесена во дебел слој, блескава е и ја има во повеќе варијанти на бои. Најчеста е глазурата со темносива боја, сиво-маслинеста, ретко темносива до црна боја, а кај садовите изработени од кафенкаста глина и глазурата е со такви нијанси. Заедничко кај сите садови е што глазурата е со седефен блесок, со што се доловувал убавиот изглед на современите, тешко набавливи, метални садови.

Овој тип луксузна грнчарија се среќава на речиси сите наоѓалишта од доцната антика во Република Македонија кои имаат карактер на градска средина. Садовите најдени на македонските наоѓалишта покажуваат многу голема разновидност на форми, облици и декоративни елементи. Овој тип грнчарија се јавува во раниот 4-ти век, најприсутна е во текот на доцниот 4-ти и 5-от, а во 6-от век почнува да се губи. Македонската сива грнчарија ја има во населбинските слоеви и како гробен прилог на некрополите од доцната антика.

Најзастапени се чиниите од форма 1 и 2. Кај нив интересна е богатата декорација, изведена на широко извлечените рабови. Честопати применетиот орнамент ја следи формата на ивицата на работ, па, со нанесување на додатни кружни форми се дополнува брановидниот облик на работ. Во други случаеви изведените орнамнети, во разни листести и квадратни форми или цик-цак линии, прават овие чинии да имаат навистина луксузен изглед.

Плитките чинии од форма 3, 4 и 5 се со ретко изведена декорација, која ја има само на дното од внатрешноста на садот, во вид на прстен. Подлабоките чинии припаѓаат на форма 6 и 7.

Стомните од македонската сива грнчарија се вистински ремек дела на ова занаетчиство. Секако, во голема мера влијание врз нив има извршено Африканската црвенопечена грначарија. Кај овие стомни, освен формата, сиво-маслинестата боја на глината и премазот прават тие да бидат единстевени за таа продукција. Стомните имаат вообичаено издолжената форма на телото, но ги

има и со топчеста форма, декорирани со врежани линии, со издолжен врат, украсен со разни прстенести задебелувања, кои го пренесуваат телото кон благо потенцираниот раб на устието и една или две елегантни рачки. Богатата декорација на оваа грнчарија е различна и посебно е карактеристична за оние од затворен тип. Затоа, Македонската сива грнчарија е препознатлива не само со техниката на производство и форми на садови. Сето тоа прави оваа грнчарија да се вброи меѓу луксузните доцноантички грнчарии распространети во многу региони на Балканот.

Проучувањата на Македонската сива грнчарија на територијата на Република Македонија покажуваат дека таа масовно се јавува во текот на втората половина на 4-от, се следи во целиот 5-ти и почеток на 6-ти век, кога почнува да ја снемува. Садови од оваа грнчарија наоѓаме во Скупи, Стоби, Хераклеја, Коњух, Кочани, Валандово, Дојран, Охрид, кумановски регион. Ја има на речиси сите доцноантички локалитети, во градските средини, особено на главните сообраќајни патишта. Стоби и Скупи, градските центри сместени на главниот патен правец север-југ, предничат со изобилство на вакви садови. Останатите наоѓалишта со Македонска сива грнчарија, иако не се секогаш градски средини, сепак се вили или други објекти кои биле сопственост на поимотно население. Садови од нив се среќаваат и како гробни прилози на некрополите од поголемите центри. Сето тоа укажува дека овој тип грнчарија бил многу омилен кај населението и веројатно бил достапен на семејства од повисоките социјални средини.

Сметаме дека оваа грнчарија се развила како резултат на присуството на Готите на Балканот, кои успеале да ја наметнат својата замисла за луксузна грнчарија. Таа воедно е многу блиска со готската грнчарија најдена во западна Европа, во Швајцарија, северна Италија и јужна Франција. Формите на садовите, декорацијата, техниката на изработка, со бојата на премазот прават оваа западноевропска сива грнчарија да ја поистоветиме со македонската сива грнчарија. Исто така, од големо значење за развојот на овој тип грнчарија е стремежот кон луксузни садови кои би ги замениле современите метални предмети, а би биле произведувани на истата територија, со што таа станува попристапна за поширок круг население.

Садовите од Македонската сива грнчарија редовно се среќаваат на локалитетите во слоеви каде се присутни садови од Африканска црвенопечена и Доцноримска Ц грнчарија. Веројатно транспортот на садови од Македонската сива бил истовремен со садовите од другите луксузни грнчарии. Односно, од Солун, главниот центар кадешто пристигнувала увозната грнчарија и од каде се раширувала низ централниот дел на Балканот, со тоа и на македонска територија, примероци од Македонската сива патувале кон предвидените дестинации.

Амфорите се посебен вид садови, со особеност на формата и намената, што наложува тие честопати да бидат третирани како посебна целина. Потеклото на оваа категорија садови и патот на транспорт не се поистоветуваат секогаш со оние на останатите категории грнчарии присутни на локалитетите. Тие се можеби најдобриот материјал, вклучен во проучувањата на севкупниот грнчарски материјал, кој го покажува односот на трговските патишта и влијанијата на големите градски центри во империјата и населбите во провинциите.

Овој вид садови служеле за транспорт и складирање на разни добра, како масло, вино, преработки од риба. Со проучувањата за распространетоста на

одделни типови амфори можно е да се проследи дел од развојот на економијата во тоа време. Специфичната форма на овие садови овозможувала тие да бидат пренесувани на големи дестинации. Големата оддалеченост се премостувала најмногу преку поморски пат. Во археологијата се познати многу остатоци од бродоломи каде бродови пренесувале големи товари со амфори. Во македонските наоѓалишта присутни се повеќе типови амфори од источномедитеранскиот и црноморскиот производен круг. Преносот на овие амфори се одвивал преку водите на Егејското море, крајниот Источен Медитеран и Црното море. Сувоземниот транспорт бил подолг и поскап, но бил посигурен и поудобен, заради бројните попатни станици. Патиштата низ овој дел на Балканот воделе вдолж реките Вардар, Морава, Струма, Марица, поврзувајќи разни делови од Балканот со Јадранот, Црно море и Егејот.

Амфорите најдени на македонските наоѓалишта ја покажуваат поврзаноста со црноморскиот и егејскиот производен круг. Овој тип амбалажни садови се одличен показател на трговските патишта низ целата антика. Оние што се произведувани во центрите на западниот брег на Црно море се среќаваат на многу наоѓалишта во провинциите околу Дунав, горномезиските, дарданските наоѓалишта, сé до Јадранот, а на југ до Егејот. Источномедитеранските типови амфори патувале со бродови преку малозискиот брег кон Балканот и преку Солун, од каде по сувоземен пат продолжувале кон север. На нашите наоѓалишта амфори, произведени во големите центри за нивно производство, се најдени воглавно во населбите сместени на главниот патен правец север-југ и тоа во Скупи, во кумановскиот регион, Стоби, Исар Марвинци, како и во Хераклеја. Овие садови ги има во текот на целиот доцноантички период кој е период на нивно производство, периодот на нивна употреба кај нас, како и во останатиот дел од Балканот. Големата потреба и нивна практичност прават амфорите да бидат произведувани и во локалните производни центри, а нивната примена е поголема од онаа на увозната роба. Амфорите, всушност стомни со две рачки и со поголеми димензии, се призведувале во рамки на разни типови грнчарии во доцната антика.

Глеѓосаната грнчарија има долг период на производство. Во римскиот период се јавува во периодот од 1-от век п.н.е. до 1-от век н.е. во регионот на Источен Медитеран, на западниот брег на Блискиот исток, каде во однос на формите и декорацијата била под големо хеленистичко влијание. Потоа почнале да се развиваат работилници во северна и централна Италија, во Галија во 2-от век, кога започнуваат со производство во регионот на среден Дунав и провинциите Панонија, Дакија, Горна Мезија, Тракија, до почеток на 3-от век. Во доцноримскиот период, 4-ти и 5-ти век, производството на глеѓосана грнчарија е карактеристична за дунавските провинции. За разлика од раноримската глеѓосана грнчарија, доцноримската е поефтина, не е правена во специјализирани работилници и биле користени секакви форми на садови. Она што ја прави оваа техника на производство применлива е што слојот оловна глазура се нанесува директно врз глинен сад и тој не мора да се пече на висока температура, за да добие висок сјај и разнобојност.

Проучувањата на овој тип садови покажува исти карактеристики со глеѓосаната грнчарија во регионот на дунавските провинции Мезија Прима, Дакиа Рипенсис, Дакиа Медитеранска. Потврдени се работилници во голем број во текот на 4-от и 5-от век, а помалку во текот на 6-от век. Глеѓосаните садови најдени во македонските наоѓалишта се исти со садовите од тие региони, па сметаме дека овој тип грнчарија е еден од грнчарските производи кој е дојден од

северните делови на Балканот. Садовите од оваа грнчарија се воглавно трпезни, но има и кујнски садови, како садовите за триење на храната.

Садови од типот глеѓосана грнчарија се присутни во локалитетите од северниот дел на Македонија и вдолж патот север - југ низ неа. Заедно со анализите за потеклото на овој тип грнчарија во подалечните североисточни балкански предели, во подунавските и панонските наоѓалишта и распространетоста на територијата од Мезија Прима и Дарданија, покажува зошто овој тип изостанува во јужните региони. На приобалните наоѓалишта во северниот дел на Егејско море, во Амфиполис и во Тасос, најдени се само три примероци од глеѓосана грнчарија.

Во доцната антика овој тип грнчарија станува поприфатлив за поголем број население, со начинот на производство, прифатен во многу производни центри во посочените региони. Распространетоста на овие садови во дел од македонските локалитети ја покажува поврзаноста на овие наши региони со провинциите околу долниот Дунав и Панонија. Како резултат на оваа поврзаност на наша територија доаѓаат и дел од црноморските амфори како и мноштвото форми на едноставни грнчарски садови изработени со или без премаз.

Поврзаноста со северните и источните региони во однос на територијата на Р. Македонија, се следи и преку распространетоста на локалната продукција на садови. Формите на овој тип садови, техниката на производство и декорацијата се генерално еднакви на сите доцноантички локалитети на Балканот. За жал, на територијта на Република Македонија сеуште не се констатирани печки за производство на грнчарски садови од овој период, освен наговестената на локалитетот Виничко кале. Големата проученост на оваа проблематика кај бугарските наоѓалишта нé упатува на голем број работилници на територијата на Подунавјето. Во оваа област едноставната грнчарија, со и без премаз, се јавува од почетокот на 4-от, ги покрива 5-от и 6-от век, а продолжува и во 7-от век, за да опстане како единствен грнчарски тип, сé до појавата на средновековната луксузна грнчарија во следните векови.

Рашireноста на овие садови во регионот е огромна, така да, ги има во доцноантичките слоеви на територијата од југот на Пелопонез, до Панонија, до крајните северозападни делови на Балканот и до црноморието на исток. Дел од локалната продукција има тенденција да ја следи и пресликува увозната грнчарија која е репер на сите локални продукции во тогашниот свет. Стомните се често пати правени по углед на формите од северoафриканските центри. Длабоките чинии, особено оние со премаз, ја следат истата продукција и онаа од малоазиските центри.

Погрубите садови имаа свои форми, кои наликуваат на едноличност. Садовите од овој тип грнчарија, најдени на македонските наоѓалишта, се разделени во десет типови, со свои подваријанти, опфаќајќи ги сите пронајдени форми. Локалнта грнчарија е најбројна и најраспространета на сите наоѓалишта. Со изведените проучувања забележуваме огромен број видови садови кај нив, што укажува дека тие биле масовно произведувани за потребите во секојдневниот живот.

Грнчаријата со премаз содржи неколку форми на садови. Тоа се воглавно чинии и стомни. Повеќето од овие садови се изработени од пречистена глина, видливи се додатоци на кврац, момирок, а премазот е нанесуван со различна дебелина и сјајност. Чиниите од оваа категорија садови некогаш вршеле замена за чиниите од луксузните типови грнчарии, а воглавно се најдени во поголемите градски центри Скупи и Стоби. Стомните се чести на македонските локалитети.

Оние стомни, кои ја следат формата на ранoримските, се присутни до крајот на 4-от и 5-от век. Другите, кои имаат нови форми, се поприсутни во текот на подоцнежниот период, цел 6-ти и почеток на 7-ми век. Грнињата со премаз се во значително помал број во однос на оние без премаз. Кај нив премазот значи подобра изработка, поголема издржливост и поубав изглед.

Како посебна категорија може да се претстават садовите со мазнета површина. Обично се користени попрефинети форми на садови, за да, со мазнење на површината добијат поубав изглед и без користење на премаз. Оваа категорија садови ретко се одделува на доцноантичките локалитети заради нејзина несогледливост како посебна категорија и поистоветување со едноставната грнчарија без премаз. Во археолошката наука во Бугарија оваа категорија грнчарија го зазема вистинското место, а во зародиш е нејзината поставеност и во српската археологија. Сметаме дека со презентирањето на примероци од мазнетата грнчарија од македонските наоѓалишта ќе го поттикнеме нејзиниот понатамошен развој во македонската археологија.

Едноставната грнчарија без премаз е најбројната грнчарија во рамки на доцноантичката. Таа е изработена од глина која во поголеми количества содржи момирок и кварц. Разликата во однос на локалната грнчарија со премаз, воглавно, е во недоволната измесеност на глината и нејзина прочистеност. Таа кај оваа категорија во повеќето случаеви добива сиво-црна или кафена и црвеникава боја. Големата содржина на додатоци во оваа глина прават садовите некогаш да имаат површина со силно зрнеста структира. Во периодот на доцната антика овие садови се многу често украсувани со врежани брановидни линии, цик-цак или хоризонтални, поставени обично на горниот дел на телото на садот. Ова е особено карактеристично за грнињата и питосите. Садовите од грнчаријата без премаз ја сочинуваат домашната грнчарија на Балканот во неколкуте векови, кои го претставуваат преминот од доцната антика кон средновековието. Големата застапеност и разновидност во формите на овие садови од сите доцноантички македонски наоѓалишта овозможуваат да се изделат повеќе типови од неа.

Покрај чиниите, стомните, питосите и капаците, грнињата од грнчаријата без премаз претставуваат најброен материјал во оваа категорија. Тие се основен вид садови кои се користеле во сите населени места. Нивната едноставност само навидум ги прави многу слични, но мноштвото различности на формите ги даваат големиот број типови и подтипови. Одделни форми од нив се произведувале и многу подолго од овој период.

Проучувањата на сите овие категории грнчарии и видови садови, покрај наведените анализи за секој од нив, овозможуваат да се пријде и кон едно поинакво прашање, поврзано со животот во доцната антика. Тоа е кулинарството, кое со текот на историјата, основната потреба на човекот за опстанок ја претворил во посебен свет на умешност, кој денес има дури ранг на уметност. Во овој однос секој регион има своја карактеристичност преку раширеноста на растенија кои виреат таму, одгледување на домашни животни, користење на диви животни и птици, на традиција на нивна употреба, како и на внесување на нови видови храна во исхраната, носени од подалечни дестинации, со што се развил посебен начин на приготвување на храната. Во периодот на доцната антика разновидноста на растенијата што се одгледувале на овие простори е многу мала и житарките биле основниот вид храна. Во секој локалитет можат да се најдат садови за триење на храната, во кои таа се гмечела, ситнела, триела. Особено биле омилени разни видови сосови од риба и месо,

преработки од нив се чувале саламурени во големи садови, вкопани во земја, заради одржување на температурата на содржината. Низ целиот Медитеран се познати разни винарски региони од кои доспевало квалитетно вино и во нашите населби, покрај вино од домашно производство. Маслиновото масло било една од најпобаруваните добра и омилен производ во кујната. Сите форми и големини на различните видови садови говорат за нивната намена. Но, ова се само скромни размислувања на оваа тема, која во иднина треба да добие свое место во проучувањето на животот во периодот на доцната антика.

*

Проучувањето на доцноантичката грнчарија на територијата на Република Македонија е изведено на материјал добиен од арахеолошки истражувања на, поголеми и помали по големина, населени места и некрополи. Поголемите градови, како што се Скупи, Стоби и Хераклеја, се систематски истражувани. Кај нив културните слоеви се точно определени, преку проучувања на архитектонски целини, слоеви во затворените целини, со помош на нумизматичкиот и останатиот движен археолошки материјал. Изделувањето на грнчарскиот материјал од констатираните и датирани слоеви, со разврстување во типолошки рамки, го даде резултатот за воспоставување на временски рамки на одделни типови садови. Проучувањата, пак, на гробните наоди секогаш се следи како доста точно определување, заради повеќето фактори кои влијаат на тоа. Начинот на погребување, видот на материјалот, најден како гробен прилог, сместен во веќе утврдените типологии за него, овозможуваат со голема точност да се изведат определбите за движниот материал, а со тоа и на самото погребување.

Земајќи ги во предвид сите видови анализи грнчарскиот материјал проучен во оваа студија во голема мера доби типолошки и хронолошки определби.

Материјалот од сите локалитети застапени во ова проучување покажува дека низ целата територија на Република Македонија егзистирале многу форми на кујнска грнчарија, кои го сочинуваат типот едноставна грнчарија без премаз. За секое населено место, од каков и да е карактер и каде и да е сместена, оваа грнчарија претставува основен тип, користен во секојдневието. Чиниите, стомните, капаците, грнињата, чашите, се произведувале во многу форми, украсени со едноставни орнаменти, кои сепак чинат обмислени декорации. Грнчаријата со премаз ја има во голем број населени места, а се јавува и како гробен прилог. Садовите за триење се дел од садовите наменети за секојдневна употреба и се среќаваат во сите наоѓалишта. Глеѓосаната грнчарија била составен дел од куќниот прибор во населбите сместени во северните региони од територијата на Република Македонија. Во доцната антика оваа грнчарија веќе е приближена до голем број домаќинства, масовно е произведувана во реоните околу Дунав и Панонија, па, од таму нејзината употреба во северниот дел од Македонија. Амфорите, како едни од показателите на трговските врски со соседните региони, се воглавно застапени во населбите на главниот пат север-југ. Тоа укажува на постојан правец на транспортот низ оваа територија, од каде преку поголемите градови се носела робата во населбите во западните и источните региони. Садовите од Македонската сива грнчарија во огромен број се застапени во поголемите градови и во поимотните имоти надвор од нив. Се јавуваат и како гробни прилози во нивните некрополи. Присутноста на оваа грнчарија во толкава мера на македонските наоѓалишта го оправдува именувањето на овој тип грнчарија, светски призната во науката како една од

луксузните типови грнчарии во што се развиле во текот на доцната антика. Населувањето на Готите и нивно навлегување во целото општество е причина за поврзувањето на Македонската сива со сивата тера сигилата што се произведувала во истиот период, од 4-ти до 6-ти век, во пределите на јужна Франција и Швајцарија. Луксузните типови грнчарии, Африканска црвенопечена и Доцноримска Ц, во доволен број се присутни на македонските наоѓалишта, за да ја доловат и потврдат претставата за постоењето на население, чија класа застапувала аристократски тенденции.

Според изнесените сознанија, доцноантичките населби на територијата на Република Македонија во голема мера ги следат тековите на живеењето во источниот дел на империјата. Македонија, како составен дел на неколкуте провинции од крајот на антиката, со местоположбата и развојот на патната мрежа низ нејзина територија успеала да не заостане зад животот којшто го диктирале центрите во империјата. Приклучувајќи го кон ова ширењето на христијанството на наше тло, кое во овој период е евидентно преку изградбата на многу ранохристијански цркви, голем дел од територијата на денешна Македонија бил солидно место за живеење, секако условен од општестевените прилики.

Северниот дел на Република Македонија во доцната антика има големи контакти со наоѓалиштата во Србија, Косово и Бугарија, во однос на дел од амбалажните садови, глеѓосаната грнчарија и локалната продукција на едноставни садови со и без премаз. Наодите од населбите во западниот дел на Македонија се совпаѓаат во голема мера со оние најдени во албанските наоѓалишта. Преку населбите во јужниот дел на државата се пренесувале производите кои доаѓале од големите приобални центри на источниот Медитеран, луксузните типови грнчарии и амфорите. Проучувањата на доцноантичката грнчарија во Грција, а воедно и на локалитети од овој период, сеуште е во скромен обем за сметка на проучувањата на претходните епохи. Реткиот публикуван материјал од овој период укажува на голема истородност, што се однесува воглавно на северниот дел од Грција.

Компарирајќи го доцноантичкиот грнчарски материјал од Македонија со оној од соседните региони, утврдени се правците преку кои се одвивала трговијата на одделни типови грнчарии, производствени центри и региони за дел од нив и распространетост на сите застапени типови грнчарии. За увезената грнчарија може да се следат правците на распространетост. Локалната продукција на садови е со особености на локалните работилници, но и таа генерално се одликува со исти карактеристики, насекаде во провинциите на префектурата Илирик.

Наведените анализи покажуваат дека грнчаријата од периодот на доцната антика, глобално, има исти карактеристики во овој дел на Балканот.

Во текот на втората половина на 6-от век населбите во Република Македонија во голема мера ги губат своите позиции. Градовите, од кои некои постоеле и во хеленистичкиот период, а во римскиот доживеале нов процут и биле носители на сите општествени случувања во провинциите со што и во империјата, сега се пропаднати и на нивно место се формирани помали населби. Тоа се речиси рурални живеалишта изградени врз остатоци од објекти од доцната антика или раноримскиот период. Овие населби траеле релативно кратко, во однос на периодот од почетокот на доцната антика. Во нив се изградени објекти за живеење од трошен материјал и објекти наменети за изработка на занаетчиски производи, потребни за задоволување на основните потреби за некое

опстојување, кое е привид на стариот римски начин на живот. Помалите населби од доцната антика се со различна судбина, некои сосема пропаѓаат, на сметка на малите утврдени населби сместени на возвишенија. Овие фотификации служеле за збег на околното селско население во новите немирни времиња.

Ваквиот начин на живот на Балканот останува подолго, за потоа да надојдат промените за стекнување на нови навики во новото општествено уредување во средниот век.

Проучувањето на доцноантичката грнчарија во Република Македонија е изведено на материјал од седумнаесет региони, со кои речиси се покрива целата нејзина територија. Неколку локалитети се застапени со многу поголем број предмети во однос на останатите, заради поголемата истраженост, важност на тие локалитети и содржината на материјалот - застапеност на различни типови грнчарии, кои се носители на доцноантичката грнчарија во овој период. Некои локалитети се недоволно истражени, па, на што се должи помалиот обем на движен материал за овие проучувања. На некои предмети е изведена само типолошка определба и заедно со споредувањата од соседните региони за нив се донесени заклучоци и во однос на хронологијата.

Во доцната антика не постои регионална културна поделеност. Проучувањата на повеќето региони на Балканот покажуваат единство, кое е силно изразено во материјалното производство. Поделбата на административни целини не направила поголеми разграничувања и поделби.

Проучувањето на доцноантичката грнчарија на тлото на Република Македонија со изведените типолошки и хронолошки определби има за цел да даде придонес во постигнување на поцелосна претстава за периодот на доцната антика во Република Македонија, како и да претставува уште еден темел на патот во потврдата на културниот идентитет на овие простори.

# VIII. Каталог на проверени грнчарски наоди од доцната антика во Република Македонија (доцен 3 - 6 век)

Во каталогот на проверени предмети обработени во трудот се наведени вообичаени елементи, прифатени во светската литература:

- ***Каталошкиот број*** е подреден последователно за сите застапени грнчарски наоди вп трудот. Тие се сложени по категории на грнчарии, како во текстот.

- ***Илустрацијата*** на грнчарскиот сад е одбележана со болдирани букви, со кои се означени бројот на таблата и бројот на цртежот или фотографијата на предметот. За секоја одредената категорија на грнчаријата, на таблите бројот на предмето започнува од реден број 1.

- ***Локалитетите*** се наведени со болдирани букви, во скратена форма, без навлегување во карактерот на истите.

- ***Дескрипцијата*** на предметите (форма, димензии, глина, печење) е изведена во скратени форми, од литературата од каде се преземени или се предмет на нови проучувања, за кои се наведени иницијали со кирилични букви. Применети се формите на предметите од признати авторитети.

- ***Датирањето*** е изведено некаде според истражувачот, некаде според типологијата, некаде според авторот на овој труд, кое ги опфаќа сите потребни особености за конечна определба на предметот.

- ***Извор на предметот***. Во заграда е поместен изворот на предметот - наведено е цитирано дело, од каде е преземен цртежот или е истражено од авторот на овој труд, кој е автор и на цртежот.

# Чинии

## Африканска црвенопечена грчарија

к.бр.1. **Т.1/сл.1. Стоби**. Источна базилика, источен дел, датирана во 5 век. Пречник на работ: 14 см, височина: 20 см. Мала чинија, со раб извлечен надолу, тело со испакнато ниво од внатрешната страна, дно благо прстенесто. Хејс ги датира околу 200 - 250 година или подоцна. Хејс *форма 33.* (В.А.С., 1992, сл. 348)

к.бр.2. **Т.1/сл.2. Горни Сарај**, **Охрид**. Инв. К-6531. Сектор Ф/2, кв.4; Г/2, кв: 13; откоп 25, просторија 3. Чинијата има прстенесто дно, заоблен ѕид, а раб засечен косо навнатре и надолу. Глината е темно цигла боја печена, а глазурата е кафено-цигла боја. Пречник на раб: 18 см, височина: 3 см. Формата е датирана во прва половина на 3 век. *Хејс форма 39.* (М.О.Т.)

к.бр.3. **Т.1/сл.3. Стоби**. Акропола, доцноримска куќа или работилница, датирана во доцен 6 век. Пречник на работ: 33 см, височина: 25 см. Работ е задебелен, извлечен кон надвор, тело рамно, со благо потенцирана нога. Хејс ги датира во 220 - 320 година. Во слојот во Стоби, кое е место на наодот, најдена е монета од Јустин II од 569/570 година. Хејс *форма 48.* (В.А.С., 1992, сл.352)

к.бр.4. **Т.1/сл.4. Стоби**. Улица со камени тротоари. Датирана: 3/4 на 3 век и низ 4 век. Длабока чинија. Пречник на раб: 10 см, с.височина: 13 см. Работ е широк, извлечен кон надвор, а телото конусно. Хејс ги датира во: 220 - 240 година до доцен 3 век. Хејс *форма 44.* (В.А.С., 1992, сл.349)

к.бр.5. **Т.1/сл.5. Стоби**. Улица. Чинија. Пречник на раб: 18,9 см, с.височина: 16 см. Работ на чинијата е широко извлечен кон надвор. Датирана во 4 век. Хејс ги датира во 4/3 на 3 век - 1/4 на 4 век. Хејс *форма 46.* (В.А.С., 1992, сл. 351)

к.бр.6. **Т.1/сл.6. Стоби**. Театар, источен парадос, датирано: доцен 4 - ран 5 век. Длабока чинија. Пречник: 15-17 см, с.височина: 3,5 см. Раб благо закосен кон внатре, тело конично, заоблено кон рамното дно. Од внатрешната страна се изведени неколку хоризонтални канелури. Хејс ги датира околу 350 - 430 година. Хејс *форма 53.* (В.А.С., 1992, сл. 355)

к.бр.7. **Т.1/сл.7. Стоби**. Театар, источен парадос, после 378 година. Чинија. Пречник: 25 см, с.височина: 3 см. Раб рамен од горната страна и извлечен надолу, кон надвор. Тело конично и заоблено кон рамното дно. Во контекст датиран е во доцен 4-ран 5 век. Хејс: 320 - 380/400 година. Хејс *форма 59А.* (В.А.С., 1992, сл. 356)

к.бр.8. **Т.1/сл.8. Стоби.** Источна базилика, кораб, средина на 5 век. Чинија. Пречник на раб: 21,8 см, с.височина: 3,5 см. Голема чинија со рамно дно и висок прав ѕид. Вакви примероци најдени се на неколку места, сите се датирани во 4 век. Хејс: 230 - 325 година. Хејс *форма 50А.* (В.А.С.,1992, сл. 353)

к.бр.9. **Т.1/сл.9. Стоби**. Внатрешен западен ѕид, средина до доцен 4 век. Чинија. Пречник на раб: 25,8 см, с.височина: 4 см. Ѕидови закосени, работ од

горната страна благо засечен надолу. Според повеќето останати примероци од типот Б. Хејс: 350 - 400 година или подоцна. Хејс *форма 50Б.* (В.А.С., 1992, сл. 354)

к.бр.10. **Т.2/сл.10. Стоби**. Централна базилика, слој после синагогата/пред базиликата, доцен 4 век. Чинија со фалта. Пречник на раб: 34 см, с.височина: 4,2 см. Раб со триаголен пресек, дно рамно. Повеќе примероци припаѓаат на периодот: средина на 4-средина/трета четвртина на 5 век. Хејс: 325 - 400/420 година. Хејс *форма 61 А.* (В.А.С., 1992, сл. 357)

к.бр.11. **Т.2/сл.11. Стоби**. Епископска базилика, 3/4 на 5 век. Чинија со фалта. Пречник на раб: 29,8 см, с.височина: 3,4 см. Раб лентест, со врежана бразда под него од внатрешната страна. Хејс *форма 61 Б.* (В.А.С., 1992, сл. 358)

к.бр.12. **Т.2/сл.12. Стоби**. Епископска базилика, кораб-прв под, 3/4 на 5 век. Датирана: 400 - 450 година. Чинија со фалта. Пречник на раб: 36 см, с.височина: 3,3 см. Хејс *форма 61 Б.* (В.А.С., 1992, сл. 359)

к.бр.13. **Т.2/сл.13. Хераклеја**. Градска територија. Имитација на африканска црвеноглазирана. Глината е компактна, црвена и тврдо печена, а премазот е портокалов, нанесен во дебел слој. Технолошката постапка е блиска на африканската црвена грнчарија. *Хејс форма 61.* (Е.М., 1979, сл. 175)

к.бр.14. **Т.2/сл.14. Хераклеја**. Градска територија. Формата на чинијата е речиси иста со претходната, со ист квалитет. *Хејс форма 61.* (Е.М., 1979, сл. 176)

к.бр.15. **Т.2/сл.15. Хераклеја**. Градска територија. Чинија со големи димензии, квалитет како претходната. *Хејс форма 61.* (Е.М., 1979, сл. 177)

к.бр.16. **Т.2/сл.16. Хераклеја**. Градска територија. Техничките особини се слични со претходниот сад. *Хејс форма 61.* (Е.М., 1979, сл. 178)

к.бр.17. **Т.2/сл.17**. **Хераклеја**. Градска територија. Глината е слоевита, меко печена, жолтеникаво-црвенкаста. Премазот е нееднаков, од вантрешнта страна е сјаен и густ, портокалов, а од надвор е кафенкаст и редок. Можеби е имитација на *Хејс форма 61.* (Е.М., 1979, сл. 179)

к.бр.18. **Т.3/сл.18. Хераклеја**. Градска територија. Глината е меко печена, со поголеми примеси на момирок, бледо портокалово печена, премазот е црвен, без сјај и редок. *Форма Хејс 61.* (Е.М., 1979, сл. 180)

к.бр.19. **Т.3/сл.19. Хераклеја**. Градска територија. Глината е меко печена, жолтеникаво-портокалова, премаз густ, црвен и сјаен. *Хејс форма 61.* (Е.М.,1979, сл. 181)

к.бр.20. **Т.3/сл.20. Хераклеја**. Градска територија. Голема чинија. Локален производ. *Хејс форма 61.* (Е.М., 1979, сл. 182)

к.бр.21. **Т.3/сл.21. Хераклеја**. Градска територија. Голема чинија. Локален производ. *Хејс форма 61.* (Е.М., 1979, сл. 183)

к.бр.22. **Т.3/сл.22**. **Хераклеја**. Градска територија. Локален производ. *Хејс, форма 61*. (Е.М., 1979, сл. 184)

к.бр.23. **Т.3/сл.23. Хераклеја**. Градска територија. Локален производ, понеквалитетен. *Хејс форма 61*. (Е.М., 1979, сл. 185)

к.бр.24. **Т.3/сл.24. Горни Сарај, Охрид**. Инв. К-4890. Сектор Х/6, кв: 5, откоп 19. Глазурата на чинијата е нанесена во тенок слој, портокалово-кафена. Имитација на *Хејс форма 61 А*. Пречник на раб: 20 см. Формата е датирана во 325 - 400/420 година. (М.О.Т.)

к.бр.25. **Т.3/сл.25. Скупи**, инв. 1058. Христијанска базилика, Со.8, от.2. Глина со ситни примеси на момирок, портокалово-бежово печена. Премаз темно портокалов до кафен, не е блескав, во поголем дел излупен. Пречник на раб: 24 см. *Хејс форма 61 Б.* (М.О.Т., 2004, сл. 5)

к.бр.26. **Т.3/сл.26. Скупи**, инв. 1595. Христијанска базилика, кв: 23/Х7, от.3. Глина пречистена, со ситни примеси на жолт момирок, сод доста воздушни меури, светло портокалово печена. Премаз портокалов, во дебел слој. Пречник на раб: 26 см. *Хејс 61 А.* (М.О.Т., 2004, сл. 6)

к.бр.27. **Т.3/сл.27. Скупи**, инв. 1755. Христијанска базилика, кв: 14/Х7, от. 10. Глина со многу момирок, црвеникаво печена, премаз портокалово-црвен, густ, во дебел слој. Пречник на раб: 26 см. *Хејс 61 Б.* (М.О.Т., 2004, сл.7)

к.бр.28. **Т.3/сл.28. Скупи**, инв. 1577. Христијанска базилика, кв: 23/Х7, површински слој. Глина со примеси на момирок, портокалово печена, премаз портокалов, густ, не е многу блескав. Пречник на раб: 24 см. *Хејс 61 Б.* (М.О.Т., 2004, сл.8)

к.бр.29. **Т.4/сл.29; Т.I/сл.1. Скупи**, инв. 1106. Христијанска базилика, кв: 4/Х7, от.1. Глина со ретки примеси на момирок, цигла боја печена, премаз цигла боја. пречник на раб: 24 см. *Хејс 61 Б.* (М.О.Т., 2004, сл.9)

к.бр.30. **Т.4/сл.30. Скупи**, инв. 1134. Христијанска базилика, кв: 93/Х8, от.1. Глина црвено печена, со парченца бел варовник и сребрен момирок, премаз темно портокалов, густ, блескав. Пречник на раб: 18 см. *Хејс 61 А.* (М.О.Т., 2004, сл.10)

к.бр.31. **Т.4/сл.31. Скупи**, инв. 1583. Христијанска базилика, кв: 23/Х7, от. 2. Глина портокалово печена, премаз портокалов, густ, не е многу блескав. Пречник на раб: 30 см. *Хејс 61 Б.* (М.О.Т., 2004, сл.11)

к.бр.32. **Т.4/сл.32. Скупи**, инв. 3228. Градба северно од бањата, кв: 3,4,13,14/Ф8, от.5. Глина со ретки примеси на момирок, црвено портокалово меко печење, премаз црвен, разретчен. Пречник на раб: 24 см. *Хејс 61 А.* (М.О.Т., 2004, сл.12)

к.бр.33. **Т.4/сл.33; Т.I/сл.2. Скупи**, инв. 3136. Градба северно од бањата, кв: 14, 15, 24, 25/Ф7, от. 4. На дното од чинијата има појава на нога. Глина со многу примеси на моимирок, портокалово, меко печена, премаз портокалов, со слаба блескавост. пречник на раб: 24 см. *Хејс 61.* (М.О.Т., 2004, сл.13)

к.бр.34. **Т.4/сл. 34. Горни Сарај, Охрид**. Инв. К-6474. Сектор Д/6, кв. 10. Чинија со рамно дно, со заоблен ѕид и зашилен раб. Глазурата е во тенок слој нанесена, портокалово-темно кафена. Пречник на раб: 26 см. *Хејс форма 62 А*. Формата е датирана во 350-425 година. (М.О.Т.)

к.бр.35. **Т.4/сл.35. Стоби**. Епископска базилика, кораб, средина на 5 век. Хејс *форма 64*, ран до среден 5 век. Чинија со заоблен раб нагоре. Пречник на раб: 32 см, с.височина: 4,2 см. (В.А.С., 1992, сл.361)

к.бр.36. **Т.4/сл.36. Стоби**. Театар, источен пародос, ран 5 век. Хејс, *форма 67*, доцен 4 - доцен 5 век. Чинија. Раб задебелен, тело прекршено и извлечено кон надвор. Пречник на раб: 32 см, с.височина: 3,4 см. (В.А.С., 1992, сл.363)

к.бр.37. **Т.4/сл.37. Стоби**. Театар, ран 5 век. Хејс *форма 67.* Чинија. Раб лентесто извлечен кон надвор. (В.А.С., 1992, сл.364)

к.бр.38. **Т.4/сл.38. Стоби**. Театар, источен пародос, доцен 4 - ран 5 век. Хејс *форма 67*. Чинија. Раб лентест, тело прекршено. Пречник на раб: 37 см, с.височина: 2,7 см. (В.А.С., 1992, сл.365)

к.бр.39. **Т.5/сл.39. Стоби**. Куќа на ГР, просторија 22, доцен 4 век. Хејс *форма 68*, 370-425 година. Длабока чинија. Раб лентест, тело прекршено. Пречник на раб: 34 см, с.височина: 5,5 см. (В.А.С., 1992, сл.366)

к.бр.40. **Т.5/сл.40. Стоби**. Куќа на ГР , просторија 29, 5 век. Хејс *форма 68*. Длабока чинија. Пречник: 30 см, с.височина: 3,2 см. (В.А.С., 1992, сл.367)

к.бр.41. **Т.5/сл.41. Стоби**. Епскопска базилика, кораб -конструкциона фаза 1, средина до 3/4 на 5 век. Хејс *форма 68*. Длабока чинија. Пречник на раб: 27,5 см, с.височина: 2,8 см. (В.А.С., 1992, сл.368)

к.бр.42. **Т.5/сл.42. Стоби**. Куќа на ГР , просторија 2, ран 5 век. Хејс, *форма 68*. Длабока чинија. Пречник на раб: 35,8 см, с.височина: 4,3 см. (В.А.С., 1992, сл.369)

Сите примероци од форма 68 се датираат од доцен 4-ти до трета четвртина на 5-ти век.

к.бр.43. **Т.5/сл.43. Стоби**. Куќа на ГР ,просторија 2, ран 5 век. Хејс *форма 82*, 430-50 г. Чинија. Раб лентест, од надворешната страна со 4 испакнати канелири, а од внатрешната страна се изведени орнаменти во вид на венец. Пречник на раб: 30,2 см, с.височина: 3 см. (В.А.С., 1992, сл.374)

к.бр.44. **Т.5/сл.44. Скупи**, инв. 2902. Градба северно од бањата, кв: 84,85,95/Ф8, от. 4. Задебелениот раб на чинијата е декориран од надворешната

страна со две нарецкани ленти. Глина со многу ситен момирок, портокалово печена, премаз мат портокалов, во тенок слој. Пречник: 25 см. Хејс *форма 84.* (М.О.Т., 2004, сл.14)

к.бр.45. **Т.5/сл.45.** **Стоби**. Епископска базилика, ран 6 век. Хејс *форма 87.* Хејс форма 87, вт.пол.5 век - ран 6 век. Чинија. Раб со триаголна профилација. Пречник на раб: 27 см, с.височина: 5,2 см. (В.А.С., 1992, сл.375)

к.бр.46. **Т.6/сл.46.** **Стоби**. Епископска базилика, кораб, 3/4 на 5 век. Хејс *форма 72*, ран 5 век. Длабока чинија. Раб со триаолен пресек. Пречник на раб: 16,6 см, с.височина: 2,3 см. (В.А.С., 1992, сл.370)

к.бр.47. **Т.6/сл.47.** **Стоби**. Епископска базилика, кораб, 3/4 на 5 век. Хејс *форма 72.* Длабока чинја. Пречник на раб: 16,2 см, с.височина: 1,8 см. (В.А.С., 1992, сл.371)

к.бр.48. **Т.6/сл.48.** **Стоби**. Епископска базилика, 3/4 на 5 век. Хејс *форма 73*, 420 - 475 г. Длабока чинија. Мал сад со извлечен раб. Пречник на раб: 9,5 см, с.височина: 2,7 см. (В.А.С., 1992, сл.372)

к.бр.49. **Т.6/сл.49.** **Стоби**. Епископска базилика, средина до 3/4 на 5 век. Хејс *форма 73.* Длабока чинија. Горниот дел од телото е конично проширен кон надвор. Пречник на раб: 18 см, с.височина: 2,7 см. (В.А.С., 1992, сл.373)

к.бр.50. **Т.6/сл.50.** **Скупи**, инв. 1701. Христијанска базилика. Глина портокалово печена, со портокалов премаз, сјаен. Пречник на раб: 18 см. *Хејс 84.* (М.О.Т., 2004, сл.15)

к.бр.51. **Т.6/сл.51.** **Скупи**, инв. 3477. Градба северно од бањата, кв: 12, 13, 22/Ф7, от. 4. Глина цигла боја до сиво печена, премаз портокалов, не е многу блескав. Пречник на раб: 18 см. *Хејс 78.* (М.О.Т., 2004, сл.17)

к.бр.52. **Т.6/сл.52.** **Скупи**, инв. 4801. Градба северно од бањата, Просторија 5, от. 10. Глина со примеси на момирок, меко печење, портокалово, премаз портокалов, без блескавост. Чинијата е определена како африканска грнчарија според формата, а изработката е навраќање на тера сигилата Б2. пречник на раб: 14 см. *Хејс 78.* (М.О.Т., 2004, сл.18)

к.бр.53. **Т.6/сл.53.** **Скупи**, инв. 4638. Градба северно од бањата, кв: 86, 87/Ф8, от. 10. Глина портокалово печена, премаз портокалов, во тенок слој, без блескавост. Пречник на раб: 19 см. Имитација на *Хејс 70.* (М.О.Т., 2004, сл.19)

к.бр.54. **Т.6/сл.54.** **Скупи**, инв. 1745. Христијанска базилика, сонда 23. от. 4. Под работ се врежани две бразди. Глина портокалово печена, со ист премаз. Пречник: 20 см. Хејс *форма 80/А*, датирани во средина - доцен 5 век. (М.О.Т., 2004, сл.32)

к.бр.55. **Т.7/сл.55.** **Скупи**, инв. 1073. Христијанска базилика, сонда 8, от. 6. Глина црвено печена, премаз во дебел слој, сјаен, во истата боја. пречник: 20 см.

Хејс *форма 102*, 6 век. Работ е заролан, тенденција на подоцнежниот период. (М.О.Т., 2004, сл.39)

к.бр.56. **Т.7/сл.56. Стоби**. Нема место на наоѓање. *Хејс 104*, 530-600 г. Чинија. Работ е заролан, благо извлечена нога на днотот. Пречник на раб: 35,5 см, с.височина: 5,8 см. (В.А.С., 1992, сл.378)

к.бр.57. **Т.7/сл.57. Стоби**. Акропола, доцноримска куќа или работилница, датирана во доцен 6 век. Пречник на раб: 39,4 см, с.височина: 6,3 см. Работ на чинијата е заролан, тело развлечено, со висока, канелирана нога. Датирана е во 3/4 на 6 век. Хејс ги датира во 580 - 660 година. Хејс *форма 105.* (В.А.С., 1992, сл.380)

к.бр.58. **Т.7/сл.58. Големо Градиште, с. Коњух.** Доцноантички хоризонт. Пречник на работ околу 30 см. КС-06-082. Раб од чинија, која од надворешната страна под работ има врежани густо поставени кратки линии. Глина портокалва, со тенок слој на портокалов премаз. Хејс *форма 105.* (М.О.Т.)

к.бр.59. **Т.7/сл.59. Стоби**. Театар, 6 век. Хејс, *Форма 107/93*. Чинија. Работ е тесен и извлечен хоризонтално кон надвор, со благо извлечена нога на дното. Пречник на раб: 0,308 м, височина: 0,055 м. (В.А.С., 1992, сл.381)

к.бр.60. **Т.7/сл.60. Стоби**. Театар, 6 век. Хејс, *форма 108*, ран 7 век. Мала чинија. Работ е задебеле и извлечен хоризонтално кон надвор, со виско издигната нога. Пречник на раб: 15,8 см, с.височина: 5,1 см. (В.А.С., 1992, сл.382)

к.бр.61. **Т.7/сл.61. Горни сарај, Охрид**. Инв. К-6533. работ на чинијата е зашилен нагоре, ѕидот е заоблен. *Хејс форма 181.* Чинијата според формата ја вбројуваме во оваа категорија според Хејс, иако тоа е категорија каде садовите се со печена глазура само од едната страна. Составот на глината и изработката укажуваат дека е имитација. Пречник на раб: 18 см. Овие чинии се датирани во втора половина на 2 - прва половина на 3 век. (М.О.Т.)

## Доцноримска Ц грнчарија / Фокејанска

к.бр.62. **Т.8/сл.62. Стоби**. Епископска базилика, доцноримски период. Хејс *форма 1 А*, доцен 4 - ран 5 век. (В.А.С., 1992, сл.394)

